IV.

2183

# 1944 - 1945

лента 4 - страна 63
лента 5 - страна 75

ГОВОРИТЕЛИ

Ангелевски Ангеле 68, 126
Ангелевски Живко 102, 149
Ангелевски Митре 15, 125, 137
Балаловски Ламбе 151
Богоевска Љуба 144
Булаковски Алексо 145, 160
Галиба Кире 121
Гачевски Вите 43, 90, 134, 148
Димитровски Круме 81, 89, 138, 154
Ивановски Владо 4, 11
Јовановски Крсте 153
Јовковски Јовко 5, 22, 39, 58, 86, 89, 103, 117, 132, 162
Карапалевски Кире 155
Мамушлари Муарем 12, 112, 142
Манчевски Киме 50, 56, 93, 142, 161
Нанковски Кицо 18, 157
Наумовски Јордан 16, 99
Наумовски Никола 122
Недановски Никола 55, 61, 104
НЕПОЗНАТ 116
НЕПОЗНАТ 121
Нечовски Пецо 75
Нонковски Кицо 33, 77, 117
Пановски Крсте 34, 136
Петре од Ресен 29
Пецалевски Јонче 1, 97, 165
Ристовски Ефтим 104
Симовски Христо 54
Соколовски Крсте 108, 124
Стефановски Живко 10, 12, 37, 51, 89, 128
Стефановски Мите 45, 103, 73, 122, 147
Тасевски Атанас 63
Темелковски Лазо 25
Темелковски Панде 49
Трандовска Стоја 70, 163
Трповски Дилко 31, 52, 62, 105
Шушевска Гена 37, 91, 110

Пецалевски, предложи работно претседателство во состав од: Владо Ивановски, Ѓорѓи Танковски, Кице Ивановски. Јовко Јовковски и Живко Стефановски.

Понатака,Пецалевски,додека работното претседателство го зазема местото, го информира собирот дека на денешниот работен состанок присуствуваат претставници на општествено-политичките организации, Собранието и Изврмниот совет. Потоа, во името на Претседателството и во лично име ги поздравувам сиcте присутни на собиров.

Како што е познато овој Собир е IV по ред, одделни другари кои што не се бираа на последниот собир, со два-три ббора сакам да објаснам.

Првиот собир е одржан за меѓу двете светски војни со материјали прибрани од тоа време.

Вториот собир е одржан за 1941-1942 година и

Третиот собир е одржан за 1943 година.

жОвој е четврти по ред ваков собир затоа напоменувам,со оглед на тоа што има нови луѓе, којшто на тие претходни собири не беа присутни а се помлади во познавањето на проблемите којшто се појавувале во вфемето на народно-ослбводителната војна.

На овој собир, воведно излагање ќе поднесе Ѓорѓи Танковски.

Ѓорѓи Танковски, изнесе. Во согласност со концепцијата на Комисијата за мемоарска граѓа при Општинскиот одбор на Боречката организација во,Ресен и периодизацијата на Хронологијата на настаните од народн ослободителната војна и Револуцијата во Преспа, еве не во четврти пат како се собираме на еден ваков собир со претензии на автентичност, веродостојност и издржан научно-методлошки пат и приод за да го утврдиме времето,ксодржината и значењето на настаните што во Преспа се случиле во виорот на големата ослободителна војна и Револуција. Настаните за кој ќе стане збор денес, а по потреба и утре се однесуваат за 1944-1945 година до 15 мај, всушност до конечното ослободување на цела Југолсавија и триумфалниот крај на Народно-ослободителната војна.

/

Преспа во1944 година изобилува со бурни настани. Тоа е време кога народно-ослободителната бојна во Македонија прераснува во општонародно востание и кога секое катче во нашата татковина се ангажира и го дава својот удел во антифашистичката и ослободителна војна и Револуција. Во Преспа во тоа време се случуваат настани политички и воени кои по своето значење имаат општомакедонско и пошироко значење.

Единиците на народно-ослободителната војскавво Преспе аводат борби против бугарската фашистичка окупаторска војска се до капитулацијата на фашистичка Германија на 9 септември 1944 година кога кај Подмочани беа поразени и принудени на бегство , кога 5.500 бугарски војници дозволија срамно да бидат разоружани од германците во Битола како нивни докрај верни сојузници.

Во Преспа престојуваат и водат борбени дејства против германските војски: II, V и VII бригада на Народноослободителната војска на Македонија. Овде пстојува Вториот обрастен комитет на Комунистичкааа партија на Македонија. Се обновуваработата на Околискиот комитет на Комунистичката партија и на СКОЈ. Расте мрежата на партиските организации и нивното членство. Се формираат нови народноослободителни одбори како органи на народната власт. Оособено е забележителна дејноста на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија, Народноослободителниот фронт и антифашистичкиот фронт на жените. Мошне значајна е и улогата на центрите заинформирање, базите за прифаќање на големиот прилив на нови борци и формирањето на нови единици на Народноослободителната бојска на овој терен. За одбележување е формирањето на команда на место , на воено место во позадината.. Работата на партизанската болница, првите училишта на мајчин јазик, масовната доброволна мобилизација, масовните акции за собирање храна и други потреби за единиците на народноослободителнатавојска односно единиците на Југословенската народна армија..

Сето тоа е мошне видливо, мошне значајно, како што е значајно и вашето учество во тие настани. После бегството од Скопскиот и Битолскиот окупаторски затвор во Преспа се вклучуваат и го даваат својот натамошен придонес за ослободителното и револуционерно дело и политичките затвореници по потекло од овој крај. Доаѓа до конечното ослободување

на Преспа, Потоа Преспанци како припадници на 7-та бригада и други нами воени единици учествуваа во борбите за ослободување на Западна Македонија А во 1943 година на Сремскиот фронт и завршните борби. Така до 15 мај 1945 година кога е ослободена цела Југолсавија. Сето тоа како учество и придонес на Преспа во народноослободителната војна и Револуцијата може да се потврди со мноштво и имиња, бројки и документи, а притоа не смеат ea се заборават и деловите на Преспа што сега се наоѓаат на власт и во состав на Грција и Албанија, тоа е нашиот долг.

На сето ова во последната верзија на на хронологијата и' се посветни 144 хронолошки единици од кои само една се однесува за 1945 година. Секако овде не се вброени вашите прилози доставени по писмен пат. Меѓутоа, треба да се има предвид дека ќе има селектирање, односно ќе отпаднат оние хронолошки единици кои претставуват дуплирање или триплирање за еден ист настан. Во хронологијата ќе треба да си најдат свое место и вашите прилози на нашиот дводневен собир. Се' о д вашето кажување што ќе претставува нов прилог, ново сознание изнесено со несебичност, со објективност, критичност особено ако биде поткрепено со документација ќе мора да најде свое место . Вистината за настаните во Преспа од времето на народно-ослободителната војна и надополнувањата за тие настани можат само да го зголемат нивното зн ачење. Оттаму и заклучокот дека вашето учество на собиров и вашиот несебичен придонес може и претставува драгоценен прилог за историјата на Преспа, Македонија и пошироко во целосното расфетлување на настаните од времето нао слободителната војна и Револуцијата.

Хронологијата за 1945 година речиси нема забележано настани. Оттаму нужноста собиров да даде свој прилог за времето до крајот на ослободителната војна. Само да потсетиме, мнозина преспанци учествуваат во завршните воени операции на Сремскиот фронт и низ боиштата низ Славонија и други во низа борбени подвизи. Преспа даде истакнати партиски старешинитарииини. Органите на народната власт, на СКОЈ, Партијата, НОВ и фронт и другите општествено-политички организации во последните месеци на 1944 и првите месеци на 1945 година пројавија извонредно и голема значајна активност и донесоа мошне важни одлуки во организираните напори

под паролата "се' за фронтот, се' за победата" и во јакнење на народната власт, во лечење на раните од војната, во борбата за храна итн. Интересно е да се каже за составот на тие органи и тела за времето на извршените активности и донесените одлуки за нивната содржина. Така, нашиов собир можеме да го завршиме со целосен успех. Притоа, искуството од претходните три собири може многу да ни помогне, да бидеме порационални, а со тоа и поефикасни, да нема повторување на она што веќе е кажано, да се каже она што ќе значи исправка на погрешно кажаното или запишаното, да се каже, да се изврши дополнување или да се каже ново до сега непознато. Притоа е нужна меѓусебна толеранција и поддршка со ново и аргументи.

Вие кои во Големата ослободителна војна и Револуција, во цветот на вашата младост со крвта, со раните, со страдањата и борбите ги пишувавте дел од страниците на новата македонска историја и учествувавте во ѕидањето на темелите на новата заедничка и рамноправна југолсовенска држава, едни на воjните полиња, други во позадината, трети во фашистичките затвори,како борци, раководители, активисти и овој пат ќе го дадете својот придонес. Да кажете се' што знаете а треба да се запише за да може високо да се вреднува и да се помни. Кажете им на оние на кои им го подаривте слободното сонце над слободната татковина за кој ја извојувавте иднината. Кажете им на младите како беше дека беше тешко, дека бевте млади за многу нешта неискусни и природно е да се правеа грешки и да имаме пропусти. Над сето тоа стоеше љубовта спрема идејата, класта, партијата и Тито што беа во челните редови. Стоеше неискажана љубов спрема слободата и татковината. Кажете им уште еднаш, уште многу пати на младите вредностите и придобивките од Големата борбба за да ги знаат, да се гордеат со нив и да ги чуваат. Оставете завет таков за вечност.

Владо Иванoновски, изнесе дека по слушањето на Јонче Пецалевски потоа излагањето на Ѓорѓи Танковски, имаме некоја усталена пракса од претходните собири на каков начин тежи изведувањето на оваа работа. . Напомна при земањето на збор на секој дискутант да го најави своето име и презиме. Исто така, при зборувањето на дискутатнтот да не се вмешува друг при зборувањето . Ова овде што ќе го кажеме и ова овде што ќе се снима ќе остане трајно и запишано на хартија, а целта нама заедничка тоа напишано да биде што поквалитетно и поразбирливо. Се придржувам

и се слагам да се зборува стварно за она, за оние настани во кои директо учествувале настани. и за она што е напишно во хронолошките единици и што не му достига, односно да се надополни со податоци, али првенствено со објективни податоци. Исто така може да се дискутира како може да се подобри квалитетот и содржината во хронологијата .

Јовко Во потсетникот кој ни беше доставен пред неколку дена и што во него треба да се опфати во почетокот станува збор за таа воено-политичка ситуација во 1944 година тоа би можело само како вовед зада би се наблегло во сите тие активности и проблеми што беа присутни. Уште кога за 1943 година расправавме рековиме да веднаш со окупирањето на на делот на Преспа што беше тоа и на италијаните сега и на бугарите, бугарскиот окупатор веднаш презеде многу острри репресеивни мерки према голем број наши учесници во НОБ што беа, беа испохапсени и други симпатизери со други заплашувања на населението, така што, во ноември со другарот Живко префрливме на овој терен, тешко и наши активисти кои беа исплашени и не прифаќаа да се активност вклучат, викам таква една тешка атмосфера беше создадена. За тоа доста придонесе по мое мислење и релативно ослабените врски со овој терен бидејќи до капитулацијата на Италија тука делуваме групата на што беше одвоена од Одредот "Даме Груев" и тоа беше се' во ред. Меѓутоа, после тоа да речам до 1944 година врските ни беа многу мали. Во два наврата ми се чини другарот Живко беше дојден не со тоа да обновува и такви активности, него со конкретни задачи, па тоа не беше доволно да сите овие наши активисти држани во курс да бидат инсуирани итн. тоа сигурно поинаква ситуацијатаа ќе беше во однос на активноста.

Така да повторно во декември месец кога другарот Живко навраќа иди овде на бугарска територија, почнува поново, со еден прилично голем напор да се обновуваат постојните врски тоа беше еден од првите задачи којшто беа поставени пред Околискиот комитет тогаш, да се обноват сите врски што ги имавме порано со тиете активисти, да се создадат и опфатат нови луѓе кои сакаат да работат за НОБ, така да би рекол првите два-три месеци декември, јануари, февруари беше период на воспоставување на сите тие врски со поголемиот број на села и опфаќање на поголем број на други активисти кои подоцна во текот на април, мај итн. послужија како

/

база за формирање на партиски организации за формирање на народно-ослободителни одбори. Со тоа не значи дека во овој период не беа формирани партиски организацииво јануари февруари, другарот Живко таму делува во половината на декември, префрли на овој терен, Јас бев на младински конгрес, после тоа во средината на јануари и јас се префрлив и јас се вклучив во едно две-три недели заедно со него а после тоа на Дубојски терен за минав. Али во овој период кога говорам веќе претходно Живко имаме воспоставено во повеќе села врски, било непосредно со писма или слично. со преку нами луѓе кои контактираа и со писма и со друг начин со прамања нами активисти во село заради поврзување. Така да и во овој период ние имавме формирано неколку партиски организации, али таму каде што имавме стари активнисти проверени кои ги знаевме добро таму беа формирани и народноослободителни одбори. Живко ќе каже нешто повеќе, јас доколку се сечавам, со него заедно бевме во Евла и тогаш беше формирана партиска организација. Ние на една размена и овде стои во белешките негде оти во март е формирана партиската организација како што стои во хронолошките единици. Меѓутоа, и Живко проверуваше во некои книги што ги има и вчера по пат кога идевме кажа дека на 29 јануари во Евла е формирана таа партиска организација во кои беа другарите Крсте Јоноевски, Панде Кашшик, Борис Ќазо и Михајло Јосифовски. Ние исто тогаш во зима беше-голем снег од Евла право во Дупени ојидовме и туак исто така беа веќе уште од порано опфатени Гога Чуранчевски и тука беше Корун Чучулчевски, незнам дали тогаш Јонче беше опфатен или пред тоа и формирана е Партиска организација и тука. Исто така и во Покрвеник е формирана партиска организација во тој период бидејќи ги имавме врло активни и Танас Грнецо кој претставуваше за тој терен-немаше нешто што тој да не изврши задаток, тука беа и овие, незнам дали тогаш или или нешто подоцна е формирано во Покрвеник тоа го оставаме во резерва. Танас беше пред тоа, али ~~хххх~~ ги примивме Јонче Јамата можда и во народноослободителниот одбор опфативме.(Можда Живко ќе надополни и нешто поодредено ќе каже). Исто тука и во Перово веќее формирано, али во февруари. Исто така во Подмочани беше формирана партиска организација веќе Живко ја имаме формирано, ние исто така после со него минавме, и во Претор дали тогаш го обновивме оној народноослободителен одбор кога Гога беше.

/

Сакам да кажам дека веќе во овој период е извршена една многу значајна работа која потаму ја олесни целата активност во еден поозбилен пробив помироко во Преспа во создавање на партиски организации и на народноослободителни одбори и на скоевски организации. Морам да кажам да во овој период исто така во некои места ги формиравме и тие младински активи и скоевски. Тука во Покрвеник беа една група од Владе на Мавро, па Мите Ристевски, Корун, тука беа и овие другарки Цвета и Здравка имаме и други али по своја активност. Во Царев Двор исто така беше обновена една поголема скоевска група младинци тука се и Клунка и Лубин тогаш беа опфатени покрај Кицо кога беше примен во Партија Кичо на 6 јануари. Али која група исто тука делуваме во Подмочани можда најјака група која тука во подмочани беше младинска во состав покрај овие сестрите Милева, Гога тогаш беше примен во партија, али он исто така беше младинец, Милан Шумев тука беше, Вите Гацовски, Санде Иваноновски, Никола Шумевски, Живка Зацевска. Имаме една поголема група која во текот на јануари-февруари се и март се ширеше понатаму. Така да во тој период се формирани, добро и за претор таму имаме некое ширење. Во Претор кој тој народноослободител одбор кој порано беше формиран беа Никодин Паргоговски, Драган Петрески Леци и Тасе јас ги знам, Алексо Ставревски и Тасе веројатно стои и во реконструкцијата.

Сакам една работа да укажам таму стои во една хронолошка единица од извештајот на Трајче Груевски дека по СКОЈ нема ништо, дека поради лабавост и неодговорност. Тука сакам да се констатира можеби имало такви работи, али во овој случај не можеме да има оти фактички Живко се префрли во декември, јас во јануари, а извештајот на Трајче Груевски го пиши на 21 декември, каде фактички не сме можеле во тоа време да таму на бугарска територија создадеме преку ноќ скоевски организации во повеќе места. Не се работи за овој случај, можда после да зборуваме да има и лабавост и неодговорност и сл. Ова сакам да се има во вид.

Сакам еден момент да истакнам можда е начелоно за после да се има еден поцелосен увид9 кога ќе ги гледаме овие извештаи, говориме прво извештаите што се дадени колку партијци , колку народноослободителни одбори има формирано итн. треба да се земе да се тоа делимични извештаи

/

час има од Живко, час има од мене и сл. и тоа не е сумирано така се јавува значи да се има тоа во вид. Второ, ми се чини јас реков и во укажувањата истакнав: формиран народноосблодотелен одбор, формирана партиска организација, во едно исто село во текот на една иста година 3-4 пари формирано. Не станува тука збор, тука се и погрешни формулации. Може да стане збор за обновена активност на народноослободителниот одбор или партиската организација, може да стане збор за реорганизација, може да стане збор за проширување, за примање на нови итн. Така да во тоа треба да се види во други места да се има сетоа тоа во вид при разработувањето на тие фронолошки единици понатаму..

И уште една работа сакам да изнесам. Ако човек ги гледа - за мене еден извештај незнам од кога е: вика во 10 партиски организации ил колку 16 партијци се примени во цела Преспа и по тоа вака изледа дека не е потполн извештајот. Друго, морам да кажам дека тогаш многу строги критериумите беа за прием. Можам да речам доста секташки во некоја рака, каде примаме еден, па два три и некаде четворица да имаме примерно, тоа е едно, второ, околу нив ние ништо помалку со активност со 2-3 некаде 5-6 и повеќе случаеви луѓе кои незаостанувaа по активност, а очигледно не беа. Ние не гледаме дали е во народноослободителен одбор, дали е член на партија или во СКОЈ, а ние имавме дефакто сегде една поголема група на активисти со еден извесен број на симпатизери кои беа активно вклучени, значи како можеме 15 души, а со 15 души како можевме да излеземa масовно во покрет итн. со такво делување или во тие народноослободителни одбори.

Еве да земам пример со АФЖ - со жени. Ние просто жени како да не регистриравме пошто немавме некоја организирана форма, ако земеме ние имавме секаде врло активна вклучени жени кои покрај тоа што месеа леб со фурни за партизани, којшто не переа, којшто плетеа, којшто пренесувaа писма итн. , меѓутоа ние тоа не го прикажуваме овдека како на една фактичка активност која била и во најголем број случаи тоа беа жени пред се од фамилиите каде што беа излезени во партизани, или родбински кај добар дел поврзани, али сето тоа беше извонредно активно вклучено. Мислам во пишењето на хронологијата и пристапот да не ја сужаваме неправилно, нереално целата таа основа активност која била присутна во

Преспа. Еве толку сакав да изнесам во врска со ова.

Живко Стефановски. Кратко сакам да изнесам за ова со Јовко, а покасно кога ќе настани потреба по другиве прашања ќе дискутираме.

Во врска она Јовко што го рече за жени имам список на жени активисти и истиот ќе го предадам за да послужи при изготвувањето на хронологијата.

Исто така за реконструкцијата што е, значи јас го кажувам и во мои искажувања и она што го рече Јовко формирање, пример го земам Претор на народноослободителен одбор, значи во 1944 година фактички тој одбор по име и презиме Јовко ги спомна и тие стојат кој тој беше формиран уште од 1943 година него само е успоставување во врска со продолжение значи на поставување на задачи на активности што беа.

Ќе нафрлам некои работи за јануари по дати. Значи Јовко спомна ноември декември она што се воспоставува и успоставени врски со оние што претходно беа активни и пред да почнам уше ова би го укажал, да, можда бевме оштри по директивата на Кузман Питу во 1943 година кога ја постави пред Околискиот комитет за излегување во партизани цел Комитет исите оние симпатизери, Оние што неизлегоа, викам тука бевме оштри оти кога се повративме ние одма воспоставивме врска со тие сите другари што работеа и 1941, 1942, 1943 година итн. и не излегоа во пртизани и таа оштрина во однос на прием во членство значи не беа примени како членови на Партијата, него беа ипак активни во секој случај и како члеництвото на Партијата. Од нив некои беа како членови на народноослободителни одбори итн. во тој смисол тука имаме една активност не да почнува од ново туку воспоставување на врска, сите тие другари беа активирани и работеа.

Јас на 6 јануари ја обновив Партиската организација во село Царев Двор и тука се спомнати во хронологијата и да не ги спомнувам Кицо Нонковски и овие другите другари таму, на 8.I одржан е состанок во с. Горно Перово, обновена е Партиската организација и беа присутни поранешните членови на КП од Долно Перово. На 11.I во село Дрмени обавен е разговор со поранешните активисти Јосиф и Наце и е поставена задача да припремаат состанок со другата група преку реката другарите Танас, Панде, Гоме и други. После некој ден одржав состанок и со тие таму.

/

На 14 и 15.I во Подмочани е одржан состанок со селскиот народноослободителен одбор и со група активисти-младинци да не ги споменувам по име, тука Јовко ги спомна и во хронологијата се наведени значи сите тие младинци и активисти. На 21.I с.Евла во куќата на Панде Камшиковски одржан е состанок со повеќе групи на симпатизери поединечно и меѓу други на кое беме поставена задача да се зајакни врската со Болно кое постоеме со другарот Киме Манчевски. На 29.I во с.Горно Дупени формирана е Партиска организација за кое зборуваме Јовко, а истовремено тогаш повторено е и во Евла, значи формирана е таа Партиска организација. На 1.II во с. Курбиново во куќата на Андрија Јанковски формиран е нов селски народноосободителен одбор, бидејќи оној народноослободителен одбор што беме формиран 1943 година другарите излегоа во партизани Трајан, Христо и других и Славе, значи тука е формиран нов народноослободителен одбор во с.Курбиново, во куќата на Андрија Јанковски. На 9.II одржан е состанок со селскиот народноослободителен одбор во Претор за кое зборуваме Јовко, а тој одбор исто така, поштоеме уште во 1943 година кога го формиравме од другарите што се спомнати, исто така во тој момент повикани се другари од с. Сливница. Во овој момент само е одржан состанок и обновена врската. Сега укажувам дека селскиот народноослободителен одбор во с.Претор од имињата што се тука цитирани формиран е уште во 1943 година тоа негде е во август, а сега овде станува збор за обновување на активноста и останаа сите без промена. И јас во уводот тука укажав дека дека грешка е таму каде што е речено формулацијата, дека тогаш е формиран, меѓутоа тој од 1943 формиран, обновена е активноста во тоа време со сите тие членовви што се тука посебни во тоа. Укажав, за разлика од Претор во Курбиново е извршено на ново формирање, затоа што оние што беа од 1943 година излегоа во партизани, значи меѓувреме моравме да формираме друг народно ослободителен одбор.

<u>Владо Ивановски.</u> Му предложи на Живко да достави наново нов материјал од искажаното односно да се види активноста, бидејќи ова што е тука, тоа е и така во ЦК се заведени сите датуми на активностите. Што значи да имаме дополнителен материјал.

/

Понатаму, Живко изнесе:

Значи, повово реков на 9.II повово е одржан состанок со народноослободителен одбор во Претор и успоставена е врската со Сливница преку Борис Наумовски, Стево и други. На 16.II обавен е разговор во село Грнчари, со група активисти македонци и турци којшто се наведени во самата хронологија. На 20.II с. Долна Бела Црква одржан е состанок со селскиот народноослободителен одбор за кое Никола ќе укаже пред това и за тоа за што беа одржани тие состаноци.

И овде сега една корекција на 1, 2 април формиран е Општински комитет на КПМ во куќата на Киме Кевилфвски во с.Горно Перово за Општина Царев Двор во состав на Јонче Цветковски-секретар, Киме Кевиловски,Танас Недановски и НиколаВодоловски-член. Кога викам овдека, треба да стои исправка: треба да стои Општински, а таму во документацијата негде стои Реонски. Значи се побркува со оној поранешниот реонски или дддруги затоа што тогаш почнуваме ние да формираме општински комитети каде што покасно ќе зборуваме каде се формирани општински комитети во Подмочанска општина и во Љубанска општина, во Јанковска општина, во Ресен итн. Значи под името треба да стои Општински комитети.

Муарем Мамушлари од Горна Бела Црква. Јас додека другарите тука дискутираат Јовко и другарот Живко, па и мене ме натерува некако да и јас се вклучам кон дискусијата нивна, односно да излагам она што и тука.

Она што го кажаа другарит до април месец 1944 година тоа е точно и со моето доаѓаве од Егејска Македонија, односно од Албанскиот партизански баталјон Фоад Бабани, во Одредот "Гоце Делчев" во село Винани, ова до сега не го имам кажано никаде, со една група раководители на Околискиот комитет за Корча и мојот комесар Музафер Сапо, кои имаа за задача да се состанат со ракооводството на Одредот во село Винани, а тоа било и од порано со тие врски - тие состаноци ги одржувале заради онаа континуирана врска на територијата албанска,грчка итн.. На овој состанок беше присутен другарот Деан Ѓорѓиевски-Киро како делегат на Главниот штаб, Коле Канински, како командир-командант на Одредот, Алексо Бусалевски (во март месец) 1944 година) и Пенко Здравковски. После извесно врем јас таму во Одредот се вклучив, ме викна Пенко Здравковски ми рече дека одиме за Преспа, така и другарите се сложија и една вечер се префрливме

/

на албанска територија во с.Горица, а по неколку дена во април ми се чини беше, се враќаше Прва Македонско-Косовска бригада за Караорман и ја испративме на граница. По неколку дена Пенко одлучи да се префрлиме ваму во Ломје, она што стана збор и на минатиот состанок кај групата на Дивко Трповски. Другарот Пенко со стигнувањето таму, по два-три дена пуште до другарите Јовко и другарот Живко и другарот Панде Толевски да дојдат во Ломје, и тоа бидна. Но после тоа бидејчи другарот Панде Долевски по задача беше во своето село Покрвеник, слеговме ноќно време во 12 часот, односно скоро 12 часот беше, се сеќавам добро кај кладенчето меѓу Волкодери-Покрвеник и тука првпат добив задаток со другарот Панде да ме поврзи со село Лавци.

Одве во село Лавци веќе поомнаа другаите ми сечини, кога појдовме ние врската ја знаеше друфарот Панде и ние одма вторaта вечер тоа беше тука при крајот на април месец ние не одржавме состанок со постоеќиот формиран народноослободителен одбор, ами да кажам како митинг во куќа затворена али и сите присуствуваа и се сеќавам тогаш, еве има и во материјалите, само се дополна народноослободителниот одбор, не да се расформира, се дополна со помлади другари - пишува во материјалите, и се сеќавам за жал јас имам за многу села после тоа оформени мировен совет на тој собирм формирана е и народна милиција-односно доброволна милиција која одржуваше јавен ред и мир или набљудување, бидејќи окупаторот тука беше и потоа успешно се одржа митинг-состанок и ми ја даде уште врската во Дрмени кај Панде не му го знам презимето, тој е умрен-покоен е сега и оттаму бев задолжен да ги посетам тие села каде што не беа воспоставени врски погoтово со народностите, албанската и турската народност.

Во оваа акција постигнав да воспоставам врски со Горна Бела Црква-родното место, Козјак, Долна Бела Црква-таму имаше една врска после таа врска ми е препорачана на друго место, ќе кажам каде, Грнчари и Арфати. Во Крани немаше пристап, од познати причини, таму бораеше чета на Муса Крани,. Јовко знам дека имаше некои врски, а јас не успеав таму, и Наколец неуспеав. Кога сум тука, јас пак ќе го речам тоа што другарите напомнаа каква беше ситуацијата за ова време. Веќе тогаш бугарскиот окупатор и последната крвава свадба ја употребе во Преспа-убиството

/

во Брајчино на Крстин Премости. Алексо Јанкуловски таму неколку пати рани доби. Јонче Малинајдовски во Шрбово ова сето го зборувам за 1944 г. зборувам. Па тоа беше и во село Крани оној гркот убиен, кај Цурковци во Претор и во село Подмочани покојниот татко на Живко Стефановски .

Тешко можеме, јас ги правдам другарите што порано биле и активноста ја спроведувале на Партијата итн., меѓутоа тешко беше. Јас имав една прилика, Панде не е тука, вториот пат кога отидов кај татко ми да го посетам и само не прими толку колку што разговаравме, ми рече дека вчера ме викна полицијата итн. и ние немавме каде и боравевме ние во едно место многу тешко скоро цел ден ниту вода ниту леб и така се вративме со Панде. Ова е друг пат.

Е, сега во овие села каде што јас ги посетив, навистина не беа посетени, немаше можност, али симпатијата кон народноослободителната војна беше на висок степен. Да речам за Козјак, јас таму учев школа за бивша Југославија. Кај двајцата браќа Изет и Шефки Иповски тие ме примија со големо задоволство така да ми овозможија и формирав една група младинци од 6-7 дуќи и за едно 4-5 дена после моето враќање од Долна Бел Црква тие готови беа да излезат во партизани. Меѓутоа, еден се појави колебливец и денеска-утре и така се до конечното ослободување на Преспа се приклучија сите кон нашите војски.

Друго, сакам да речам дека одзивот на овие граѓани на преспани во тоа време и ако што имаше тука-таму сепак она прошлоста, успеавме да во дадениот момент кога требаше се вклучија сите. Сега да кажам, бугарит успеаја и една провала во Лавци од 12-13 души ги уапсија за кој јас, другарите Пенко ме викна и ми рече да се повлечам од теренот (кон крајот на месец мај), така да јас пак се вратив во Одредот "Гоце Делчев" во Грчка територија и таму добив еден задаток (ова ќе го кажам како Партијата внимаваше на во тоа време). Добив еден задаток од Деан, дали тие се знаеа преку оние војните вежби за време на бивша Југославија тој разбра дека Бајрам Исмаили се најдува во село Ѕвезда, да биде повикан, јас да го повикам и да разговарам за да се вклучи во народноослободителната војна, бидејќи тој припаѓаше во оваа група на Муса Крани, оли за тоа му кажав на другарите тогаш, не му дадовме некое такво место и тој се повлече така демонстративно и живееше така неутрален во во тоа село и јас кога г

/

викнав, односно тие ми обезбедија да дојди да се состаниме и тн.тој прифати, разговаравме и ги запознајв другарите. Добивам повторен задаток преку Маркова нога-преку грчка територија да се прфрлам со задаток во село Арвати. Во Арвати кон мене се приклучи, односно ми го дадоа и Ибраим Кафмаку, потекло е од Дубанско, али Битола живее инаку е од Битола. Така да станавме двајца другари и отаму реков да се прфрлиме пак на во Ломје и кога се прфрливме во Ломје пак воспоставивме врска со другарите во Ломје, тогаш знам несакајќи ми заглаве пушката па после донесе од Прељубје Милан Пушка - мишка една и при излегувањето патронот од пушката експлодира на човекот и ден денес едниот прст му го нема итн. Повторно сетне добивме задаток, тоа беше крајот на јули. Добивме задаток сите другари на чело со овие другари што беа порано. Бидејќи станаа и убиства некаде провали итн. и ние што ги имавме најдобрите куќи што работеа да му ставиме на знање и лично да дојдиме да не познаваат, вратите да ни ги отвораат, оти уште полицијата на одреден начин не провоцираше.

Преспава беше пак окупирана од теренци, позадинци, политички работници и некаде кај 24 август односно на 23 август, ова ќе го оставам за сетне кога ќе дојдеме во месец август со дискусијата. Инаку ова го зб руван до месе јули 1944 година.

Митре Ангеловски. од с.Брајчино. Во декември по завршувањето на Младинскиот конгрес во Фуштани составот на баталјонот "Стив Наумов" кој беше на тој терен во Егејска Македонија имаме акција, напад на бугарскиот участак на с.Коњско - Гевгелиско таму падна една жртва Живко Гелевски од Асамати. После тоа батальонот "Стив Наумов" имаме друга акција во борба со германската колона која идеше на Пајак планина према аеродромот кој го имавме на тој терен. Таа борба беше разбирна групата и и без жртви победата беше на наша страна. После тоа се формираа придружници на Главниот штаб на Македонија и членови на Врховниот штаб на енглеската емисија по распodела на бригадите, требаше нашиот баталјон "Христо Ботев" за се зафатат во Февруарскиот поход од Кожув за Козјак. Овој терен и овој пат беше доста тежок, имавме судрување со бугарските единици , де што го поминавме во Егејска Македонија беше одбро организиран од позади-

/

ната со храна, со сместај, со престој, али со преминувањето на бугарската територија во Македонија преку планината Беласица, Огражден, Осогово па се до Козјак планина имавме постојани борби на тешкотии, на заседи не пречекуваа, имаме нови жртви тука. Борбата кај Пехљане - Конанско, борбата на Истибање тука ги положија животите Цветко Думбовски од Дубојно.

Владо Ивановски, запрашува дали за Преспа има да каже.

Продолжи Митре Ангеловски.

Е, јас не беб во Преспа,со својата единица водев борба таму. Оти преспаните се бореа. Јас ете толку имам, за Преспа немам ништо.

Јордан Наумовски-Калчо. од с.Подмочани. Во Богомилскиот поход февруари Цветко Узуновски како комесар на Главниот штаб на Македонија, Илија Спироски како комесар на еден баталјон од Бригадата во Прва Македонско-Косовка бригада и јас како курир на Главниот штаб учествувавме ние тројца преспани во првата Македонско-Косовска бригада на Богомилскиот поход. Непрекидни борби кои траеа 12 дена и деноноќно на тунелот на Богомила и другите села на една голема заседа бугарска, во заштитницата во која се најдов и јас бугарите успеаја да ни ја пресечат. Кога ни ја пресекоа ние од 60 души излеговме во Кичевско негде во Црвена Вода негде околу половината. Сите не не можеа да го издржат покретот со Павле Брајевиќ - братму на командантот на Петар Брајевиќ беше командант на батальон и тој тука беше со нас. Ние боравевме во Црвена Воода и Песочје извесно време, тука во близина беше и Мајски али не успеавме да фатиме врска со Мајски, али чекавме погодни моменти - јас теренот го знаев како курир на Главниот штаб, стално одев од Караорман па се до Кожув планина познати ми беа патиштата и врските итн. чекавме погоден момент времето да се разубави и да ние што останавме едно 14 дуѓи-партизани Косовари и во нив јас пак требаше да заминеме за Егејска Македонија за Караџова да се придружиме на Бригадата.

Во тоа време на територијата на Дебарца во базата каде што беше Мајски и каде што беа и другите имаше една делегација-висока делегација пристигната од Москва од Русија. Лично имаше испратено делегација Сталин до Тито, а Тито требаше таа делегација преку територијата на Срби-

ја да ја префрли на Козјак планина во Македонија и да се префрли на бугарска територија во состав на бугарските партизани. Али поради тие офанзиви бугарски и германски, таа делегација уместо да се префрли преку Србија, таа замина за Албанија и тоа со големо обезбедување. А од Албанија исто така со големо обезбедување пристигна во базата во Дебарца. И во базата Дебарца чека сега погоден момент да се префрли на територијата на бугарија. Во тоа време меѓу Сталин и Тито телеграмите стално што стана и до каде е делегацијата, а пак Тито на Темпо до каде е делегацијата. Темпо на Брајевиќ на Петре на командантот на Првата Македонско-Косовска бригада до каде е делегацијата стално бараа до каде е делегацијата стасана. Така да делегацијата ја изгуби врската и со Тито и со Коминтерната горе со Сталин.

Во тоа време Петар Брајевиќ командантот на Првата Македонско-Косовска бригада одвои неколку искусни курири: беќе Комиттот, Тунелот, Кочо еден Бојчевски со здадаток да се пробијат во Дебарца да ја бараат делегацијата. Поради голема зима - студ - снегој големи делегацијата не успеја, во првиот да налет да се пробијат али во тоа време Петар Брајевиќ формира една добра група партизани на чело со Кемал Сејфула. И таа делегација пристигна во Преспа и во Преспа сепак времето малку попушти и стигна во Дебарца. Тоа негде беше во март 1944 година. Кога стигна делегацијата ~~ниjax~~ со намите курири и тогаш и ние се приклучивме на таа група и се распоредивме точно тука беше Благој Иванов, тиа беа тројца бугари, а еден беше Мичо Косвар кој исто така беше пратен од Темпо и кој знаеше албански да зборува и како тумач и како обезбедување, тој погина на Куратица во борбата со бугарите кога се враќаше бригадата назад за Дебарца. И ние тргнавме со таа група и стигнавме во Преспа . Кога стигнавме во Преспа јас влегов во Отешево кај Коста стариот, прво дојдовме Покровеник, али Отешево се поврзавме со Коста и Коста дојде таму, ни донесе јадење, правевме муабет, тие направија муабет. На Коста многу му се бендиса муабетот од овој бугаринот што како дојде и како ете македонците се борат, дојде времето и тие да совојат совја држава значи македонска држава во тој вид му зборуваше на Коста и Коста толку беше воодушевен и вака благодарен во сите муабети и отиде дома порача зелници и мед едно

/

грне му донесе горе така да тие другари многу беа благодарни.

Оттука после преку Длабочани, преку езерото се префрливме на Нивици и во Нивици и делегацијата замина понатака, а јас останав во Нивици кој ме задржа Дејан во тоа време.

Сакам да кажам дека низ Преспа овдека на овој нам терен и во Југословенската и во албанската и грчката Преспа самата оваа делегација а да не зборуваме и претходно Бригадата на одење за Грција и на враќање и други партизани така служеме една упориште една база која секогаш сите најдуваа добар прием и добро беа нахранети и обезбедени и испратени со врски, со курири итн. А да не зборувам за она кога беше Благој Талевски кој држеме во базата кои што доаѓаа од Албанија од Грција тука кај него на разговор на разни делегации со кој контактираме стално. Тоа е за поле и кога ќе дојде за капитулацијата на Бугарија пак ќе зборувам.

Панде од село Прељубје. Во пролетта 1944 година јас кажах ќе зборувам, али за покасно.

Киро Понковски, с. Царев Двор. Јас пред се' сакам да додадам уште една карактеристика за овој терен на Преспа под италијанска окупација што беше во врска со карктеристиката која ја изложија и другарот Јовко и Живко и другите другари. Тоа е со оглед на миналите разговори се истакна дека од страна на народностите учеството беше помалко и обухватноста сакам да ја подвлечам оваа карактеристика дека по окупацијата на тој терен од страна на Бугарија имаме помасовно учество и прифаќање исто така и од народности како во групите така исто и како симпатизери помеѓу друго и во самите народноослободителни одбори кои се формираа. Јас ги имам истакнато имината за Царев Двор на другари од турската народност кои кативно учествуваа и затоа сега не сакам да ги повторувам имината, дадени се писмено.

Второ, што сакав да кажамво врска со таа карактеристика тоа е да уште еднаш го подвлечеме прашањето дека во периодот на 1943 година за кое стануваме збор миналиот пат повеќе му беше посветено внимание во тие летни месеци со доаѓањето на Кузман на војната линија на проблемот. Меѓутоа, со формирање на Комитетот и со една поактивна дејност и поврзаност на самиот Комитет за кој зборуваа другарите, тоа што беше укажано

/

дека повеќе посветено е внимание на војната страна на проблемот на формирање на единиците, сега се добива една рамномерност и во таа рамномерност се оди исто така да се надокнади прашањето на формирање на една база од промирување на скоевските групи , обновување и формирање на партиски организации. Е сега, кога се работи за формирање на партиски организации и обновување, тоа треба да биде расчистено во хронологијата да не се сфати дека се тоа повеќе келии, бидејќи некаде се работи за иста келија, али некаде се работи за нова. Примерно, за Царев Двор не се работи за обновување на партиската организација, туку се работи за нови луѓе Затоа што оние членови што беа членови на Комунистичка партија познати се имината и истакнати во материјалот така да тие излегоа во партизани уште 1943 година во јуни, така да овие имина кои се споменуваат за формирање на партиска организација во хронологијата тоа се нови луѓе, тоа е нова партиска организација, а со нивно излегување не постои партиска организација туку по овие месеци по капитулација на Италија се обновуваат скоевските групи и оние младински што беа. Тоа е едно.

Второ, сакам да истакнам и да образложам едно прашање дека на самиот состанок со формирање на партиската организација на 6 . I 1944 година во Царев Двор, партиската организација на тој состанок во присуст на Живко расправме за многу актуелни прашања од политичката ситуација во самото село. И во таа расправа ние сметавме и се прифатија тие нами предлози на тројцата другари членови на Партијата дека Тале Комито во Царев Двор претставува една значајна пречка и дека на страната на окупаторот и дека се обидува да врши одредено влијание и да собира луѓе околу него итн.. Падна договор и одлука на Партиската организација да една партизанска патрола да се одреди, да се изврши атентат на Тале, а да организацијата за тој атентат ја преземе партиската организација од Царев Двор. Овој е Царедвдворечанецот Тале, а оној другиот Подмочанецотз е убиен порано.

По извесно време бевме обавестени од другарот Живко дека тој предлог на Партиската организација се прифаќа и дека е одредена група која ќе треба да дојде во Царев Двор и да се изврши атентатот. Кога бевме обавестени за тоа Партиската организација во март направи втор догово како сега да ја организира работата дека договорот на партиската органи-

/

зација треба сега да се реализира.Иво тој однос определивме ден, тој ден беме - точно датум незнам и не можам да определам, али тоа март, секогаш во март паѓа религиозниот обичај"поклади" (прочка што му викаат Кога Тале требаше да оди во една куќа и да излегува оддома и ги определивме конкретните задачи, меѓусебе ги определивме кој каква улога треба да игра во тоа. Се договоривме јас и Никола Бодоводски да ја преземеме групата од Покрвеник да ја донесеме во Царев Двор а исто така се договоривме кај треба да биде сместена. Во тој договор каде треба да биде сместена групата се определивме да таа биде сместена кај другарот Љубин Поповски кој беше член на СКОЈ уште од порано а со оглед дека Тале комито беше комшија на другарот Никола. Никола исто така доби задаток да го следи кога ќе излезе оддома, да може да го обавести Љубин, а Љубин другарите определени да го извршат тој акт.

Со другарот Никола не знаевме која ќе биде групата, со другарот Никола одејќи по Покрвеник кој од порано ги знаевме уствари определената група беа другарот Танас Комитот и другрот Лазе Темелковски. Заедно четворицата од Покрвеник ноќта допатувавме во Царев двор. Уште при идењето другарот Трајан ги позна стапалките од Ефтим Бодозовски и Баздро кој исто така беше во партизани викаат дека и тие имат слезено надолу.

Со доаѓањето во Царев Двор другарите се запознаа со околината околу куќата и отидовме на самата куќа на Тале комитот на пенџерина. Трајан или Лазе не се сеќавам кој предложи да ја завршиме вечерва работата, не мораме за утре да останувавме со оглед дека од пенџерето посматрајќи внатре утврдивме дека Тале седи за стол тму, али исто се најдуваа кај нив поголема група кои калапат тутун. И оттука падна договор дека ако се врши атентатот тука низ пенџере можат исто така да загинат и други од групата на самата маса каде што седеасите заедно. И оттука, се одустана од тоа и другарите се сместија кај другарот Љубин Поповски каде што беше утврдено. .

Сабајлето уште од рано другарот Никола не обавести дека он не е за тоа и дека треба да се изврши атентатот. Сакавме заеднички да расчистиме кои се причините за да не се извршува атентатот. Образложението

/

беше тоа дојдени се тука Ефтим Бодозовски и Живко Котевски, а да истакнам дека одма и другарот Ефтим Бодозовски-покојни тој е заедно во една куќа со Никола и одма до Талета тука и дома беше дојден, исто така, а Живко од другата страна, али малку поодалечено. Плашејќи се они да не се изврши блокада бидејќи се врши атентат и плашејќи се за својата судбина извршиле притисок на другарот Никола да не се врши атенаатот.

Овде да образложам, они оти не сакаа да се врши атаентат на Тале како непријател итн., тука нема дискусија и не треба да станува никаков збор, него имајќи ги во предвид околностите дека тие се најдуваат тука и незнам која беше причината на нивното доаѓање, меѓутоа да истакнам они дојдоа во Царев Двор без обавестување на Партиската организација без да се знае. Покасно јас имав контакти со Живко, со Баздро не се видов, на Живко нозете му беа потечени и викаше дека не може да пешачи и дека е болен. Еве ова сакав д а го образложам затоа што материјалот како што е истакнато, тоа треба да се исправи истадкува дека и Ефтим и Живко дошле за истата работа. Не е образложено и може погрешно да се сфати а устрари они си беа засебно, они сами си дојдоа без да имаат врска со Партиската организација и без врска со тоа што ние организиравме.

Со оглед на тоа што не се заврши работата тогаш, падна нов договор - атентатот да се врши одма после една недела на религиозниот празник Тодоровден кој го славеја во Дупени.

Минатиот кажав јас нешто за тоа али во друг контекст. Науме Роџе кој на извесен начин го имаа обухватено во кругот на Тале Комито од друга страна соработуваше исто така со одредени другари во Дупени. Комбинацијата беше направена тој претходно да го покани на гости во Дупени и да ни обавести не нас - туку со нас врска држеше со партиската организација дали ќе прифати или не ќе прифати покана за да може да се пристапи кон извршување на задатокот. Бевме обавестени дека ја прифатил поканата да оди во Дупени и во тој случај лично јас сам со оглед дека овие задачи беа малку пореметени, отидов за Покрвеник и истата група, истите другари до пред село Дупени заедно појдовме и после сами си отидоа во селото каде што беше одредено да се појде, али не отиде на гости во Дупени и покрај тоа што ја прифати поканата.

Дали Науме играше двојна улога или што беше случајот, можам да тврдам тоа дека Науме соработуваше со нас и покрај тоа што беше на страната на Тале, а зашто не отиде овој не можам да тврдам. Еве толку сакав да образложам за ова, со оглед дека минатиот пат се постави како прашање да се образложи пс можда има и други сеќавања од други другари па да се заокружи тоа и да се надополни. Овие се моите сеќавања, еве вакви се.

Јовко Јовковски. Јас во почетокот на февруари заминав на подрачјето на Долна Преспа тоа е бивша Љубојнска општина. Со оглед да ова подрачје беше последно окупирано негде првите дена 5-6 ноември 1943 година и да настанаа некои настани таму кои се специфични, јас би укажал на некои моменти кои се значајни за понатаму за активностите што се збиднуваа на тој терен. Веднаш по окупацијата на тоа подрачје бугарите како и во овој дел на Преспа во септември 194_3_ год. извршија веднаш масовни хапсења а во текот на ноември и стрелање на околу 30-тина колку имаше албанци од Крани и од овие другите места балисти и тогаш беше и таткоми стрелан. Пред тоа имаше доста една голема група уапсени така д сето тоа создаде една посебна ситуација на страв со тој настап на тој терен. Овде во текот на јануари беа стрелани и 7 младинци од Грција а исто така дали во јануари или во февруари беше убиен и Методија од Бито партизан со златни заби, и тогаш златните заби му ги истргааа губарите. Тоа е кај Љубојно-на тој терен.к Јас за тој терен говорам и за егејчина фа таму. Кажувам дека сите тие моменти посебно имаа одраз на делувањет за даље на активностите.

Второ, бидејќи тоа подрачје беше гранично и тука беа од друга та страна и нами единици тоа претсавуваше некое посебно, односно посе бен режим бладееше, по секое село имаше најмалку по една јатка јединица или бугарска или војска или полиција, така тоа се гледа и од хронолошка та единица 671 на страна 162 - тачно е кажано во ситеx села а во некои дури во кои се најдуваа кај Брајчино, Калојзана уште Думени, Дупенски манастир, Маркова нога и училиштето Дупени итн., така да имаше исто вли јание. Овде исто така имаше едно експонирано една прилично јака експони рана група на непријатели кои делуваа на тој терен посебно во Љубојно

/

почев од Алексо и Владо Туџаровски, Гоче Шерденковски, Стојан Лембов, па од Брајчино имаше еден-двајца од Сливница, кои беа изразито вака активни да не ги вклучувам и некои други кои ги имаше. И уште еден момен кој посебно создаваше темкотии за делување тоа беше бегствата во текот на октомври при мобилизацијата на слободната територија на 80-тина души од Брајчино и 100-тина души од Љубојно на бугарска територија создаваше една многу нејасна ситуација со нивното враќање кој со какви односи се со бугарите. Тоа е прилично масово и оттука налагаше една многу голема претпазливост. Со други зборови кроз сето ова веше своевидно змијско гнездо да речам во тој период. Ево во такви услови и во февруари, односно почетокот на февруари јас таму се пребацив и морам да кажам покреј сето тоа првиот контакт што го имав со другарите во Штрбово, прво таму наидов зра бра наши активисти Народноослободителниот одбор кој го имавме уште од 1943 година, морам да кажам дека без иваков поговор од срце луѓето се прифатија да се даље уклучат во сите тие активности и како што се гледа, да не ги повторувам тие работи од реконструкцијата каде што јас имам излагано и Петре Абаџија има за тоа посебно искажувано, таму веќе се создава едно прилично јадро големо на активисти од кој овде само да укажам во втората половина на февруари веќе се примени во Партија Јонче Малинајдовски, Крсте Паноовски и Коле Љасковски, а во мает е Петре Абаџиевски и Пандо Малинајдовски оти оти Петре тврди таму сите да се примени во март месец, во два наврати примањето во партија е извршено, тоа во Штрбово наведувам. Тогаш тука се се формира уште една поголема група. Петре ги наведува цел список колку се сеќавам со реконструкцијата од 15-16 души тука, кои соработуваат со нашите, инаку нов одбор не формиравме, ами активирање на тој одбор. И тука се формира еден прилично добар актив на младинци и на жени. Од младинци тука влегуваат покрај Спасе Марковски, Митре Малинајдовски, влегува братму и сестраму на Петре Рабаџиовски, влегува Миланка и Коле Гроздановски, тука не можам да се сетам дали пропуштив некој. Тука значи една прилична група од младинци од кои првите двајца се скоевци. (Во разговор со други се установува дека бил Тодор Рабаџиеовски и Коле на Германа Петров добро). Тука беше исто еден многу изразито активен актив на жени почнувајќи од овие кај Малинајдовци Славка

Малинајдова, Мара Малинајдова, Пандојца незнам како се вика,се вика Стоја. Па тука е овој на Крсте женаму и на Спиро, кога беше кога не опколија бугарите на Шрбово кај црквата дојде да ни јави оваа Спиројца тогаш незнам дали со Крстејца заедно, па женаму на Петре, така да имаме една група од 7-8 жени многу активни исто во Штрбово формирана. Благодарение на оваа група од Штрбово, ние во Крани релативно широко продревм и тука се формира и партиска група март од тројца, тука се Марчето и преку ними продираме па во текот на февруари се создава јадро и во Крани а после во март се овие примени. И народноослободителен одбор во април е формиран во Крани, но ми се чини во хронологијата се наведени луѓето но беше во дилема дали е формиран или не е формиран или требаше да се формира и кога се формира јас одма се повлеков од тој терен.

Во Љубојно исто така се формира една група од тогашни активисти, таму во хронологијата се наведени, една група од 3-4 се примени во крајот на февруари и во почетокот на март, а другите во во текот на април во Партија. Народноослободителни одбори не формиравме, постоеше стариот, али на него не се ослонавме оти некои не беа доволно поради нивно пасивизирање и тоа беше подоцна на Св.Кирил и Методиј упаднав, но овие се плашеа да му пријдат на Митре Газиовски, мислев како доста авторитетен човек да го прифатиме како за претседател на нов одбор и упаднав кај него, меѓутоа до вечерта го добив писмото од Пенко Здравковски да се повлекувам веднаш оти провалата и на овој терен тече, а фактички ноќта беа извршени убиствата.

Потоа покушав да воспоставам врски со Дупени. Во Дупени со Стрезо Ангелевски се поврзав преку Митре Марковски, меѓутоа Стрезо рече дека стално мора да се пријавува кај војската дека е под строга контрола таму во Дупени о откажа и не можеше да се прифати.Имаме други постави кои во 1943 година излегоа во партизани, бугарчето Васил, меѓутоа со него не ми беше јасна ситуацијата и Стојан Стојановски од тие постари тој беше затвор, женаму прилично погрдно против партизаните зборуваше па не ни е јасна ситуацијата дали фолира пред бугарите за да замаскира, или е во некој однос со бугарите, али за тоа Алексо Јанкуловски веќе имаме некои луѓе преку кои прибираме извесна помош во Дупени.Е, сега за Дупени

можда треба да се провери во тој период , али имаа врски нашите другари преку граница поради тоа што имаме наши што се прффрлаа во Дупени таму тоа да се види, затоа што не сакам да бидам категоричен али ималео и нек кои други активности.

Со Брајчино најнејасна ми беше ситуацијата поради бегствата и свеж така да таму и не покушав да воспоставам врски во тој периодхпред ослободувањетака да речам. Во Сливница некојаврска имаме Живко, јас покушав преку некои роднини кои ме одбија и на тоа се задржа таму.

Е, сега би рекол за напорите кои покушававме кај албанското население односно таа оценка за албанското население. Ние посебно бевме заинтересирани да тука се вклучи и албанското население. Имав контакти, тука беше прифатен во Крани Исљам Бекташ, меѓутоа преку него нрш не продревме повеќе. Во Арвати покушав дали Џики или Сервет незнам кој бе тие имаме два=тројца брака со некој од ними контактираа, другарите од Штрбово знаат, меѓутоа и тие изкамаах резервираност и сега кога тоа го размислувам веројатно на нив имаше сигурно одраз она убиство на триесетина души под Штрбово балисти што беа се очекоа со Муса и опште со бугарите и затоа тие имаа еден прилично резервисан став и мудро чекање да видиме што ќе биде натака. Од прилика ако така можам да ја оценам ситуацијата со Крани и Јадар, тука во Крани исто така имаме двајца младинци покрај Васил Димовски и овој Спиро Несторовски каде што одев и како илегалец контактирав како младинци тие да ги кажам, Шрбово го кажав. Еве од прилика тоа е што сакав да кажам.

<u>Темелковски Лазо,</u> од с.Покрвеник. Јас мислам да оваа дискусија ние што дискутираме тука ми се чини дека не сне објективни како што треба да бидеме, односно како што било, било тоа во датуми кажување, било тоа во организација, било тоа во настани којшто се случувале и ред други работи. Зборувам за јануари-февруари а можда ке зафатам и за други месеци.

Со повлекувањето на Бригадата во 1943 година од Караорман за Грција треба да знаеме дека во Преспа се сторе вакум каде што народот сметаше дека Бригадата-партизаните се избркани од Македонија, претерани се во Грција, барем зборува за ова каде што врвеме ние на наш терен,

ова Западна Преспа. За таа работа се сторе и кога партизаните беа и некои позадинци кои беа тука на тој терен во тоа време ги немаме јануари и февруари, ги немаме. ЗА да се поправи ситуацијата за да му докажемена теренот дека не е баш така да партизаните пропаднале, беше одлучено Дејан, Дишко Одредот беше во Нивици, Пенко беше одредено да ние извршиме една акција во Преспа за да докажеме дека партизаните уште се живи.
За таа цел бев одреден јас, не Комиттот оти тука се спомна комитетот него Трајан Гелера и Јонче од Дрновско, албанце од Албанска Преспа-македонец. Со чамец ние од Нивици тргнавме во февруари, излеговме меѓу Фиркан и Покрвеник на Прогон се вика едно место ни донесоа рибари од Нивици двајца. Со веза како што рече другарот Кицо ние отидовме право Царев Двор после еден ден или два, главно отидовме 10, 15 или 20 беше главно зима беше јака. Отидовме Царев Двор и Љубин на Поповски не пречека, може и Кицо да беше, не се сеќавам за таа рабоа, можда беше и Никола, можда беа и други, али Љубина го знам и се сеќавам бидејќи кај него отидовме во Плевната. Право ние отидовме кај куќата на Тале, кај Тале во куќата имаме повеќе луѓе собрани-калапеа ~~нижеа~~ тутун, тој на чело беше седнант имаме повеќе луѓе, ние го видовме низ пенџера и му викаме ќе влеземе внатре и ќе го отепаме како што е во ќошот како што рече Кицо, ама тој рече дека од надвор ќе го отепаме (една поправка за тутунот калапеа е не нижеа)
Рекоа другарите да влеземе внатре ќе отепаме некое дете ќе направиме нешто поголемо, ами утредента Тале оди секој ден на кафе, ќе ви кажеме вам, ќе ве сместиме некаде и ќе го пречекаме на улица и ќе го отепаме. На ова се сложивме и рековме добро. Ние имаме едни мантили пелерини италијански, шмајзерите под мантилите не ни ќе ни познаат на улица денски да го отепаме. Отидовме ние во Плевната на Поповци, седевме цел ден. Никој не дојде да ни кажи дали Тале излезе да го отепаме или не. Никој не дојде ручек да донесе - јадење цел ден. Другата вечер чекаме, а Љубин вика ќе дојди началникот од Ресен кој со пајтон идел па двајцата да ги отепаме и на тоа се сложивме. И тоа не бидна пак не дојда да ни кажат. Ние седиме в плевна. Слава му на Панде Попот, тој беше тогаш дома. Едно време му кажал Љупчо или не му кажал незнам што направил. Главно дојде и од плевната ме зеде за кај него дома. Вечеравме и како што рекоа дру-

гарите не можеме тука да се отепа, ќе го отепате во Дупени. Оди тој таму не кај Науме, туку кај Боле Ќуќув кој беме контрам, а и овој одеме со него по селата, рекоа таму ќе го чекате. Ние оџидовме и таму кај Јончета, слава му што умре - учителот. Седовме кај него 7 дена, го чекавме Тале да дојди и да ни кажат кога ќе дојди да го пречекаме на пат, да го чекаме на заседа. Ни од Царев Двор дојде некој, ни од Дупени дојде некој за да кажат дали Тале ќе дојде или нема да дојде. Оттука ние станавме и си отидовме.

Што вика Кицо, пак не се слагам со таа работа дека е било нам ни рекле дека е тука,Баздро и Живко не беа тога тука . Тие беа во Кодерј кај Мимовци, тму ние ги најдовме кога си отидовме од Царев Двор, дали му рекле побргу да не се врши атентат и тие да доиле за тоа, тоа не ми е познато. И ние оттука се вративме назад. Ние незнам преку кој ни кажаа дека Баздро е тука се најдува во Воклодери да го земете и Живко и Танас од Волкодери тројцата беа во борбата се изгубиле и тие се префрлија на оваа страна. Овие отидоа за Албанија, тие се префрлија Преспа. И ние ги зедовме и ги однесовме во единици. Случајот со Тале тој беме.

Мислем дека ова другарот Кицомта го викаже даималео тука некако дека селото ќе го запалеле бугарите или Баздро ќе го фателе или Живко ќе го фателе, јас со Живко зборував и тоа пред 5-6 дена и порано имам зборувано па и сега. Јас вика го имам капимано тоа, ниту сум бил во Царев Двор, тој тврди дека во Царев двор не бил за тоа време кај Никола, ниту пак имам речено дека јас реков да го одложите атентатот да се врши, ако се врши атантато не сум јас будала да седам во Царев Двор ами и јас ќе избегам и ќе си одев на друго место-тоа го зборзва Живко, ако бе ме овдека ќе можеме да го потврди овдека истото.

Друга една работа сакам јас да потсетам во хронологијата има наведено работи кои стварно не се за тоа да ги земеме здрави за готови. Еве, прими на пример во април месец извлекле 30 дуќи од Крушје, пет души се излегле, јас ги носев за Караорман и по име ги знам. Тројцата од нив се загинати во Завој Бигадата кога се повлекуваме и одеме за Караорман, тој вика дека било писано во април и излегле 30 души.

/

Понатаму, се зборува за Дупени 15 души се излезени од Дупени (Тука се вмешува и Ѓорѓи Танковски каде чита за 30 души излезени од с. Крушје) Не, немаме ние во август излезено од Крушје. Имаме другата половина во август и септмеви кога капитулираа бугарите пред септември кога капитулираа бугарите, тогаш имаме доброволна мобилизација не само во Крушје туку и секаде. Имаме доброволно излезени пред тоа од Подмочани поголема група на партизани во април месец, имаме од Ресен Калија, Мачакот и Сандре, имаме од Јанкоец излезено, имаме од Евла излезно една група поголемаод 3-4 во април месец инаку во други места немаме излезено. Во Царев Двор Стреза излезе во арпил, други немаме. За Подмочани реков. Сите овие партизани што се излезени се носени преку базата во Ломје и од Ломје за Караорман или за Грција. И ова да не се сфати излегле од Крушје 30 души, или Живко Јузев формирал скоевска партиска организација во 1943 година. А викаме овде на првите состаноци дека во Крушје немало организација. И сега од каде се наоѓа скоевска организација да се формира од 9 односно 11 души. Така е. Тоа е една работа.

Друго се зборува за некоја провала се извршила како последица од некој активист Ване издал, тоа го има пишано Пенко. Јас сматрам таа провала е настаната од самото излегување на попот, а попот јас го зедов за Караорман и јас го носев и мене ми го фатија попот. За ова јас ќе кажам, а ако не е така другите нека ме корегираат. Тоа беше во јуни месец. И попот ние го зедовме и го донесоа во црквата во ШЦарев Двор до Покрвеник го дојсе, а што го дојсе незнам Пандета. Тој ми пушти Цветко со задаток да го земеме попот од Царев Двор бидејќи се формираме Прва Македонска ударна бригада за да ја благослови попот во Буринци каде што се формираме. Од Покрвеник го зедоа Спиро и Јонче . Попот умте на првата вече ни го фатија. Е сега како е фатен тој не треба да образлагам. Го фатија, го фатија, на заседа ноќе во Лескоец. Истиот кажал кој курири го носат, мене можеби не ме познаваше во Лескоец Охридско. Лескоец Долно е на џаде и оттука врвиме, варници има. Ние ов Велгошти поминавме да префрлиме преку џаде. Јас му викам на Климе да префрлиме преку џаде овдека на Косељ, оведека под Косељ ќе поминеме за Сиурла ќе заминеме, не, ми рече дека има едно патче овде горе ќе заминемеш по патчево. И по патчето ние одевме

под Лескоец здола, кај варниците сакавме да излеземе, преку џаде пак за Косел. И тогаш на ова место каде што бевме удривме на заседа. Тоа беше меѓу Велгоши и Косел и Љескоец. Попот беше затвор, на бугарите му кажа каде што беше во Лонген во базата, и кажа дирека и кажа забадава, и ги кажа и другиве којшто одеше и ги гледаше, Јама што го зафсе Спира. Спиро и Јамо кога ги зедоа бугарите ги казаа сите Покрвеник кои работеле во фамилијата негова, во фамилијата моја и на другите на сите сеземени затвор. Имеше и од Отешево некои на пример Науме мамината што ја имаше. Тоа сакам да речам дека нека не се зема на дума дека станала провалата од Ванс од Отешево, бидејќи провалата е настаната во врска со попот само од Покрвеник е почната да настани, ги зедоа затвор Јонче и други кажа и така провалата се растури низ цело тоа.

Петре, од Ресен. Јас ќе се задржам на еден настан при крајот на февруари и почетокот на март 1944 година. Сматрам дека овој настан е врло значаен кој дава една слика за активноста на другарите Јовко и Живко и организираноста долу на теренот на Преспа долу за село Штбово, јас поготово и за овие за Крани, Арвати итн.

Чини ми се ние и некини не се доискажавме по прашањето што презедоа бугарите со неговото доаѓање само со два збора за да биде тоа поврзано. Значи, основниот задаток на бугарската окупација и бугарите при доаѓањето тука беше, значи прво да формираат јадра, за бугарските јадра малку стана збор и некни, овие јадрата кои беа формирани и кметови. Ова го потенцирам заќоа што во врска со јадрата тоа кога настана во 1944 година во март во село Штрбово каква беше целта на тие бугарски јадра и што тие направија.. Еден ден при крајот на фебруари или во почетокот на март, Јовко можеби тоа повеќе знае али ми се чини тука беше. Тој беше кај мене заедно со другарите Ноне Од Рајца и Налбато од Битола. Сабајлето во 7 часот доаѓа пандурот, вика: Петре,братот Јордан утре да не биде тука оти ќе дојде полицијата бугарска. И другарот Јовко го имав пренесено заедно со шмајзерот од кај мене бидејќи дење седеме дома, а пак бидејќи доаѓаа дента кај мене луѓе, доста оа дктивисти не сакавме да биде откриено, префрлен беше во плевната. Кога чувке како Јовко така и ние дека бугарите ќе дојдат кај мене се советувавме, тогаш Јовко се префрле и го однесовме во м.з. Присој таму да се склонат тие. За тој случај ни-

кој оттука не знаеме само едино јас му кажав на другарот Крсте после неколку време. Овде се работи за еден настан за една провала кој беме случај да е тоа доста важно затоа нова го наведувам. На другарот Крсте му кажав каде се тие тројцата, тогаш росеме, местото не беме згодно. Потс тоа Крсте ги ондесе во црквата кај нас во Шрбово. Бидејќи црквата е над село горе таму беа тројца и што се деси таму. Во тој момент таму кога беа овие тројцата другари наши партизани Јовко , Налбато и Ноне а овчарчината се најдоа на кметот - внучиња на кметот Спиро Тамовски. За овој случај и нас не ни е јасно, тука е Јовко ќе кажи, дали тој писмо му даде или не му даде али тој е многу важен настан. Ние во Шрбово доста бевме организирани и јадрото ако го имаа бугарите xxxxxxx формирано за борба против партизаните, ние јадрото го имавме присвоено за наше, и секој ден знаевме кој е во тоа јадро таму, имавме прилика вака во овој суштински настан и другарот Јовко одеме иако беме тоа бугарско јадро, таму некогаш да одржи договор со другарите за по некои работи да се договори. Што се случи, бидејќи ние бевме активирани, одма со враќањето на децата-овчарчињата таму му казаа на кметот дека горе дето, има еден шмајзер и партижзани му викаа. И командирот на јадрото, Кметот таму го запалија ова, а организирани бевме и знаевм само јас и Крсте, и на Колета не му кажав, дури и затвор не му кажав, дури сетне и се пазевме, директивата беме такува и од другарот другарот Јовко така не имаме искалено какво држење да имаме во затворот, како треба да се однесуваме, она што треба да не го знае некој нема да го знае и тоа нас многу ни припогна. После тоа што да правиме ние. Ние пуштивме наши луѓе да му раскажат, а Кметот одма еден пушти во Крани на участокот и други во војничкиот учестак долу имаме и војници и полиција бугарска и ние му кажавме на нашите со тоа да некои вишле партизани за да не биде сигурно и да одиме појавам долу за да не дојдат тие и за 1-2 часа организирани ојдоа полицијата од Крани, од војската 10-12 дуќи, али ние за јадрото знаеме дека е организирано и му кажуваме на Крстета ние, од една страна е пуштаме оваа Спиројца како што нагласи другарот Јовко,да му кажи на другарот Јовко дека вака нстана бидејќи
натана ситуацијата, значи јадрото во целина беме со нас. Ако ние не знаевме и ако не бевме организирани и ако не бевме подготвени во

тој однос, ние кога отидовме заедно со бугарите таму горе и со полицијата му рековме дека тоа да не нема и еве нема, а двајцата избегаа и јадрата беа формирани од бугарите во секое село на долна Преспа. Тие стражарчеја двајца секоја вечер и ние знаеме кои се активисти од јадрото.

Јадрата беа наоружани и секоја вечер дежураа по двајца во селои и тиа при стражарчењето имаа за цел да јават ако се запали снопчето тогаш да дојде полицијата и војската. Меѓутоа со јадрото наше беше сосем друго. Значи ние му дававме супротен правец иако ние знаеме да беше другарот Јовко тука. Тие во тоа време не се убедија да беше Јовко тука, навистина. Бидејќи во јадрото имаме наши луѓе организирани активисти и ако тоа беше бугарско, ние кога отидовме заедно со бугарите горе по Јовк по потера и ние моравме да одиеме и јас бев член на народноослободителен одбор и ние моравме да одиме заедно, меѓутоа ние го знаевме Јовко на која страна е. Тие ние ги убедивме дека не беа партизани и дека сигурно на децата нешто му се случи, а пак ние му велевме дека не веруваме да има партизани и му велевме дека нема партизани ако случајно имаме му велевме тие се сигурно на з.м. Керали на супротната страна, а ние ги видовиме ов каде побегнаа ваму на левата страна заминаа за Арвати и за Крани и тој случај стана успешен. Тие ~~видоа xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx~~ видоа дека нема ништо и така си замина и овој случај стана успешен.

<u>Трпевски Димко</u> од с.Покрвеник.Кога збор уваме за Преспа јас подразбирам за Преспа за овој дел Егејски-македонци каде што живеат и под Албанија каде што живеат македонци и сакав да кажам за Живко што го потсете случајот за Ефтим Баздро и Живко итн. Тоа беше во село Бесвињи бугарите правеа офанзива од сите страни. Ние со одредот бевме во селото заедно споени со грчкиот одред по звани Фичо се викаше Гоче командант му беше и преспавме во селото, после рекоа мештаните дека мирно е итн. Меѓувремено, сабајлето дојде еден извештај да офанзива прават бугарите и сите собрани таму, а ние мораме да се повлечиме од селото, а снег повеќе од метро имаме. Се повлековме горе над селото во една дупка над селото Бесвиње и се повлековме горе на планината во јануари-февруари и гледаме ние голема зима а селото го опкружија со минобацачи, митролези а ние излеговме на ртот и со командантот се договараме, снег голем, овие напаѓаат, излез нема каде да одиме и што да правиме, додека се договара-

ме на Живко му велиме ќе одим на тој терен и ќе се поткачим на дрво и ќе посматрам што прават долу и тн. на Баздра се распоредивме. Тие да посматраат и да јават каква е ситуацијата. Меѓувремено некој минобацач одзгора неколку гранити фрле горе кај овој грчкиот настана паника, Пенко беше со нас и Дејан ~~хххх~~ беше, во снегот голем и се повлековме, реков за сабајле, имавме нови борци, ненаоружани, неискусни дојдени и секаде , бевме голема група и рековме да се повлечиме, овој гркот Гоче рече дека не, тука ќе водиме борба,. Му рековме дека не сме спремни и додека се договараме тие почнаа да идат нагоре по трагите нами во шума голема, долу Преспанско Езеро и ние свртивме кон албанска територија по тој сртот, не не гледаат , фрлат гранити од минобацачи, едни се одвоија кон езерото Преспанско и таму ги изгубија патиштата во голема борба. И сетне кога се собравме сите, пулиме Живко го нема, Баздро го нема, Сандре загина Облакодери, чико Љубо беше стар човек 60-тина години, на Јосива од Брајчино брат Цветко - загинаа во таа борба тука. И ние кога се собравме Дејан , Пенко и ние сите борци останавме гледаме чртврт луѓе немаме. Понатака ододевме кон едно село албанско Врбник и таму не обдена и правиме план. Таму се најадовме, починавме Пенко пет пати падна во снегот, Дејан куцаше се влечкаа и излеговме од тоа селото. Правиме план и со оваа нама Преспа да се фати врска. Дојде парола дека Одредот на Дилко сите изгинаа, жени дома плачат како било, и ние одма направивме план со Пенко, Дејан и одма во Преспа пуштивме патрола да види каква е ситуацијата и да му кажи кој сме живи итн. Пуштивме патрола. Дознавме дека Живко и Баздрата се во Преспа негде во некое село. И сега да се докаже оти сме здрави и живи и Одредот е уште на снага тргнавме да направиме една акција во Покрвеник имаме во Школото 6-7 полицајци-бугари и рековме таму ќе одиме и нами да ги убиеме. Школата наниско беше, нам ни беше познат теренот, во Покрвеник активисти имаме колку сакам да се обавестат и Царев Двор да одиме да ја запалиме архивата на Општината, да фатиме кмет и друго, обавезно таа акција ќе ја направиме и по секоја цена.Така се договоривме и тргнавме по таа акција. Дојдовме над село Глобочани на езеро е баш и уште не дојдени до селото гледаме колона германска како и камион еден или два не се сеќавам туку три беа и од нашата граница се упатуваат кон Корча и рековме овде ќе зафатиме засета, тоа беше планинско место кај Глобочани се

/

одеме нагоре и тука заседа зафативме. И кога дојдоа до нас камионите ние му отворивме оган со намите можности и одма тука залегнаа германците, долу имаме со камења зидано и тука легнаа и еден пушкомитролез што го и- имавме ние да го погоди тој немачкиот митролез и тука ги скина, тие нема- ме од што да пукаат, а пак тука имаме италијани излегоа и викаа миго-ми- го и се предадоа и тука два италијани се предадоа во месец февруари 1944 година. Викам таа акција тука стана успешна, немците ги убивме, италија- ните се предадоа а пак камионот никој не знаеме да го мрдниме лево десно али како аматери го запаливме, одпрема што имаме наседовме, италијаните ги наториивме што се предадоа , а пак Јордан Тасевски отиде кај немецот да му соблекува чизмите, а овој немецот мрдна се очакари и тука со кунда- кот Јордан го доопра, тука му ги собу чевлите и палтото и тој се облече. Оттука тргнавме али не дојдовме во Покрвеник акцијата да ја извршиме, туку се вративме назад и се префрливме кон егејскиот дел. Потоа кога разбраа утредента дојдоа со борни коли, куќа запалија во Глобочани таму, некои затворија. И одма се чу во Преспа да Одредот Преспански на Дилко кого го викаа направил такви и такви акции, уништил ова-она и по извесно време голема група се префрливме во Преспа и по селата државме митинзи. Ете тоа така беше со Живко и со тие акции.

xxx Кицо Нонковски. Јас прво да изразам едно жалење за одредена ~~која беше тука искажана за необјективност.~~ констатација

Прво, во врска осо идењето на групата, уште еднаш сакам да го потврдам и тука е Никола Бодозовски, незнам дали е тука другарот Љубин Поповски не го видов, дека ние со другарот Никола бевме во Покрвеник во куќата на другарката Цвета, таму беа другарите и оттаму ги зедовме, така да не дојдоа сами во Царев Двор. Тоа е едно.

Второ, сакам да истакнам тоа дека лапсус беше спомнато името на другарот Танас Комит, мислев на Трајан и има право и во целиот контекс кога зборував после го споменувам Трајана. И тоаа е тачно и во писаните материјали тоа е така. Според тоа тоа беше така моментален лапсус и пот- полно е тачно ова што вика другарот Лазе.

Потоа, да го истакнам прашањето уште еднаш со другарите Живко и Ефтим со нивниот престој за да не се сфати погрешно, затоа што пред то

исто јас нешто какав. Кои биле причините за идењето на другарите, мене не ми е познато. Познато му е на оние другари кои беа во Одредот за тоа зборуваше другарот Делко. Меѓутоа, да се тврди дека оние не беа во Царев Двор навистина не е во ред.. Тие повеќе дена останаа и другарот Никола Бодозовски дома кај него беа и тој ги занесе за Покрвеник. И уште еднаш истакнувам, тие дојдоа во Царев Двор без врска со партиската организациј и спомнав и уште еднаш споменувам дека после тоа, после не тогаш, јас с имав сретнувано со другарот Живко. На другарот Живко нозете му беа потечени уште еднаш споменувам. Никола ми пренесе тогаш, со Баздро не се видов, на Баздро му беше увото разрането, дали рането незнам, али јас не се сретнав со Баздро. Кога ова го викам не треба да се фрла и уште еднаш го споменувам, не треба да се фрла никаква лага на другарите Живко и Баздро. Тоа го подвлекувам и секаде ќе го подвлекувам. Друго е тоа што секој сме имале вакви или онакви грешки, мељутоа другарот Живко неслучајно е носител на Партизснаки споменица. И кога се одлучувале да му се даде партизанска споменица сите работи се дискутирани. Али да се тврди дека не беа во Царев Двор навистина не е добро.

Во врска со Дупени ние врската ја одржувавме со Живко Стефановски.

(Настана меѓусебна дискусија и на Лазе му одговара Кицо).

Вие бевте таму сместени и за вама исхрана беше одговорен Љубен. Вие бевте во куќата на Љубин - во плевната. Ако не сте добиле храна, али можда сте добиле друго. Ова исто е и со Панде Попов и тоа е тачно. Не треба да се фрла вина врз цела партиска организација што не значи и уште еднаш да кажам. Што незначи дека партиската органиаација или сите ние или сите од нас кој биле идеали ие сме имале и не сме покажувале одредени моменти или колебливост или ова или она - таман работа. Тогаш ќе сне биле над луѓе што се вика и не ќе сме биле луѓе.

<u>Крсте Пановски. с. Ш</u>трбово. Со градењето на Јовка во 1944 г. јануари, за датата не ми е позната, тој дојде една вечер кај покојниот Јончета Малинајдовски , едно утро рано братму на Јончета Малинајдовски снег имаше околу 10 см. бос дојде со радвање дека Јовко дојде, чоекот дури бос дојде и оттгаш ние почнавме со Јовка.

Во февруари ми се чини Јовко требаше да замине за Љубојно, али

имаме снег околу 40 см. Јовко ни рече мене, Јонче Малинајдовски и Петре Рабажиов да го прододиме до негде да му го покажиме патот а тогаш врнеме и снег. Ние го зедовме Јовка и го однесовме до едно место викано "Врбите" и му го покажавме патот, а Јовко тргна понатака за Љубојно, но ни рече утревечер да го чекаме на истото место. Јовко кога ќе речеме во толку часот ќе дојдам мораме да биде тој дојден. Другата вечер ние отидовме на истото место ние чекаме Јовко да дојде, а плус и дента врнеме и вечзрта врнеме . Гледаме Јовко го нема- недојде. Чекавме извесно време и се вративме- дојдовме дома. Сабајлето кога станав без да прашам некого ќе одам во Љубојно да видам што стана со Јовка што не дојде. Прво ќе одам кај дедому Колета Бубутио бидејќи мајкаму на Јовка му е керка нему и тука ќе разберам. Кога отидов кај него сабајлето стариот Коле ја пушти снаму Крстинца кај мајкаму на Јовка. И ете ти ја дојде мајкаму на Јовка ме запфаша што дојдов. Јас му кажав дека Јовка го чекавме сноити недојде да не има некоја пречка нешто. Та ми рече дека ќе оди кај свекрвами и ќе разберам. Отиде таа кај Јовка, се разбра и ми рече дека Јовко рекол да останам кај неја денес а вечер заедно ќе замините со Јовка. И јас одма таму префрлив еден јаз и цел ден седев таму и на вечерта јас излегов малку порано и кај Џајковци во зимниците се подскрив малку и тогаш таман седнав ете ти го Јовко иди. Се поздравивме и тргнавме по една патичка по патот братиски во присој што одеа имаме една патичка. Кога дојдовме до патот Братински сега за преку планина не можевме да пробиеме имаме снег околу 60 см. и повеќе. Ја зедовме патичката за да излеземе на џаде Лебојкоми. Јас напред одев Јовко по мене и кога дојдовме кај Лебојкуми гледам пред мене на 50-тина метра човек. На Јовко му реков дека има луге пред нас. За среќа имаме едно дере и слеговме во дерето здола и во тој момент поминаа 5 мина бугарски војници, но ништо не ни нашкодија ниту свикаа нешто додума поминаа-заминаа. Тоа беше за тогаш.

После Петре нешто пре збораме околу јадрото, односно откривањето на Јовка. Таа вечер јас бев на стражарско место Крез го викаме едно место. Сабајлето дојде Петре и ми кажа кај Јовко со двајца другари дојде и јас одма го напуштив стражарското место, останаа други таму, и ми кажа Петре дека Јовко се најдувал во Присол. Отидов јас кај Јвока, таман отидов во едни смерки беше почна да врни. Што правиме сега, а пак тие двајцата болни беа носеа еден митролез донесен од Албанија беше фатен гер-

мански повреден. Што да правиме сега, му реков дека јас ќе го земам клучот за да влезат во црквата, а во црквата има трем можете да бидете запазени. За храна немаше некој проблем. Јас додека отидов дома за да го земам клучот бидејќи бев тогаш благајник во црквата, другарите слегоа во црквата и кога влегоа под тремот најдоа оган запален од овчарите и една стара жена односно мајка на снаши Спиројца. Јас кога го зедов клучот отидов таму, видов митролезот го имаа ставено на вратето и овие седат внатдре се грејат, деца полно и таа жената, и си реков работата не е арна. Јас ниту се погледнав во другарите јас Јовка како и да не го познавам и право со клучот отклучувам во црквата. Јовко ми вика, другар вратисе малку. Се вратив. Јовко ми вика што дојде ти тука. Јас му реков дека дојдов, утре е недела свеќи нема, па овдека има восак да го земам ќе направам примитивни свеќи за да има. Добро, ми рече, што виде ама да не кажуваш. Му реков: не. Зедов нешто барем колку да видат тие таму што беа присутни и заминав. Колку што слегов едно стотина метра од црквата кога гледам снопчето кај јадрото запалено, а пак деца имаме каршија црквата едно ридче има се вика Крес, викае шумкари, тие децата беа на кметот. Кога видов снопчето запалено и во дворот уште невлезен дома снаши ја сретнав и благодарение таа што беше и му реков на невестата брзо да одиш в црква и на Јовка да му кажиш да бега. И јас отидов право на јадрото. Кога отидов на јадрото го најдов командирот што му беше на јадрото еден Јосиф Диневски и му реков што направи ти. Па ми рече кметот дојде ми рече да запалам. Добро и снопчето ќе го запалиме и едната работа ќе ја сториме и другата ќе му јавиме на оние горе да се повлечат па сетне ќе ја бркаме таа работа. Тоа се стори. Јас и еден Ефтим по мене по една бразда ситгнавме кај авлијата горе, односно снаши му кажа, тие се повлекоја во едно место горе на една стена. Но мене не ми беше сигурно и кога дојдов над авлијата го гледам Јовко седи на една стена простум и се гледа .

Ние поради тоа што активности обавуваме со женами паднавме затвор, комшиите не поткажаа и рекоа опаку дека Крсте ја пушти женаму да му кажи на Јовка не кажаа снаму ами женатаму.. Кажа опаку оној шпионот не кажа дека отиде снаму што ја пуштив јас снаши, ами кажа женатаму. И сега полицијата во Крани маж не зеде мене и жената на погрешно. Во затворот бамка јас, бамка таа. Викнаа на сослушање и му велат дека мажот и призна дека тв пратил да му му кажиш на шумкарите да бегаат. Таа му вик

вика не, кај неа беме јасна работата бидејќи не отиде. Ако беме снами значи ќе испадневме-ќе признаевме. Мене ќе ме викнеа и ќе ми речеа дека женатами признај дека ти си ја пратил да му кажи да бегаат. Јас знаев дека женатами не отиде дека лажат. И едно дваесетина пати не сослушаа и само потписи даваме да не зглемиме во потписот, но додуме не не удрија и не пуштија.

Гена Шумеска с.Подмочани  За конкретниоа настан мене ми се чини и другарот Петре и и другарот Јонче многу се расплинаа во ситници тој што ми рече, јас што му реков и кај отиде и како отиде. Мене ми се чини овој настан е толку важен што во тоа време кога Јовко отааму Јовко предпал во Рајца или престојувал дојде кај нас и кажа дека кога тие се повлекувале слушнале глас од потерата на десно, а овие кога слушнале на десно или на лево незнам како, овие скренале на спротивната страна и умте ноќта Јовко си дојде кај нас за овој незнам кој беме. Важно е тоа што во тоа време таков авторитет стекнаа тој момент борците што беме преувеличено што беме речено 30 борци наоружани со шмајзери, со шубари и се префрлиле, побегнале, се судриле, Јовко кај нас во дворот си седеме а потерата течеме умте за натака. Тоа беме месец април сончев ден Јовко беме надвор излезен. Не само во тој случај Јовко така ги врмеме работите ќе излеземе на среде на средсело и пазареме коњи со ѓупците (ромите) што беа дојдени или ќе си разговараме дури со оној што ние најповеќе се пазевме за некој Славе Глобочки. Зборов ми е да му дадеме важност на настанот каков одзив даде тој момент, се преовеличе, се кажа дека голема група на партизани наоружани, со шубари, со енглеска униформа итн. А и ова што го кажуваме стражарите, овој што ги кажа на групата бугарски соработници Петре, тие беа другари што постоеја и во бивша Југославија селски стражари. Такви ги имаме и во бивша Југославија и имаме во бугарскиот систем дури и после ослободување селски стражари се поставуваа. Зборот ми е, одиме на многу ситници он ми рече ова, јас му реков тоа, жената отиде ваму. Ако одиме така нас ни требат 5 години. Ако треба дака да почниме сите така да кажуваме.

Живко Стефановски.  Само една реченица, не би правел полемика, бидејќи се сите овде присутни и стручните лица имаат документација, али

дали Околиски комитет работал значи декември, јануари, феруари итн. или не работал. И второ, јас тврдам дека од нас никој не е рекол Димко да го објасни дека Живко и Баздро беа дезертирани, него јас како партизани го знаам случајот. Димко го објасни како беа префрлени. Јас поставив врска со ними и ги вклучив пак во Одредот и така зборот за таква работа не смее да се употребува ете затоа, да не зборувам за ликот на Живко кој што ни беше член на војни комитет и активист, и без број работи. Сега преминувам на март месец.

Ако би зборувал во детаљи тоа е долга и широка работа, не сакам да зборувам со оглед на тоа дека таму се' стои. Јас некои работи само ќе ги спомнам иако ни беше нас задачата да работиме на Преспанска околија. И јас и Јовко се договоривме нешто ни фалеше дека немавме врска со комшилук - Охридска околија. Се договоривме да замениме во селата Коњско и Олмани каде што ни помогнаа Танас Недановски и Живко Чачето, значи како цивили и побаравме со нас да дојде и дојде една патрола од Одредот кој дојдоа со нас Трајан и Лазе Гегаракровски Темелковски. Преку снегот се пробивме и повикавме и одржавме во Опомани и Коњско повикавме од таму по некои врски прво Танас го пративме. Одржавме накратко еден состанок и тој состанок вроди плод по 10-15 дена излегоа 15 души пАРтизани оттаму. Овие после тоа излегоа и за имињата не можам да си спомнам, а не со нас што дојдоа. Току за тоа со врските во Охридско. Таму беше Димко, овие двајца Крмјаци, Рувач и други. Тие ни организираа состанок и тие организираа и од оние што останаа она што вика Лазе покасно што излезе една група.

Со оглед да е во хронологијата опишано и од исказот на другарот Нико Тозија и од мои искази и други искази, односно во реконструкцијата не би се задржавал со врската што ја поставивме со Ресен каде што имавме месен комитет на чело со Нико Тозија и уклучен беше Кросте и др. таму опишани се да не ги споменувам. Исто така во ова време си имавме поставено задача да меѓу другото воспоставиме врска со другарите од малцинството конкретно во Дрмени со Бале кои го сметаа и вођа на балистите а овој Живко организиран оjиде во станот кај него и да не зборувам што се разговараме нашироко, ја прифати нашата идеја и оттогаш соработуваме со нас па и после знаат другарите син му беше во времето на ослободувањето и скоевац тавана. Исто така овдека со имина не наведувам ,само како нас-

тан ќе наведам одржан е еден посебен состанок со една група шиптари во село Царев Двор којшто ја прифатија линијата и беа активни до крај за им[...] њата накнадно ќе се доставаат, али ако треба сега ќе ги издиктирам. После тоа, исто време одржав исто така еден состанок-посебен состанок дали е исправно или не е тоа си е друга работа во село Лавци каде што ббеше присутен со цела група за посебенсостанок со овие другите мешано е али посебни состаноци одржав, Вангел беше од овие македонците и Живко со нив една цела група одржав состанок и тие организирано така беше да одржам состанок и со муслимани-турци-шиптари што се таму. Такви состаноци сум одржал и во Бела Црква. За присутните накнадно ќе доставам список на лицата.

Исто така, во тоа време беше важно и другарите го знаат да се одржи еден континуитет во селото Стипона каде таму на чело беше Коле Сипунски го викавме и одржав разговор со сите оти таму се околу 4-5 куќи. Така да после имавме контакти непрекинати-врски и тоа уште од порано во 1942, 1943 и 1944 и тн. значи тој континуитет го одржавме.

За другите состаноци како преееска што ги зборував по дати исто[...] времено и Царев Двор и Покрвеник и Евла значи на сите села вршевме обиколка во текот на месецот некаде еднаш-двапати држевме состаноци со народноослободителни одбори, симпатизери итн. да не одземам во време. Само едно овдека би го потврдил она што рече Лазе во документацијата што е речена значи е стварно за погрешно во однос на Ване од Отешево, затоа што Ване од Отешево нас ни беше еден столб во секое време од 1942 значи сето време и на кој терен јас да бев тој беше со мене во врска така да каде што ќе го повикав на секаде доаѓаше, така да нема основа да се нафрла да тој нешто провалил. Така за овие настани вократко бидејќи има документација напишано.

<u>Јовко Јовковски.</u> Би рекол за периодот март и април е карактеристичен да ние во сите села речиси не потпоно, бидејќи имаме две-три сел[...] на Дубојски дел кој не беа формирани народноослободителни одбори и овие неколку села кај Горна Преспа над Ресен под Бигла, инаку скоро во сите села имавме народноослободителни одбори или било какви наши активисти каде што делуваа наши луѓе. Тоа сакав да го кажам и не само тоа него е тоа период на еден страшен успон на покретот во Преспа, со едно многу

позитивно расположние кај масите за НОБ во тоа придонесе покрај оваа редовна активност и војно-политичката ситуација во целина во светот. Во тоа време се формирани уште еден дел народноослободителни одбори а некаде и еден дел партиски организации каде што немаме формирано така да во овој дел и еден добар дел партиски организации имаме исто така и младински активи. Јас ќе кажам за скоевци. Ние имаме во Претор во текот на март-април формирано еден младински актив тоа е со Крсте Јовановски со две брачди негови Мила и другата незнам како се викаме, потоа Донка на Никодина, па Спиро Нолевски, оној Бојан после се уклучи, Така да точно не се секавам да некои и во ској се примени. Слично и во Езерани во тоа време имавме формирано младински актив во кој беше и братми и сестраму на Јонше Шумевски тука, Славе и Живко и уште некои други што ги имавме. Толку за ова појаснување. За имиња на народноослободителни одбори се дадени во реконструкцијата, ако треба ќе покушаме накнадно даа ди доградиме ако негде фали околу тоа нешто.

Во почетокот на април се врши реорганизација на Околискиот комитет на Партијата. Не е точно она во хронолошката единица што е дадена во 656 хронолошка единица иако таму Живко Стефановски стои и Живко потополно се слага да е грешно извадено и од реконструкцијата. Тогаш настанува измена за секретар на Околиски комитет доаѓа Живко Стефановски, остануваме јас и Панде Толевски во тој комитет и тогаш е примен Јонче Цветковски од Дупени за член на Околиски комитет. Јонче Трповски поради болест и неможност да се поактивно вклучи и движи на оваа територија бугарска ми се чини отпадна и не ни е децидно и не ми е доволно јасно дали Крсте остана или не или со неговото излегување во партизани практично како да му престана понатака во Комитетот не би можел да речам. Али овој е составот на комитетот во овој период од почетокот на април, дали тоа беше кога дојде другарката Вера или нешто пред тоа со писмо беше речено, важно таа реорганизација тогаш беше апроведена.

Тука кога говорев за активи на младинци сакам да кажам дека во Подмочани исто така постоеше еден многу значаен актив на жени изразито и голем и врло активен во кој меѓу другите беше и Веса Дојчиновска дали и Косте и макотје не е во овие активности спомнат и во реконструкцијата. Кире е спомнат на повеќе места, меѓутоа Коста и Веса, ми ше чини еден или

двајцата се носители на Партизански споменици, односно Косте има споменица. Сакав да кажам дека тој не ни е внесен во овие искажувања во реконструкцијата и треба да се има во вид бидејќи исто така беше еден од овие активни другари.

Тука кога говориме во Подмачани беше создаден еден доста поширок актив на луѓе активисти кои делуваа каде што беше стварно столб на Подмочани не само тука туку на цел тој регион Гога Шамевски кој нешто ка ко Танас што ни значеше нас на Покорски терен како што на теренот на Горн Преспа под Бигла, Мајсторче Пандуле, Живко Јузев беа така со изразита активност каде што и Љубојно за пкојни Јонче, Крсте тука и една група овде беа изразитоа тквини во таа категорија луѓе што се истакнуваа. Јас не сакам да кажам да ние имавме тука стварно прекрасни активисти и д

Е, сега околу јадрата. Што се работи. Тоа се уствари бугарите како што и Гена објасни, фактички се тоа некои стражи како во вид на чета и онда со ред стражарат и имаме таму колиба направено каде што и дење и ноќе, ова што ги имаме ние службите за обавестување, известување и тн. тоа кај бугарите. Тоа не беше ни како доброволна, него одреден бр луѓе во таа чета и гие имаа задаток без да дадат тоа. На пример, кога станувашe збор за Штрбово за тоа јадро другарите бараа согласност дали и тие да се таму што поактивно ангажираат и работеа меѓу луѓето и преку тоа јадро пратеа и активности и мерки бугарите што да им даваат да посветат внимание на ова или она. Така да тоа нас ни користеше. Е сега не можам да се сетам дали и во другите села тој дел имаме и незаним дали и во другите имаме. Ете тоа беше карактерот така да не треба да имаме никакви дилеми и зафуни да тоа стоеа на некои бугарски позиции и тн. Ете тоа так како јадра ги викаа таму и тој термин се користеше тогаш.

За нападот на Глобочани - над Глабочани беше речено Одредот што го изврши доста успешен напад, тогаш беше и еден митролез оштетен пр борбите кај отворачот и тогаш повоно беше да дојдат на овој терен Преспата група Ноне од Рајкца, Панде Јовановски од Курбиново и Јога Налбато од Битола да го донесат вшој митролезот оти разбраа дека во Крани има некој добар ковач способен кој може да го поправи тој митролез. Ние покушавме, меѓутоа, не испадна ништо со тоа и немаме таков мајстор со тоа што работи и да го поправи. Тоа не е ковачка работа туку прецизна работа.

И тогаш кога не открија во тоа повлекување бугарите знаеа дека ние имаме митролез и од полицијата во Крани и од стражата беа ангажирано и од војската и од Љубојно имаме цели 30 војници таму сето го имаа блокирано за нас да не фатат. Тоа беше на 1 април имаме горе магла и очекуваа ние да одиме према грчка граница, напротив ние скренавме на овој терен горе над Арвати негде негде над Сливицаш на Сливнички манастир се пробивме натаму. Малку тоа беше повод да уставари тоа малку ја конспирира работата дека на тој терен штом се видат група партизани стојат, потаму бугарите имаа одреден правец поодредено да ја испитуваат таа провала. Оти таа провала тука се бараат узроците, а јас сретнав сега, читајќи ја оваа документација од преписка во едно писмо на Пенко што го пишува во јуни месец ми сечини 5 јуни, наведува следното: "Дека бугарите-оти тој е период кога бугарите пред провалата каде што вршат разни провокации зеќе сета оваа активност беше во текот на март и април не можеме да не се осети и активност колку што сакам ако има акција ако има движење, ако има мироко за НОБ и сето тоа не можеме да не дојде до бугарите. И оттука тие почнуваат да дојдат во прво време до пробив со инсинирања на тоа да се пријавуваат како да е Живко, Јовко или други партизани во куќи кои претпоставуваа сумња и на тој начин да се пробиваат. Така и во Штрбово во писмото пиши и јас првпат ова писмо го сетив, дали Крсте кога отиде таму на Пенко му расправаше оти инсинираа бугарите еден напат на Постот под Штрбово што беше со војска, со агенти инсинираа како напад и сите тие во Штрбово во овие куќи каде што претпоставуваат ае јавуваа како да партизани го нападнале Посто и побарале храна. Е сега тоа како го истакнувам, ја надоврзјвам натака и потоа натака почнува таа потрага што е како е, онда се предава и Ноне од Рајкца, женаму тогаш ја хапсија, и колку се таму тече на овој дел провалата. Таму пак на друг начин е исто со фаќањето на материјали во Дупени во куќата на Илја Божиновски на Јонче Цветковски така и таму почнува да се развива таа работа. Можда нашата е грешка овде во случајов и во Штрбово што благовремено ние озбилно сфативме самиот тој настан требаше да ни биде повод да брзо интервенираме да се повлечат нашите луѓе од тој терен и тогаш бугарите можеда да останат со кратки ракави. Еве толку околу Штрбово и нападот со германците го врзав. Есега

можда треба Живко да кажи така да околу мај - јуни се врмат припреми за АСНОМ и за овие делегати Калче Тозија тоа може да го објасни и Живко.

Вите Гачевски од сл.Крушје. Хронологијата и историјата се пишува реално да ја почитуваат и да ја респектираат и непријателот нам. и душманот и противникот како да го наречеме. Меѓутоа, да се негира нешто што е било, нешто што го дадоа нами борци а повеќето од нив ги нема тоа е жалосно. Сакам тоа да го поврзам со случајот во Крушје.

Не прв пат зборувам предваков скуп се негира Крушје дека посто ло 1943, 1942. Во 1943 година покојниот ми братот Ицо Качовски барајќи врска со Боме кои биле другари од Белград го провалија некој во Царев Двор, го предадоа на бугарите, 6 месеци под истрага од Прељубје во Царев Двор го фатија. Бугарите го држеа 6 месеци но тој многу го знаат каков беше во природа, неоткрија ништо и мораме да го пуштат. Со враќањето некаде на крајот од 1943 година во Крушје тој продолжи да работа . Работава негова се гледа јасно каква била инаку од каде излегле пртизани од тоа што имало сигурно база каде имало организација, каде што Имало партија, СКОЈ. Не можело тоа од Крушје во април месец 6 партизани да излезат, неко да оди да ги земи и да му рече ајде вие сега дојдете. Занчи тука имало постаро нешто организирано. Да не зборувам во 1942 година бугарите мене со Живко Јузев жив е, од раце ме зедоа ме затворија, тоа накнадно писмено ќе го докажеме.

Значи 1944 година во април месец од Крушје требаме поголема група да излезат, меѓутоа, тука знаеме некој кукавичлок покажаа, кај некои домаќините влијаеа, требаме братми натака да остани да организира но тој иннервиран лично тргна со групата и како што знаеме трагично загина кај Завој еден таков революционер. Познавајќи го некој во Завој го издал на бугариве, тој вместо да ги пушти во друга посока, тој ги предал на бугарите, право ги пуштил во постот нивни. Тоа се сторе.

Значи оваа скоевска група во Крушје била и постоела порано. Друга група избегува во јуни месец уште со 4 партизани пак доброволци овие првите се Ице Гачовски-Ангелевски, Маријан беше веќе избеган, братму Мојан Лазаревски , Ице Велјановски, Мите Томоски-Василески, Косте Јурковски-Костовски-Колевски, значи оваа група избега во почетокот на април 1944 година.

Другава група бега во Јуни тоа се Тодорка Трајановска Ризанко-ва од Крумје, Иљо Димоски од Крумје, Кире Стојчевски од Крумје и Живко Костевски. Значи другари, 6 души партизани доброволци бегаат од Крумје кога е постоела организација која стварно работела, а овде има стварно претерано како што чув овдека, оди 30 партизани од Крумје, тоа не е верно, со е грешка, се преудуцирало тука, стварно тоа е претерано. Али пак она што било и она што се работело да се негира.

Прво Скоевската организација во Крумје ја формира Марјан покојни Лазаревски. Марјан ја формира на 1 мај 1942 година во која влегоа Марјан, Јас, ова покојниот Ице што загина со братми ко га го зедов, Бојан Ивановски и Вердин Стерјовски, а Живко Јузев уште беше како симпатизер некако се плашеше ваму-таму а после и тој се вклучи. А партиска организација да ви кажам право незнам дали постоеше, некој актив имаше од постарите членови од Киме Стефановски и Кимета Мишевски, али тие уште не беше како партиска организација, али за овие се сеќавам добро Марјан немавме ској, тој викаше вие сте млади комунисти. А Маријан се сеќавам дека имаше врска со Милан Дунговски од с.Јанковец. Меѓутоа со Милан Дунговски носеќи материјали одовде идејќи од Ресен, тој се наврати кај мене зедоа материјали и незнаев јас во која куќа влгле, али сетне разбрав дека е таа куќа на Милан Думовски. 1942 година пак ќе се впуштам Маријан, овдека кога се фати провалата немаше каде беше провален избега ноќе таткоми го ондесе во Битола со коле, а тие во Крумје претрес прават. Тој со таткому не живееа, не вршеа претрес кај него, туку вршеа и го бараа на други места.

Понатака Јовко знае, негов другар беше сигурно му имаше околу ова работа кажувано како било тоа и што било, Маријан се појави овде тек 1944 година со Јовко. Значи после во Крумје кога погинаа братми - двајца погинаа и тоа Ице Велјановски и Ице Качовски. Во Крумје организацијава некако прпуште младинскава организација, стварно со еден страв, имаше уште неколку фамилии во Крумје што беа со бугарите, беа порано заплашени, меѓутоа тогаш добија некој кураж и рекоа дека квачката на палињата му се изгуби и сега готови се овие.

Јас другари, не треба чо век за себе да зборува, ги собрав скоевците, ја собрав цела младинска организација, поново се формира, заст-

/

танав на чело јас и натака си продолжи да работа скоевската организација. Партискава организација во Крушје, најдобро беме да биде тука Живко Јузевски затоа тој стана секретар на таа Партија, во неа влегоа Живко Јузевски, Киме Степановски и Киме Мишевски тие тројца беа во почетокот, потоа после таткоми го зедоа Борис Качовски и Боже Ивановски. Ми се чини дека таа партиска организација кој како актив порано постоеше ја формира Ѓорѓија Јовановски од Подмочани, колку што се сеќавам дали губам меморија, дали беше така, дали Јовко тука ја формира тука кога беше точно не ми е познато, затоа што да ви речам дека јас член на Партија не бев, ако бев секретар на Скоевската организација, а покасно дојдов овде и член на Околиски СКОЈ, јас не бев член на партија. Човек треба да каже она што е бил.

Е сега, во Крушје веќе во јуни месец и натака кога дојде Јовко тука како и на Маријан брачедми и Ильо Божиновски тие извесно време седеа близу до куќата нама веројатно куќата нама ја знаат беше покрај џаде а позади беше корија - орман. И се сеќавам еднаш со вошки беа полни, ги стрижев тројцата и Маријана, и Јовака, и Илья, имав машина од таткоми, па ги преслековме иако мајками болна, алиштата како сега се сеќавам ги спрострија англиски да се сушат а бугарите кармија гледаат. Значи немаа смелост веќе тука во Крушје бугарите негде да пристапат. Овие што беа неколку фамилии ги неутрализиравме и ним, дури и синовите нивни пристапија со нас и натака веќе во месец јуни почна и се отвори пункт во папраќето, каде беа прифаќани од цела околија борцив за Караорман. Општо хххххххх зборувам за доброволците, а не за мобилизацијата кога дојде после беше масово за селото. На Јовко многу убаво му е познато, ако беше бедно селото опстана, сите беа сплотени, работеа машко женско за таа организација, за таа борба што се водеше.

<u>Стефановски Мите, од Кр</u>ушје. Ние имаме богат материјал доставено од Крушје до историското одделение и сеуште прибираат материјал, нажалост некои работи од порано ги оспоруваат, меѓутоа сега е докажано кој бевме и што бевме. Во материјалот на 23.VI 1964 година што е пратен овде во Ресен практично од тој материјал ако има само 5% отстапање. Исто така некој материјал што од порано го имаме составувано, тој е материјалот, никакво отстапување нема, меѓутоа навистина жалосно е некои работи

/

некогаш како да се померуваат и не се познаваат. Покасно ќе си покажи времето дали било така или не. Ние сме убедени дека намето ќе се потврди.

Во врска со април, можам да речам следното: Вите многу убаво кажа, се слагам. Тука е другарот Димко, тука е другарот Лазе, Ѓорѓи Суљо требаше да биде и Јордан. Дали навистина може некој да тврди дека случајно поминале тие тука, во Крушје навратија и состанок одржаа. Кон средина та во април месец ние го регистриравме ми се чини 17 април, повикани од Ице секретарот наш во куќата на Иља Коцакаровски, на крајот од селото во местото се вика Падина во една длапка одржавме скоевски состанок. Состанокот беше закажан да се одржи во Школото, меѓутоа поради таа безбедностна ситуација што беше отворено и тумбе кај школото, постоеше опасност да се види светлоста од станицата. Бугарите беа тука, здола под школото имаше чета бугарски војници. Во последен момент се префрливме во другиот крај кај Дриља Коцакаревски така да 4-5 од с.Лева Река младинци ни закаснаа не ни дојдоа, а кога дошле кај школото виделе дека не сме таму сметале дека сме провалени и се вратија назад и се исплашиле. Три-четири и по име и презиме дојдоа на тој состнок. На овој состанок бевме негде 16-17, додека дојде групата популарна и многу симпатична наречена од покрвенски партизани како што ни беше речено ние таму пеевме песнички оние што ги знаевме кој секретарот Ице ни ги кажуваше, Врапче шарено, Во Софија поминаа авијони крушки му фрлаа да не дојдат да сторат гјрема да ни фрлат бомба темка итн. Имавме богато знаење за тие песни и други револуционерни песни Групата дојде, Димко влезе и Јордан во одајчето. Одајчето немавме со што да го замрачиме, него разни палта, панталони наклaдовме по тие пенцерите и една многу оскудна ламба газиедна ја запаливме. Зборуваше другарот Димко и другарот Јордан. Ѓорѓи и Лазе надвор обезбедуваа стража, меѓутоа ние и од селото имавме обезбедување на стража од 6-7 дуќи, на селото обезбедување со стража и од активисти и скоевци. Овој факт не е едноставен. Да се состаним во тоа време организирано од секретар на Скоевска организација да се соберим, да се држи еден ваков собир тоа беше голема опасност, бугарите беа уште јаки.

Аналогно на овој заклучок , тука се другарите, навистина имаше на тој состанок колебање кој ќе излезе, кој не ќе излезе. Првпат видов-

/

ме партизани, првпат одиме накако во некоја извесности меѓутоа каков-таков направивме еден список негде околу 16-17 луѓе од Сева Јека и од Крумје да излезат. Така, после испадна дека треба да излезат само 6 души. Да ви кажам дословце, тоа како се деси: во тој список бев јас и Боре Лазаревски братму на Марјана. Кимь нам и покојниот Киме Степановски и покојниот барат на Вите Ангелевски се договорија и ме викна мене и Борета. Слушај рече вака:м ние сега излегуваме, прво, Боре Лазаревски не може да биде трети партизан затоа што од една куќа тројца излегуваат да не направиме катастрофа. Второ, ти рече Ице покојниот останувам овде во тебе имаме големо поверење и најписмен си и ги водим овие читалачки групи, држим состаноци итн. сиот материјал е кај тебе, Вељанчево излегува што ми беме мене како десна рака благајник на организацијата, ти остани за втората група. Јас другари спремен, потполно спремен со се ранец кожни со јадење, пиеве, оружје бидејќи ние бевме снабдени со оружје, кондури и со кебина кои ги крадевме од италијанците кога врвеше таа италијанска дивизија тоа е докажано, кренавме огромен материјал, и сите бевме наоружани да излеземе. Така да целава моја опрема малку му беа тесни на Бојана Лазаревски панталоните, цела моја опрема му ја дадов на Бојана во трапот измеѓу куќата Бајоска и намата куќа. Се преслековме, Бојан замина на моето место и замина момокот Вангел од кај Витата Гацовски, тој беме вла в од Охрид, Крстевски Вангел дупен на десното уво и на мала млку така го викавме, момок беме кај нимм. Тоа е историја како дојде од Битола и на кој начин е кажано и тоа го има во материјалите. Тој беган во Албанија, од Албанија пребацен во Битола, растурал летки, провален, избеган ваму, бараме момок да се глави случајно слегол и така беме главен кај другариве и идење Ице го уфухвате како што знаеме за прифаќање, оти Ице и Маријан беа големи мајстори за политичко придобивање.

Така оваа група на 25 ноќта се поздравивме, се избацивме не сета скоевска организација, него некои тука што бевме 6-7 со другариве заминаа да излегуваат партизани. Меѓутоа практично како дојдовме до неизвесност кој ние не знаевме сега каде одат. Ице не кажуваме и беме многу таен. Така да во пролаз на бригадата од Грција во западнава страна на Преспа на 27 према 28 април некаде се приклучија во таа планина во таа единица. Се приклучија и позната е борабата во Завој каде тие нами храбри

другари загинааи и тоа е убаво опишано и искажано од очевидци како тоа беше све. Меѓутоа, се поставува едно прашање овде вака. Ако Ице не беше организиран, ако Ице не предводеше една ваква политичка акција, ако не беше воспитаник на Марјана, ако Ице не беше потkован уште од Белград и за негово хапшење таму (имаме докази и све), како мож еше Ице да прави вакви некои работи со други зборови, таму викаат да земе луѓе надума итн. Тоа е апсурдно, тоа е незгодна ситуација. Или пак некое тврдење нажалост овде во Ресен дека Крушевската група беше Мачекова група. Прво тој таму незнае кој беше Мачек во Хрватска, второ, тоа е големо понижување за самиот тоа што го вели. Ние докажавме дека сме комунистичка група а не Мачекова група, ние имаме документи и наречито зборува оваа слика, слика насликана на Велигден 1943 година после демонстрцијата и бунтот што го направивме во Кривени, кога бевме поткажани од Јонче Бизовски од село Кривени кој беше браник бугарски, дојдовме сдо судар таму за кривенските девојки со нашата родбинска врска итн. , летките од малчињата ги скрија и не дојде до откривање ништо. На враќање во Кисела вода еваа едната група во две групи скривени. Овде Ице секретарот со доламица направена која му ја соши Кире Ганчевски, со доламица срп и чекан, со тупаниците кренати се знае тоа кој беше кога еден другар држи јајце црвено дека беше велигден 1943 година, со бајраче црвено од малчето на Ицета со бајрак црвено знаме видите тоа е оваа група малку увеличена. Тоа не може да биде Мачекова група, туку оваа е комунистичка група - јака комунистичка група.

Ние со другарите кога се состанавме во куќата кај Коцакаревци бевне многу ошушевлени бидејќи видовме првпат партизани за кој мечтеевме за кој Ице ни зборуваше. Ако Ице 1943 година (на тој собир јас не бев некни, поканата погрешно ми дојде, се извинувам) ако Ице не беше провален во Преспубје 1943 година во мај месец оваа Крушевска група ќе почнеше уште со излегувањето уште во 1943 година. Меѓутоа, провалата на Ицета и издајството од Алексо таму незнам како се викаше, нам ни нанесе голема штета и на покретот во Ресенско. Ице беше затворен во Преслубје, во Царев Двор, од Царев двор малтретиран предаден во истата ноќ во Ресен, скапан од маваење во 1943 година.

Сега се поставува прашање, оваа ситуација која настана во 1944 гадина на наш терен, јас мислам дека не треба јас да зборувам, мислам

другарот Јовко тука е, Пенко Здравковски беше тука, Илија Божиновски беше тука и други партизани. Кој не појде низ онаа крушевска база која беше створена измеѓу Левар Река и Крушје место звано Трлана. Што не појде тука на долу и нагоре. Кој не јаде леб од Крушје, цело село беше како плева кренато, цело село беше кренато и машко и женско. Плицијска станиа Крушје, полицијска станиа Буково, Станица за осмотрување германска над школото, чета бугарска кај Гургуловци кај покојниот сега што умре, стражи селски за кој зборувавте, сега тие стражи се поставија есента 1942 година по селата. До ослободувањето седеше таа стражарница во Крушје према црквата-под црквата здола и на едниот крај и на другиот крај бугарите поставуваа од селаните по еден-двајца со пушки обавезно на вечрта требаше да има со нив или еден полицаец или еден бугарски војник, од тие бугарите што беа во селото. Значи стварно во селото тешко можеше да се движим и во една ваква ситуација да се работи и вакви резултати да се постигнат, мене ми се чини не беше тоа едноставна ствар. А инаку за она излегувањето покано што рече Вите во јуни и август, при крајот на август ние имаме 32 доброволци веќе излезени, сите 28-29 излегоа доброволно во онаа доброволна мобилизација. Па сакав овие работи да се имаат во предивд.

Да ви кажам и дек денес ги чувам прибелешките што ги зборуваше Дилко и Јордан и за источниот фронт за борбата против германците, до каде и до кае ситуацијава и исто така за покретот во Југославија со освр на Србија и на Македонискиот покрет овде во Македонија и ден-денекса ги чувам тие прибелешки. Јас на тие работи просто речено голтав што ќе се речеше.

Темелковски Панде, с.Прељубје. За ова другарот што го рече за Ице што дојде во Прељубје тоа беше Алексо мојот брат. Можда човекот толку разбрал дека ова дете Ицо кога дошло во Прелубје кај Тодета Павловски, тој беше прв работник за комунизмот. Ама кога ќе незнае човек, и тогаш кога дошол тука кај оваа фамилија тоа беше братму на Милана. Таа фимилија беше малку неозбилна и нам ни падна сумливо. А тој Ицо без врска дојде во Прељубје. Ние да знаевме дали е овој пуштен од некаде или можеби тој еагент па како комунист да не превали. И тогаш тој Ицо кај овој Алексо, нас не ни се јави никој. Тој братму вели, а бре јас кој те познава тебе. Ти можиш да си одиш назад од каде што си дошол. И тоа беше

провала. А пак Ицо многу убаво го знам јас. Ако дојдеме направо таму тој требаме некаква врска да донеси. А што стана збор ма март и април, тоа сакам на човекот да му кажам како стана во Прелубје.

И тогаш за во март и арпил Јовко, овој самиот знае, беше Мартинија-звано место Дињко го знае и Лазе тоа место како се вика Мартинија. Имав бам и оган запалено во таа мумата, а овој Јовко бам оравме со Алекс со братми тоа беше во март месец. И тој со гуна дојде во сива завиен ова пред него зборам тој треба да слуша. И рече слушајте, јас дојдов до вас, затоа тој беше Алексо секретар на партијата, а јас му бев заменик негов, ние од 1941 година бевме учесници. И сега многупати му велам На Јовко, а тој ми веле не те познавам, ете пред него зборувам. И во март месец кога дојде ти, ми рече незнам. Можеби има заборавено човекот, незнам И тогаш ми вели мене вечер ќе имаме состанок во Прелубје. Му реко в арно бе итн. Ние одредивме кај Борета Стојковски оти таа крајна куќа е. Таму се собравме, бам имаме и една женска партизанка, а ние не бевме излезени. Беше излезен Милан и Павле Јомевски во партизани од Прелубје. И тогаш во 1943 година одржаа состанок и тогаш Јовко дојд во март месец ~~xxxxxx~~ 1944 година на село. Најповеќе ние одржававме врска со Живко Стефановски од Подмочани тој ете го самиот знај дека тој во Прелубје стално врска имаме. Кога замина одредот за Грција и така малку ја закошнавме работата и стварно некако сумливо работата ни дојде, што е оваа работа, со луѓево врска немаме шо ќе правиме ние. Но ипак ние одржававме некоја врска и после се јавија партизани кога дојдоа од Егејска Македонија ваму и со Живко Стефановски одржувавме врски. Тој на неделата или две недели ќе дојдеме во пролета март-арпил. Работава беше таа и по тој начин што требаше за членарини и друго прибиравме.

<u>Киме Манчев, с.</u> Болно. Ако можи само кратко само два збора. Ако може да ми се даде изузетак за Болно за 1943 година затоа што во Болни ни еден не беше викан овдека, а Болно работеше, беше активно во полно работи, има сведоци, етего Живко беше поврзан со нас, имаме изјави од Ване Ставревски од Евла каде што Болно работеше во тоа време, кога беше најломоо. За 1943 година ако дадете збор, ќе зборам. ако не имам материјал ќе го предадам.

Живко Стефановски _______________ Кратко би рекол дека уз намата работа во 1944 година придонесе и Моарем Малилари кој беше уз Околискиот комитет значи како се вика Срески комитет кој беше доста активен и ни помогна во врска со погоѓово кај малцинството и на другите места.

Во април месец значи една голема група излезе од село Подмочани до колку не се во хронолошката единица ставени имињата, списокот ќе биде предаден овдека кај другарите. Ова време е карактеристично значи март-април до провалата значи до мај што во тоа време покрај оние состаноци што ги држевме со активисти, држевме и пошироки конференции, предавања значи во повеќе села, тоа е карактеристично во Долно Дупени, значи повикавме едно 20-30 дуѓи, значи таму во куќата на Стојан, Во Дупени исто така, односно во Евла повикавме поголеми групи на разговор што некои си мислеа да не се на другата страна, а тие ги вклучивме и работаа со нас. Во Дрмени исто така, , во Царев Двор во март-април така преземавме и пошироко активност така во полвеќе села одржавме конференции.

Треба да се изврши една исправка во хронолошкатаединица 684 1944 година мај 14. Во оваа хронолошка единица стои Нико Тозија. Јас колку се сеќавам а ова е неугодно каде што ќе стои Нико Тозија авторитетлија али бил како пламливец. Оваа констатација е неточна со оглед да Нико Тозија да не зборам тука, има документација. Значи уште на времето е бил на директна врска со мене уште во 1943 година и 1944 година и секретар на Месни комитет итн. значи тоа е грешка. Ова е и таму можда во историската документација да има грешка и при пишувањето добро се сеќавам да јас и Пенко Здравковски се договаравме кои лица ќе бидат претставници од Преспа за АСНОМ. Овдека беше земен во предвид таткому на Нико Тозија Калче, вместо Калче тие го напишале друг. Кога со Пенко рачунајќи сите синови на Калче беа активни и Драги и Нико и Јонче итн. а и тој рачунавме дека има и одреден авторитет иако беше трговец, го рачунавме како домаќин човек авторитетлија затоа го предлагавме, меѓутоа настанаа таа промена.
Тоа треба да се исправи. И неколку збора сакам да кажам, не сакам во детали да одам. Поради тие конференции и активности и све во текотот на мај настана една провала. Во меѓувреме при настанувањето на провалата агентите покушаа да мене и Јовко не фатат живи, а тоа беше пактично покушајот затоа што од Битола доаѓаат агенти и се криеа по пченкни нивје и се претставуваат како да се избегани од Битола и да му далеме обврска

со партизаните. Таа постапка ние ја досетивме и на сите нами организиран му кажавме дека тоа се агенти и не треба да се прифатат, а да му речат ако сте за излеување во партизани да му речат од каде што сте дошле таму да се вратите и обратите и оттаму да си одите во партзани. Меѓу таа провала во тоа време кога не успеаја нас да не фатат живи,значи бугарските окупатори агентите заплашувајќи го населението и да извршат стрелање на нашитатковци-борци-родители, така да меѓу кој и таткото на другарката Стоја која е тука на Кротин а за овие стрелани ќе ви доставам список за полно такви и за таткоми и за другите значи којшто се во тоа.

Во оваа документација и по извештајот на Пенко и други за веме на оваа провалата која настана. кој потекна од кај Дупени, Дрмени итн. јас сум кажувал, евего и Јовко тука, точно е да имаме одредено застрашување али треба да се сфати да е тоа точно да и некои другари аико беа апсени, нашата активност продолжи и не се смали, значи активноста и други некои места успеавме да ја прекратиме профалата со одредени лица којшто излегоја во партизани, тоа беше случајот со Подмочани и овие другиве села и Бела Црква и ред се каде што се зборува читави сати ине треба да се губи во тоа кога постои една писмена документација.

Ипак е тоа карактеристично да некои луѓе кои имаа пушки ние ги имавме обухватено и работаа за нас. Тоа е во Езерани се викаше Мице, бугарите што му дале пушки ги сметаа дека се непријатели а кај тој Мице ние цела група и јас и Јовко и и Панде и други што беа сме седеле. Незгодно а да речам животот му е одземен на Зоранчето од Горно Дупени во материјалот стои и не сакам да опишувам како ние бевме опкружени од бугарите и како успеавме, значи и ни се спаси животот нам значи мене, Јовко, Вера, Дилко и другите таму што Панде и други. Тој го пративме кај командантот на војскаата и му рековме дека сме ние излезени од селото и војската се повлечи и така останавме ние чидави. Ова го потенцирав само заради овие со шумките инаку материјалот постои таму.

Дилко Трпески, од с.Покрвеник. Кога зборуваме за 1944 година ми се чини по самата капитулација на Италија веќе се знае 50% граѓанството, активистите сите имаат сосема друго мислење него додека беше Италија на снага. И ова другарите што го дискутираат стварно тоа е точно, активистите кои беа одредени низ Преспа и за албанскиот и грчкиот терент ра-

ботаа активно, организирано и имаме успех од тоа. Еден момент сакам да подвлечам ми се чини април беше и овој Живко најпосле што рече во 1944 година во една група бев јас, Панде Долевски, Живко Стефановски, за бадав Јордан Тасевски, Јовко Јовковски и другарка Вера Оревчани, отидовме во село Дрмени со цел не само ималео организации оформени, него со цел да бериме храна, престоеме голем број излегување на партизани сега како мобилизација 1944 година пролетта и тн. И отидовме во Дрмени кај еден чове кој не беше опште активен, нити беше мобилизиран нити никако. Тој беше еден другар мој што бевме војска заедно се викаше Јоне Волчевски и внатр му беше куќата. Во Дрмени беше кмет Бале пред што го спомнаа другарите, Мице Таневски беше во Дрмени долгогодишен во бивша Југославија и за време на окупација во Царев Двор беше, ги познаваме скоро сите во Преспа кој е имочен, цел ни беше нас да обезбедиме поголемо жито да снабдиме полни амбари, единици големи престоеја да врват во Преспа и да бидат обезбедени со храна. И ние отидовме во куќата на Јоне Волчевски, звониме, ропаме, а тој нејќеше да отвори. Никогаш не ни беше договорено со него итн. Е, пошто го чу гласот мој јас и тој бевме војска заедно во бивша Југославија, го чу гласот и отворе, ние цела група влеговме во куќата негова. Оттаму дојдаа и кметот и другите направивме списоккој е имучен да даде толку жито итн. тоај план се направи. Оттука тоа траеше до 11, односно до 12 часот ноќја и оттука тргнавме со групата за Горно Дупени. Во Горно Дупени прво одржавме состанок со младинците, ноќја беше не знаевме да има шпион таму и никој не не виде , значи со младинците одржавме договор за да излезат и да работаат и после 12 часот кој каде да преноќуваме. Јас и Јордан Тасевски за бадаваа и Панде Толевски отидовме кај Симовчината кај Кица и Боре враќа беа во куќата нивна , Јовко, Вера Оровчанин, Живко Стефановски кај Јончета училит таму отидоа да преноќат и така ноќта преседовме тука и наутрото во куќата каде што бев јас дојдоа и ни рекоа дека бугарите го окупирале селото, кога гледаме навистина луѓе во шлемови врват во селото поставиле митралези кај чешмата и окупаирано сето село. И ние си рековме: мајката тој непријателот Боре горе чучук ни го дојсоа и кај Живко и кај нас ни го дојсоа, си велиме што го донесоа шпионот тој веројатно ни наказа, а навечерта го пеевме ние а ако случајно тој кажал. Тој ретходната вече ни велеше дека ништо нема и тн.. И сега ако излеземе можда ќе не операт или ќе куртулиме, али куќава ќе ја запалат тука каде

што бевме. Селото ќе се компромитира, сите организации во Преспа ќе се откријат и ќе направиме големо зло и се решивме да останиме. На луѓево му велиме, тука е човекот жив., му велиме каде имате да се засолниме, тие ни рекоа дека имале вѓума горе за козите каде што имале место-трска и отидовме ние тројцата,(а Живко ке кажи за неговата група), отидовме и бомбите ги откопчавме, шмајзерите ги припремавме, ако ни дојдат ќе пукам што ќе не операт и што ќе опериме итн. и тоа така стана. И за среќа бугарите заминаа, кон Лескоец ваму или покрвеник контака и сетне излегоа ови активисти што беа погледа и рекоа дека нема ништо. Али видоа сетне на од кај Ресен идат полицајци и некои други. Некои викаат полицајци од кај Ресен 20 или 15 души полицајци кузне кој и така ние тука декот цел ден го преживеавме и останавме живи и после се повлековме. Сакам да кажам за херојзмот не само жените туку и децата што беа во куќите сите беа хе-рои и не се плашеа знаеа победата чија е и знаеа зашто се бореа. Еве ту-ка е жив Кицо и толку за тој момент.

<u>Христо Симовски.</u> Уште не капитулирано еден месец бугарите Јане од Лавци и Иљо од Избишта ме повкаа планина со тројца други Панде Кртевски Дрија Насиовски и еден друг во викаа не дојде. Тоа беше 1943 година кога доврнивме на гумното со Панга Кртевски. Одев јас да вадам, Панде ми свика и ми рече вака и вака те викаат партизаните. Реков добро ќе одам односно ќе одиме и јас ќе дојдам штом видам дали јазот има вода и ќе дојдам со вас. Ние ќе ги земеме козите таму да ги пасиме да не не сетат италијаните ми рекоа тие. Јас реков ќе ги зберам децата да ги пасат јарињата ќе дојда и ќе ги оставам во капињето долу. Е ова за 1943 годин

По капитулацијата на италијаните еден месец не дојдоа партизаните да земеме да работиме а кога дојдоа ноќја на полнок, луѓето што кажваа овдека. И тука се распоредија за спање, а пак ноќта не блокираа бугарите. Јас кога станав сабајлето, а јас по занает терзија бев-фамилија голема и му зедов од децата по едно веленце и му послав за спиење во шивалната и сабајлето ја палев собата за да не му студи, али тие беа станати. Од сабајлето каде да ги пуштам, планините снег имаа и каде да ги носиме. Си измислив јас, во шумата ќе ги клам кај козите, а сега не можат да излезат никаде и ги проврвме таму во шумата и му реков ќе седит овде, нема да мрдате од овде, и ако дојдат да прегледаат горе нема да се

качат горе, ако се кажат горе знате и што сакате прајте. Сабајлето пулиме со шлемови една касарна војска беме тука околу 400 души. Ама ние имавме претходно договор направено со Јовко во една куќа за да ни го предадат оружјето инаку се осудени на smrt. Тие ни предадоа оружејто али рекоа дека ќе работаат и со нас. Добро ако работата, ама ние не можеме да ви одлучиме да работата. Јас му реков ако ни одлучат јас ќе ги убијам жив а не вие. Му реков ние ќе ги убиеме што сме во селото. И така кога дојдоа бугарите и она што каквавте кога ќе дојде во Дупени да го убиете ама во Дупени тој не дојде тогаш. И што да правиме ние , каде да ги смес тиме луѓето. Го пуштивем Гоа Стојановски да му речи да дојдат во селото, ќе му кажим на Јончета оти сардинасни сме да се спасат Јовко И Живко. Отиде и му кажа, си дојде назад. Потоа му реков да му кажи на контрачетниципта да не се испуштат нешто. Кога отиде тој Борета контрачетникот го имаме викнато на сред село офицерот. Му вели дека има партизани, а овој му веле не бре сите сме бугари. Овој пак му вели ама има. Му вели, ако има на она дрвото обесете ме, претресете бесетеме. Тој го почу него, му даде парола војската се тргна за Лавци отиде. Останавме живи и тие останаа живи и ние останавме живи.

На вечерта сакаа другарите конференција жда држат , јас му реков неодобрувам конференција. Му реков: можи да излезете од селото, војската не е вратена оттаму, можеби ќе се врати поново. Е, видоа тие оти така му кажувам ми рекоа дека еден да не занеси во Дрмени. Го пуштиме Гога Сураноновски ги занесе до Дрмени и останаа живи и другарите и ние, и се спасивме.

<u>Никола Нанчов,Недановски-Мајсторчето од</u> с.Злaтари. Кога дојде прво, дојде прво кај мене Ињо,ова збоpувам за мај 1954 година, и ми го донесе Панде од Прељубје. Значи тогаш дојде Јордан Забадава и Танас од Волкодери беа со него заедно. Таму цела планина ја поминав да ја барам со песната нигде не ни ги најдов. На вечерта од овчарите му го пуштив оној Симе Љока со овците одеме натаму. Тој ги најде, а потоа отидовме на вечерта со Пандета, поправо јас отидов сам а ја пуштив женами да му кажи на Пнадета Ангеле. Овие ги најдов и му однесов јадење, јадоа тука и ќе ги носам кај Шимка. Јас му викам кај Шимка не те носам. Зошто, Шимко мене ме кладе затвор и не можам со него, немам ништо со него, а му

/

викам дека ќе дојди Панде. Панде дојде и тој него таму го однесе. Ние кога отидовме горе кај оружјето близу до селото и Панде прво отиде дома кај Шимка и сете го деде Иља поправо дојде зетму на Шимка заедно со Пандета и оттука го однесоа дома. Така стана и почна покретот во Златари. Сетне дојдоа Јовко, дојде Панде Чедојчин и Живко беше таму и почнавме да работаме. Како прво во селава пуштивме и ние партизани жод 6-7 души добро волци. А плус тоа многу убаво знаат тие дека кога дојдоа Бонците 4 души од Болно јас ги одесов горе. Ноќта преседоа таму, поправо се вратија во Болно и уште нетворица донесоа и се сторија 8 души и оттука ги зедоа и ги однесоа за Крушје и натамака, значи 8 души бонци пуштив. Славе беше на Витета, беше едно Тоде од Наумовски, а другите не ги знам.

За ова можам да кажам тие позадинциве кој беа.

<u>Киме Манчевски, од</u> Болно. Април 1944 година дојд Кицо Апостоловски кој беше и нам симпатизер, беше нашол еден распаднат леш во местото "Јамје" од партизан и денеска јас незнам дали партизан или италијанец беше или што беше. Ме викна мене, отидовме и видовме.Беше од животни разнесено све, никаков документ немаше и никакво оружје. Одела беа италијански, главата настрана, нозете настрана итн. Можда некој знае ако некој загина тоа беше во местото Јамје-Болно. Жив е Кицо Апостоловски и денеска може да го каже.

Друго, април месец 1944 година, макар и 1943 година есента се договаравме за формирање во Болно народноослободителни одбори кои беа и порано формирани а расформирани со провалата, не се согласувавме со некои луѓе кои мене ме имаа викано, Живко и други, дојде Пандушко Толевски и Танас Грнец от. Го најле Кица Апостоловски пак поново со овците и му рекле одма да го викним Кимета Манчевсв да се договориме таму кај некои нивје, кај некое место итн. Ојдовме со Пандушка и со Грнецот се договориме Пандушко настојуваме во народно ослободителниот одбор на Болно да се клај и Калија Ристевски, кој на враќањето со Лазета ние се консултиравме дека Калија малце беше непогоден, небеше некој издајник, али малку беше непогоден и ние не сакавме да го убациме во тој одбор, а Пандушко настојуваме е зет покрвенски ние го познаваме и треба да биде. На крајот се согласивме со Лазета дека и во бугарските одбори му кладовме внатре

како што беше Алексо Булак и други во тие нивни одбори, ќе му клајме и овде, овој незнае до покретот и да дојде до провала, значи нема ние да настрадаме нешто. Се формира одборор на крајот на април на народноослободителен одмор во колибата на Узунка, односно на Ламбејца, цела ноќ Пандушко и одборот од Болно кои беа во одборот бев јас Киме Манчевски, Лазе Апостоловски, беше Кицо Апостоловски, беше Калија Ристевски и Гавре Толевски. Покасно беа во истиот одбор коптирани Вите Ристевски и Пандe Богојовски во тој одбор. Цела ноќ тука правевме план беше задаток даден од Пандушка и од Грнецот покрај други работи реквизиции, еднократни порези земање и што ти не друго беше да се ликвидираат контра четниците . И ние не се слагавме да се одборот од тие луѓе ликвидираат беше на Метан Науме Теметс кој беше со оружје враце и од Боно имаме контрачета формирано. Во таа контрачета покрај Наумета беа: Милан Герасимски. Ламбе Источки, беше Живко Маначевски, беше Ване Наумовски итн. Оние што викаат што беа групи стражи, тие заедно со ними го обезбедуваа Болно за да не влезе некоја единица во Болно итн.

Бидејќи ние не се согласивме да се ликвидираат, времево приближуваме крај, еве Лазе е жив,(има уште од одборот живи) дојдовме до заклучок да му напишиме на Наумета писмо и да го Наумета поврзиме со Пандушка. Празно писменце му дадовмеДимко Манче ги чекавме на орање, кога одеа јас му кажав на Димко Манче, а овој (сва се одвива во април 1944 година каде што седевме на трева пролетта но не можам да кажам кој ден беше) И сега во тоа време истото писменце Димко му го даде на Наумета, а ѓс го пратив Наумета бидејќи блиску седеше до куќата на Наумета, во една куќа во Болно Дали Науме ќе оди со војскава без Јако или сам ќе оди. Науме отиде сам, Пандушко и Грнецот седеа на другата страна и гледаме каде одат оти не отидоа со војска. Другиот ден му дадовме друго писменце преку Драган Сuклевски. Истото писменце му го предадоа утредента на истото место и во исо време да дојдем не бевме во можност да бидеме тука. Другиот ден Науме дојде таму, кога го испративме отиде горе, јас на близку од 8 местра со Танас Грнецо седевме, а Пандушко му излезе кога дојде Науме и му рече што си ти богарин или македонец. Се тресеше, бидејќи се исплашија контрагите кога во Љо Река го убија ваму Златари тој шумарот што беше, тие веќе

спиеја некои на чатија горе во долијата на куќата итн. И му вели што си ти богарин или македонец. Одговори македонец и се треси, ако си македонец зошто се бориш со оружје против нас. Ние сне партизани евети го ммајзерот и уби ме. (За ова Пандушко е жив и може да го потврди). Ние со Гриецот седевме на 10 метра даље. Гриецот го имаме ммајзерот отворено ако има некој со бомба или нешто друго да го стрела сместа. И во тоа време тој се поврза со ПАНДУШКА и му даде писмо да го носи ваму-таму, значи во тоа време контрачетниците во тоа време ја презедоа храната за Болно што идеа илегалци во цела Преспа, тие му носеа храна, тие се поврзаа со Пандушка и со овие нами другари. На НАС остана мобилизацијата, Владе Богоевски беше одговорен на омладиниците за организирање на партизани. Едниот ден првиот му пропадна, вториот пат Владе успеа, значи заминаа Ванко Герасовски, Влад Богоевски Тодорчето-Кире и уште 5-6 дуѓи ги имаме некаде запимано итн. во тоа време заминаа.

За да не дојде некоја поголема компликација одлучивме, Јонче Источки беше затвор, братму со контрашите соработуваме и ние да дојдеме до некој сушпик да братму го стреламе , еден ден Ламбета Источки избега партизан. Што беше задаток на нашио т одбор за цело време што се вршеше априлот-мај 1944 година.

Јовковски Јовко. Ќе наСТОЈУВАМ да не повторувам она што го има во реконструкцијата за Преспаили да исткнам нешто што е позначајно или изоставено.

Прво, во почетокот на мај доаѓа другарот Пенко Здравковски на теренот под бугарска окупација која беше и оттогаш цело време настанува речиси, а од јуни месец повторно се враќа па цело време длува тука заедно со Околискиот комитет и сигурно неговото присуство драгоцено и помошта во натамошните активности.

Друго, Околу мајската провала. Мислам дека во овие хронолошки единици и во документацијата стои јунска провала, фактички јунска немама имаме мајска провала таа почна од 10 мај и и кулминација достигна со убиствара околу 25 мај на еден број на нами луѓе активисти.
На 25 мај убиствара беа ноќта на Св.Кирил и Методиј околу 24 мај.Тогаш Живко ги изнесе има и список и сите тие и во рреконструкцијата има не би повторувал, тука на тој дел на таа провала на тој дел Преспа успеа да им избега Митре Марковски кој отиде во партизани, исто Крсте Пановск

и Крсте Јовановски од Претор, тогаш излегоа во партизани во врска со таа провала на тој дел. Околу провалата што сакав да истакнам е да тоа да по повод на таа провала беше издаден леток во кој се разголитува зверствата на бугарскиот окупатор, убиствата и све, така да тој леток имаше многу позитивно дејство и покрај тоа што тие убиства внесоа еден страв али исто така беше едно разголитување на окупаторот, да окупаторот го покажа своето лице и немоќ кога мораше да се одлучи за такви средства.

Во писмото кое другарот Пенко го пишува во врска со тој леток вика дека таму околу објаснувањето на тој леток има во хронолошка единица 701 не е точно и стои дека Живко и Јовко и Илија Спировски, вместо овој Илија Спировски треба да стои Панде Толевски, таа исправка треба да се направи. Незнам дали и во писмото е некоја омашка направена. Е па Панде Толевски и член на Комитет односно тројца членови сме на Комитет ако е за тоа. При комитетот не беше ни член на партија беше одговорен да работи по народна власт на овој терен и под Бигла сите овие села од Крушје до Сопотско таму.

Сега би се надврзал во почетокот на првите дена на јуни добив задаток да се префрлам на теренот овој селата што се Крушје, Лева Река, Избишта, Кривени, Златари, Сопотско, Јанковец сите тие села. Најпрвин би сакал да се искажам околу искажувањата на некои другари од Крушје.

Мислам да не е спорна чињеницата да таму постои активности некоја која нажалост не беше секогаш поврзана. Еден напор на залагањето колку што можев на сите оние контакти и тогаш таму и на Маријан покојни и покојни Ице беа и во Белград опфатени како такви и настојуваа да стварат и смоиницијативно работеа, тоа не можамда знам колку и какви врски воспоставуваа и дали имаа во текот на 1942 година успотавено врски, али во текот на 1944 година и порано од овој дел мај-јуни период нашипатроли кои што се ослонуваа на тоа подрачје кај Крушје, така да тие активности се тука прилично големи подоцна ќе говориме за таа база и за све. Јас би овде само рекол следното: дека пред мене во вторатата половина на мај веројатно негде околу 20-25 мај вќе на тој терен беа префрлени Маријан и Илија Божиновски да се на тој терен воспостават врските сем Болно беше порано опфатено Маријан е во мај 1944 година.

После замина за Првата бригада и таму загина. Марјан беше и незнам по кој случај останат и јас го затекнав беше одолеен Одреден на овој терен да работи, Во секој случај не е дезертирал, диво не останал, таму го затекнав на теренот на Крушје и таму остана негде до средината на јуни или до крајот на јуни месец и после добив писмо да треба да замини за Дебарца. Тоа е ситуацијатата со Марјан. Јас не сум чул од никого ако другарите ги буни околу тој момент.

Веќе пред мене десетина дена воспоставија некои контакти така да со моето одење мене ми беше исто така олесната работата да набрзо ги активираме тие нами врски во сител села кои се усоставија и набрзо да речам крајот на јуни, веќе во јули дадоам, односно тоа подрачје беше слободна територија. Меѓутоа во текот на јуни месец создадоа врло солиди и доста широки јадра на нами активисти во кој во текот на јули и август создадовме и партиски организации во појвеќе села, а народноослободителни одбори во сите села,сем во Јанковец и покрај некои обиди што покушававме овде кај црквето Свети Никола со Круме Трифуноновски и со Нацко оној од Јанковец, меѓутоа незнам од кој причини на два пати неуспеавме со ними да воспоставиме врски мислевме преку нив. таа активност да ја со јанковвец воспоставиме.

Овде можам да ставам некои примедби Кривени не е опфатено во Хронологијата , испуштено е во тоа мое искажување несвесно или без да знам, меѓутаа Кривени исто така е меѓу првите го опфативме и тука Илија Божиновски оттаму е родом па тоа ни одеше на рака полесно да се поврзиме со одреден број на луѓе. Тука ние се поврзавме со Живко Бојковски во Кривени, е сега некој од Божиновците неможам да се сетам кој беше со кого ние констактиравме кој беше активно вклучен тука беше и Стерју братму на Славе, тука беше али ги бркам дали Јонче и Киме, односно Киме Партела беше исто така уклучен и тука беа веќе и некои младинци Панде на Живко или што му беше на Живко Бојковски, Дорче Божиновси и уште некои други и некои овчарчиња после ги имавме зафатено онаму каде што чуваа овци. Тоа како група една младинска исто така покрај овие постари активисти кој се тука. Во хронологијата се наведени другите активисти во другите места младински актив во Златари, би додал следното: да беше испуштен Крсте Нелковски тој беше заедно со Ламбе Упале и

со Трајнка Весниевска и Кресте како скоевци беа, и овие другите што помали беа како актив младинци којшто беа уклучени. Јас за постарите има за тоа све кажано и не би сакал сега повтоþо да кажувам. Има во реконструкцијата.

Кога станува збор за сопотско морам да кажам да чак младинците (нека ми извинат другарите постари) али тие уште поактивни беа од постарите младинци, тука имаме една група Симон, Мате Димче, Михо на Пецо брату, неколку думи имаме тоа беа стварио оган кој доста придонесоа воопште за раздвижување на активностите и на Сопотско.

Уште еден момент како малку искуства и од овие другите терени а и нашите активисти тука не бараа од нас да би елиминирале извесни опасности и во некои села каде што имаме поекспонирани некои што соработуваа со бугарскиот окупатор се сеќавам Иво од Сопотско и во Крушје и во Лева Река ги викнавме на пеење и морам да кажам да тоа имаме добри резултати така да се е луѓето ослободија од страв за да не бидат издадени и тие беа вклучени, после да активно соработуваат слично што и Киме викаме и други места, а тоа посебни ефкети имаме и она убиството на Гоше од Болно така да сетие сите трчаа да воспостават врски со нас и тие што ги викавме и други што малку си беа, покушаваа да дојдат и на некој начин да се рехабилитираат за некои нивни помали гревови ако ги имале. Во Сопотско имаме и поголеми гревови, тука падна жртва во 1942 година Офредот кога беше таму на Сопотско. и тогаш имаме провали. Ние сакаме да го неутрализираме во овој момент со тоа после ќе се види ситуацијата.

После брзина 9,5 следи 19 од летна број 3

Никола Недановски-Мајсторче с. Златари. Како прво сакам да кажам има овдека испуштено работи значи месните комитети во 1944 година кога се формираа значи во селата Златари, Кривени и плус ЉоРека 1944 а плус Сапотско после тоа беше попуштено, Јовко не го рече, кога осивавме партиска организација тоа беше кај плочата меѓу Кривени и Златари. Во таа организација значи влеговме ние како секретари јас, Киме од Кривени, Партала, од Крушје Живко, од Љо Река Кресте, Моште, од Избишта Живко и тоа се викаме значи станавме секретари таму, значи повторно зашто беше таа партија ликвидирани беа да речеме после паѓањето во затв

/

рот. А плус тоа комитетите кога ги оснивавме еднаш бевме во Кривени во една куќа на Пачета ли беше, чија беше незнам, таму бевме а не реков она што беше, дека на тој состанок Бонците не дојдоа, Јанкоштаните не дојдоа и Сапоштаните не дојдоа, така тоа може да го каже Јовко. Јовко го одржа состанокот. Мене ми рекоа ти ќе прибираш кои ти се најблиски, значи оние што работеле со тебе и кој треба да ги примаш во Партијата. И тогаш почнав да работам и кога дојде Ѓорѓиија од Подмочани после капитулацијата на Италија. Јас ако бев писмен нешто ќе бев, и ако можам да пишам и да направам тоа е многу за мене. Значи ако почнам од 1941 година до ден денска, јас само од Кимета имам една изјава. Значи од почетокот кога зборавме тогаш, тоа беше кога ме примаа како член на Партија значи во времето кога германците влегоа во Русија и јас нешто зборав таму, нако реков Петре дојде од Јанкувец оти трупите наши отидоа во Софија а германците дојдоа на Дервен, да не е исто така да не дојдат русите на Дервен. И тој ме зеде и ми рече да одам по вода и да ќутам и тоа сето ми го има писано во изјавата.

Димко Трпевски, с. Покрвеник. Беше од прилика мај месец проблем беше на оваа територија на запад како да се фати врска со малцинството. Селото на војводата на Јанета од Лавци ќе го спомнам него. Тука претежно мал број беа наши православни да турското малцинство е три пати поголемо и тешко беше да се добие врска. Станавме ние над селото во шумата горе ги повикавме видните лица кои беа Амед Шаковски, Митре Танески, Алија Умеровски и Јане беше присутен како како комитетлија во тоа село и му објаснивме целта и зошто се бориме и што сакам и како сакаме братство и единство да сториме итн. Со тоа нивно викање ние одма тие ги упознаа ~~малцинствата~~ малцинствата во Лавци и му кажаа за партизаните за што се борат за доброто нивно да е итн. И нас не поканија да слободно можеме да одиме во Лавци кога сакаме нормално на вечер кога нема никој. И така ние отидовме во Лавци, излегоа сите малцинства излегоа православните, се одржа митинг, тука се упознавме добро и после прправивме база во Лавци кога сакам да одим и останалите села. Во ова село претежно турците знаа македонски .

Ефтим Ристовски од с.Подмочани. Во хронологијата од 1.XI. 1985 година последна верзија, на страна 168 хронолошка единица 698 стои: на 8 јуни 1944 година во с.Локов е формирана Првата македонска ударна бригада, во составот на бригадата влегуваат:баталјоните Мирче Ацев и Кичевскиот-Мавровскиот баталјон, една група од 80 бројци од Ресенско-Охридскиот одред и новодојдените борци со со вкупно сила од 500 борци. Ова го пишува исто во книгата на д-р Владо Ивановски за ослободителна војна на Западна Македонија, тоа треба да се поправи. Да се исправи грешката баталјонот Мирче Ацев не беше во составот на Прва македонска бригада, туку беше во составот на Прва Македонско-Косовска бригада на формирањето на 11.XI 1943 година. Баталјонот Мирче Ацев беше во Прва Македонско-Косовска бригада, а овде не беше. Во Герман баталјонот Мирче Ацев, еден дел од баталјонот Мирче Ацев влегува во поход во Втора Македонска бригада, а ние од делот Мирче Ацев влегуа, према тоа не може да биди баталјонот Мирче Ацев на 8 јуни во Лохов и после барам појаснение за ова. За Ресенско-охриридски одред, кој беа тие и кј штаб беше. Кој е тој одред и кој штаб беше исто стои како во книгата на Ивановски. За ова имам дадено мое појаснување за да се изврши исправка. лента 4

Према тоа баталјонот Мирче Ацев таму не беше тој замина и после влезе во Втора Македонска бригада, а јас барав појаснение. Ако има некој присутен да го тоа појасни за овој настан 80 борци од Ресенско-Охридски одред. Кој е тој одред и штабот на одредот. Ако има тука некој тоа да го појасни добро е, ако нема тоа е погрешно и сметам дека е погрешно. За овој случај барам појаснување за да некој објасни инаку за ова јас незнам.

Танас Комитот. Атанас Тасевски од Покрвеник. Во врска со формирањето на Првата Македонска бригада положбата стои вака: Оваа хронолошка единица што е тука не е точно поради тоа што Баталјонот Мирче Ацев во ова време не се наоѓа тука. Тој се наоѓа во Втора бригада. Охридски-Ресенски одред исто така не постои. Работата стои вака: Некаде во половината на Април 1944 година Одредов Преспански (ако мисли Владо на овој одред Преспански, што е викаат групата на Дилко), тој одред со 80-тина борци замина од Преспа значи оваа Албанска, Леринска и Корчанската

во селото Бапчор. Таму се сретна со Првата Македонско-Косовска бригада. Таа бригада заедно со Втората бригада беа дојдени од Мегленско на 11 април тргнаа во половината на април се наоѓаат веќе овде. Тука одредов Преспански се спојува со Бригадава бео бројна состојба некаде околу 80-тина борци од кои: 35-36 беа македонци, 30-40 руси и на ова место се формираат група на батаљони со перспектива да се формира прва Македонска бригада. Се одвојуваат значи Косовските борци и македонскиве борци, имаме сега група на батаљони од косовските единици и група на батаљони од македонскиве единици. На групва на батаљони се формира и штаб значи понатака ќе биде Штаб на Првата Македонска бригада што се формира на 8 јуни во Локо. За штабо ми се чини дека е познато Вангел Чукале е командант, Коле Канински, комесар, Крсте Црвенко заменик комесар и заменик на батаљоноѓ доаѓа Чеде Филиповски.

Вака сега овие две групи на батаљони кинсуваат од Вапчар преку Преспа, Галичица, доаѓаат на територијата на Дебарца. Таму после водење на неколку борби за Дебарца, се ослоодува тетиторијата и доаѓаме некаде на 8 јуни кога се формираат двеве бригади и Косовскава и Македонскава. Тие две бригди формирани се наречени и обете Први: Прва Косовска заради тоа што е прва за Космет, а Прва Македонска заради тоа што немаме прва Македонска формирано, туку се почна од Втор , заради тоа што постоеме Прва Македонско-Косовска бригада. И сега како континуитет на овие две бригади се одвојуваат двеве бригади први. Едната е формирана на 8 јуни Македонскава, а Косовската на 17 јуни. И некаде при крајот на јуни Косовксава заминува за Косет, а на територијатата останува чисто Македонскава бригада со еден батаљон егејски којшто доаѓа покасно негде во јуни месец, море дојден е и батаљонот, така да вака стои положбата околу оваа формирњето на Првата Македонска бригада. Според тоа, оваа хронолошка единица заслужува да биде ревидирана.

Неколку збора за минувањето на оваа Бригада на Првата македонско-косовкка бригада на територијата сосема накусо. На овој дел и на значението на Преспа на нејзиното присуство и на 5 декември тргна оттаму 6,7 стигна во Горица во 1943 година престојува и на почетокот на 1944 година . Повлекувањето на бригадата од Дебарца е резултат врз

/

база силните напади на германските единици којшто во текот на овој период при крајот на 1943 година почнува некаде од ноември, декември и трај све до до февруарскиот поход јануари-февруари 1944 година.
Таа работа е уследена поради тоа што германскиве единици во ова време се најдуваат во еден шпиц, во една многу тешка ситуацииција, сојузничките сили напредуваат рапидно, овој дел на војските тука којшто се наоѓаа на Балканот во Грција и во Албанија, се наоѓаа во положба таква да мораа да вршат офанзива од две работи: прво, да ги ослобдат сите комуникации за да можат тие да се повлечат и второ, да го уништат покретот во Дебарца на Преспа и на територијатата на Меглен односно во третава оперативна зона. Офанзиви вакви се вршат и на Кумановски терен и низ цела Југославија.

Е, сега, поминувањето на бригадата тука имаме огромно значење и заради тоа што окупаторот бугарскиот и германскиот настојуваа не само да ја истераат од Дебарца, туку и на некој начин да ја уништат на територијата од Дебарца-Галичица, па све до нејзиниот правец до Меглен.

На ова место на Галичица во во борбата-офанзивата на бугарската армија учествуваме цел бугарски пук со делови, односно стационираните војски бугарски во Преспа. Целокупната нивна единица беше во потера на бридадава, Галичица беше исполнета. Меѓутоа, интересна работа и ова е многу важно бугарите не испалија ниту еден метак-куршум на Бригадава. Тоа се гледаме колкава е слаоста на бугарската армија на окупаторорот за да може да се спротивстави на партизанските единици, односно на оваа единица којашто минуваме на овој терен.

Овде на границава Коњско-Свети Наум цела единица бугарска тука имаме 250 душу бугари и незнам колку беа од Свети Наум до Галичица све беше во заседа и на таа заседа Бригадата помина тука воопшто и тука не испалалија ни метак иако се најдуваа во една поповолна ситуација иако Бригадата му одеше на нивните заседи каде што беа поставени. Единицата доби наредба од нејзиниот командир на граничната единица Анастасов да не смее да се испали ни метак-куршум и така Бригадата несметано помина дојде на овој терен на албанска Преспа. Со неа беше тука

Главниот штаб и Централниот комитет. Идењето на Главниот штаб и на Централниот комитет на оваа територија тука на Преспа треба да го одбележиме како од огромно значење заради тоа што тука поставија одредени задачи по војна и по оваа партиско-политичка линија., Пенко Здравковски, незнам дали беа присутни членовите на Среските комитет. Добија одредени конкретни задачи што треба да се работи во Преспа на сиве делови и во оваа Преспа овдека и во Албанска Преспа и во Леринска Преспа .

Понатаму, во врска со развојот на целата таа ситуација и војна и политичка на овој регион Преспа -Меглен централново раководење на борбава Главниот штаб и Централниот комитет ја согледа цела ситаацијa и во врска со тоа одреде-донесе одлука за појачување на околиите со позадински работници. Во врска со тоа Преспа не беше заобиколена и испрати свој делегат во лицето на Киро Ѓоргиевски - Дејан којшто раководеше во Преспа со војните работи на овој дел тука, раководеше со Одредот којшто се најдуваше тука, одржуваше врска со Третата оперативна зона и со Главниот штаб којшто се најдуваше таму, одржуваше врска и со Дебарца. Битно е овде да се спомени и уште тоа дека во ова време поставена е една широка мрежа од врски. На оваа територија дејствуваа едно три-четири групи-патроли на Главниот штаб којшто ја одржуваа врската со Преспа-Меглен, Преспа-Битола, Преспа-Дебарца и на целата територија на Преспа од Леринско, ова Корчанско тука со овој дел на Преспа овдека.

Сакам да кажам и ова, некаде во март месец Вилко рече за овие борбиве што се водеа кај Глабочани, овде требаме да се зборува-тука, некаде во март месец 1944 година една појачана патрола на Главниот штаб од 7 борци замина од Преспа некаде од кај Нивици, помеѓу Нивици и оваа планина од таа страна, со задаток да појди во Дебарца да ја (ова што реч Калче овдека) да прифати една група бугари од Благој Иванов на чело-бугарски раководител, член на Централниот комитет на Бирото на кумунисичка партија и ми се чини дека тоа е познато, бил член на Коминетерната ит ( тоа е долга приказна за раскажување ) почнува од Москва преку Босна, Црна Гора, Космет, доаѓа на Дебарца, од Дебарца на Преспа овдека и од Преспа на Меглен и од Мглен доаѓа до Црна Трава и оттаму оди по задаток цо Бугарија. Таа е главно работата на таа група, овдека само транзит минува инаку немала никаква врска за работа. Требало да го организира пре-

/

вратот во Бугарија на Отечествениот фронт. Значи не беме ниту мисија, ниту делегација, туку е била група од овој раководителот и двајца, едниот бил шифрант и другиот радиста. Битното е овдека за Преспа. Таа група ја прифативме ние во Дебарца. Со нас не сакаме никако да дојди, не можевме да ја убедиме зашоа што бевме малку, кажуваме како што рече Калче бам како ја прателе големи единици и едвам ја убедивме. Меѓутоа, откако се убеде таа останува навистина и востанува дека може да помине на овој терен многу подобро отколку што е минувала низ Црна Гора и низ Космет. Овде кога помина најде на таква организација, на таква неустрашивост на групата како што ја водеме да на еден состанок одржан во Нивици пред цел Одред во присуство на Дејан ги изрече овие работи како резултат на она што го виде во Преспа. И како резултат што го виде она со оваа групава што ја носеме. Вика 40 години сум јас револуционер-борец, али уште ова не го имам видено до сега од организација на патувањето, од неустрашивоста на патувањето, од дочекот на сите места од Дебарца до Преспа па и натака. И вика тој неоспорно дека борбата и револуцијата со ваков свет, со ваков народ ќе победите. Овие беа зборовите на Иванов за Преспа.

Сакам да речам за оваа офанзивата која се одигра во Преспа Прдспанскиот одред презеде една маршута и отиде до Ланга. Во Ланга најде до неразбирање со Грците не тераа нас борците, мислам дека ова го има таму речено, туку сакам да речам уште два-три збора.

За работава овде во периодот на ова време почетокот на 1944 до ова време за кое зборувавме за активноста на Преспа. Преспа како што видовме и од порано таа е активна и покриена за цело време на народноослободителната борба од 1941 година 1942, 1943 заклчну со 1944 и 1945 со ослободувањето. На оваа територија имаме активност тоа треба да го кажат Живко и Јовко, активност на Партиската организација, реорганизација на два-три комитети, два околиски и ова Повереништвото и потполно дополнување на Олбасниот комитет овде во преспа што се има извршено. Понатаму имаме активност на Партиска организација, имаме активност на народноослободителниот фронт, одбори создадени, имаме активност на организаци-

/

јата на жените, само незнам кога точно се формираа АФЖ, меѓутоа, активност имаме на групи жени скоро во сител села . Да не должам јас, може да се види Зборникот на жените и тука ќе ее види целата активност на жената во Преспа и тука се е регистрирано почнувајќи од Покрвеник па во сите села на Преспа, Ако е потребно она што ми е познато да редам, туку тоа од Зборникот може да се види.

За формирањето на Партиската организација во Покрвеник што падна збор за 1944 година. Покрвскава организација како што е формирана во 1939 година па дополнувана во 1941, во 1943 година итн. Во 1944 година имаме еден континуитет, Овој дел на членството на Партијата од селото што отидоа планина, останаа овдека на теренот да работаат Танас Недановски како членови на Партијата, Мице и Филип Трповски. Понатака таа се дополнуваше со одредени поактивни младинци во текот на 1944 год.

Младинската организација - односно младинциве, беа неверователно активни, али за нејзиното организационо оформување во група на НОМСОМ во група на СКОЈ итн. за тоа треба да рече Кице и Јовко тие беа по таа линија и затоа мислам или Панде беше по линија на младина задолжен. Имаме едночудо во Покрвеник такви младинци почнувајќи таму од Коруна, Мите, Здравка, Цвета, Дана, да не ги редам, а ако е потребно ќе ги дадам во една писмена форма.

Ангеле Ангелевски, од с.Брајчино. Дискусијата од претходните нас ни ја одзедоа за времето, за кое требаме да дискутираме за време на окупацијата на бугарите во нашето село. Нашето село беше под италијанска окупација. Со капитулацијата на италијаните не окупираа бугарите. Од нашето село, мојот брат стапи доброволец во партизаните наместо албански војник имаме мобилизација, другите другари побегнаа за Битола, али не за минаа. За сето тоа време таа слободна зона кратко време трае. Од позадината за времето под италијанска окупација се формира прв народноослободителен одбор, а тој го формира Коле Канински со Тушело и Евреjчето а од Бистрица имаме таму Стојан Дрдов, некои други од борците од Одредот и тој Одред бораваше во цело време во с.Брајчино. За жал, никој не спомнав да спомни за врските. Но позадинската организација неуспеа да воспос

постави да формира, макар да имаме народ-елан. Коле Каниноки го формира народноослободителниниот одбор на 16 јуни 1943 година, кој стана потреба да се формира таков одбор-одред.

Со окупацијата на бугарите ние три фамилии, имаме двајца мобилисани партизани во Одредот Шајновски Вангел и Шуковски Стојан и мојот брат Ангеловски Митре и таткото на Трендовска Стоја беа обележани кај бугарите и за кои беме страв и трепет на малтретирање. Бевме под контрол деноноќно. Нормално, ние неорганизирани незнаејчи дека ќе дојде до ова да велиме оти така ќе биде, али ни сојде братот во партизани,xxxxxxxxx нам ни станаа мили партизаните, да ги помагаме, да соработуваме, да му дадеме како што му дававме пред тоа. Али одпозадина некој предлози што имал Птре од Битола поставено да формираме таму партија, тие се пламеа и не прифатија никој и така ние во Брајчино организирано работавме, помагавме, али се формирааа организација никако, се до 1.IX 1944 година.

Со тоа за време на бугарскиот окупатор ние моравме сосема легана да фаќаме врски. Врски фаќаме преку Дупени и тоа се' преку овчарите. Нашиот брат овчар не смееме да се допре до другите овчари, моравме преку други овчари-младинци кои сакаа да работат со нас, да добиеме врска оти се слушаа верзии: убиен е врати таму-убиен е брати таму преносуваа тие. Сето тоа малтретирано-тешко, затворани бевме, малтретирани 3-4 дена, доаѓа братми, недоаѓа братми, враќани назад така зборуваа. Сето тоа бугарите сда ја направат својата масакара да го зададе својот страв како што направија масакара крајот на месец мај го убија покојни Крстив кој беме во тој одбор како секретар легален а по презиме Крстин Трандовски инаку на Брекар Штрковчето. Се зададе тој страв во време на август за да се создаде волја кам младите-младината имаме еден Перо Ѓорѓиевски од селото наше буварски потопручник, дојде облечен во униформа славеа 8 август с. Брајчино и маршути правеа откука-вкуќа по обичај како што се оди на визита и кажва како Бугарија, бугарските војници дава убаво одело и како се мислни народнот на бугарите по визита каде што оди, со луѓето како е тоа хумано, како е армијата бугарска дава убави одела, убави работи, али сето тоа на луѓето што бевме млади овчарчиња, а селото во тогашно време

/

селото Брајчино имаме 300 жители, а 150 житали беа надвор вечерта по трлата и нивјето, а 150 ќе останеа во куќите и вркситте со страв и трепе мораме да одат така а за тоа време на три пати врска одржавме со Јосиф Стојановски од Брајчино неговиот брај Цветко кој погина во едни сусредби а врската беме "осумте буки"Балтам планината не смееме друго инаку. Каду се 8 буки, кај ними писменцето во кората кај буката да се земе да се зајси кај Лојзана. За време на бугарите овие три врски ги одржавме курирски Герман-Балтан 8-те буки, кај Лојзана- Нижеполе, али во горката договорено писмето се ставуваме во кората на дрвето. Писмото од Балтам кората јас го земав го преносувам кај Лојзана во каменот, а од кај Лојзана си едеа од Нижеполе што ја држеа врската. Ние не се знаевме еден со друг, тоа така мораме да биде строго.

<u>Стоја Трендовска, од с.Брајчино.</u> Сакам да зафатам за мај 1944 година и нешто понатака. Ако ми дозволите да речам како една бајка поради намата Преспа уште за време 1903 се бореме, а ние таква убава истирија немаме, а можам да кажам.

Во 1944 година кога беме крвавата преспанска вечер, вечерта издајниците на намите села аугзро од кај нас што беа издадоа. А прее Јовко и Живко не образложи кога му земрувам, дека тие не загинаа како обични луѓе како да не работале. Нарочно Крстин беме поврзан уште за време на бивша Југославија. со дојдувањето на партизанските одреди "Дамјан Груев" во намата планина кој беме поставен кај Лојзана кај мало колиба. Таму знам беме сместен и кој беме поставен и кој оттаму дојдоа одговорните комесарот на Одредот слезе во селото Ристо Трпеновски, командантот овој Коле Каникчето и членови други борци Борс Стојановски од Бистрица беме па и Стојан Стојановски беме дојде од Бистрица во селото тука. И тие одржаа состанок и директно дојдоа се поврзаа бидејќи во намата планина имаме една пилана и преку планината имаме што преносуваа храна еден албанцец кој беме поврзан со овие.

Во 1943 година имаме една пробала кога загина татком на Јовк во Лубојно, тогај од Брајчино беа активистите нарочно татоми, мајками, и некој други заедно со Васил Јовковски, Стеван Цајковски, од Дупени некои други луѓе затворени во сколијата во с. Лубојно каде беа малтретир ни и биени . Во тоа време јас не се затекнав овдека бидејќи одредот бем

заминат за во Егејска Македонија, јас не бев директен учесник, но татко ми ме испрати со базата со Одредот во Егејска македонија во село Рудари и Штрково, бидејќи татко ми оттаму е родум. Тие го затворија уште одма, али партизаните кои се наоѓаа во тоа време тамуне обавестија дека се затворени како едниот така и другиот и ние ќе се бориме ни рекоа да да ги ослободиме. Прво мајка ми ја пуштија од затворот после и татко ми, а куќата ни беше цела исплачкана ни покривало ни облекло дома не ни имаа оставено.

Како таков во тоа време него го пуштија од затвор, а мене ме пренеси една жена оттаму ја пуштија партизаните до границата и му рече да каже дека ова чупе е на Ѓорѓија војводата, го учеа татко ми да не го спомени. И јас отидов во село Дупени и друга жена со мене и дојдовме Брајчино каде татко ми беше пуштен од затворот. И како што знаете мажен болен лежеше итн. и понатака тој работеше. Овде малку се стабилизира работата како што кажуваше Јовко, немавме точку можност да организирано дејствуваме, имаме голема потера од бугарите, али сепак се трудевме да работиме, али јас покрај татко ми што работеше и јас бев вклучена, ете самиот Живко знае кога беа кај нас оној Јордан Кусаков и ред други да не ги набројувам. Со работењето на татко ми продолжи и понатака, повторно Јовко дојде во тој крај и одма дојдоа кога беше крвавата вечер на мај ја опколија куќата доста бугарски војници и немаме никаков излез, а мојо татко покуша да избега, но не можеше така се собравме во една соба цела ноќ опколени и пред зората ни дојдоа внатре и со зорт го зедоа. Каде го затераа на местото "Дабје" и таму го стрелаа, а ние трчајќи по него се боревме и им молевме со големи молби али не ни го даваа, после покушав ме и ние со раце да се бориме и така мене ме зедоа, а мајка ми ја распа раа во рацете со нож а мене со кундаците ме тепаа. А пак една жена викан Чора од пенџерата извика од пенџера немојте бре луѓе да ги мачите луѓе то. Во тој момент можеби можеше татко да избега но се задржа и им викаше на бугарите да не му ја мачат фамилијата бидејќи таа не е крива, ево Крстина го баравте евеви го Крстина. Кога стигнавме на местото каде татко ми е убиен уште небеше доубиен се припелкаше и тогаш пак не тепаа бугарите.

Таткоми три дена не ни го давaa, го покривaa со камења и ни викaa мрш вие шумкари, шумарско потекло. Таткоми го застрелaa на 31 мај, а на 1 јуни отидов со една тетка на таткоми, а еден бугарин останат беше да чува таму. Јас како сега што плачам така и тогаш плачев и му викав на бугарите не се плашам и му реков нека ме убијат. После тоа ми вика немој девојче ќе ти кажам два-три збора ако ме сфаќаш. Не се криви бугарите што ги напаѓам толку, туку се криви оние којшто се потпишале за твојот татко да погини уште во 1943 година кога отишле да ги викаат бугарите со помошта на Туџаров од село Љубојно, жител на Битола. Том ми велеше не плачи , ти ако си свесна ќе разберем кој се тие што имаа на бозба викнато да ги гоштева дека погинале овие што сакаа да ги убијат од нашиот оквир на Преспа од овие села. Јас зборав во петокот со таткоми и ми рече ако загинам, ќе загинам од тие и тие луѓе, јас прво продрев во куќата на попот од брајчино. Кога отидов таму ама таткоми ми зборуваше дека бил агент Ѓорѓија. Кога отидов таму најдов фурната приготвена, набрзина влегов, кобајаги барав машивчина за погребот, овде каде што се печи месото и таму ги немаше, се вратив од другата страна беше таму Бан, Јосиф уште од поранешна Југосславија Јосиф Јовановски од с.Брајчино и на талијанско кмет исто и на бугарско кмет и синму беше браник поставен кој греше и се прчеше во селото со пиштолот на појасот. И му викам, вујко, а таму ги затекнав еден бугарски полицаец Иванчо поручникот Андреев кој во тоа време боравеше во село Љубојно и други, а јас му викам на овега кметот и му се обфатив со зборовите: те молам телото дајтемиго на таткоми да го погребам вината што беше ја сторивте да не се малтретираме ако имате грев, ако имате деца. Тие ми рекоа мрш и ми окраа шумкарско потекло и ме избркаа, а Методија ме зеде за рамена оној што е горе кај филмовите Јовановски за рамена и ме истера дури горе. Потоа дома се вратив, му реков на мајками, мајко не се секирај, ги разбрав убијците кој се и кој го издадоа и понатака дури третиот ден ни го дадоа и го погребавме. После смртта на таткоми на 7 јуни не забраа на станица во Љубојно да не малтретираа и тепаат. Кога отидавме во Љубојно затекнав една од вратите таму од канцелариите каде Јосиф влегува. И јас го замолив и му реков: те молам вујко прогорниму на овие луѓето да не не тепаат и мачат. Тој се сторе како да не ме слушна и влезе во една од

/

вратите таму и тие таму испитуваа и се натуруваа и ме маваа и ми велеа со прамваңе кој ви го убил таткови, јас му реков дека вие го убивте мака кар и мене да ме убиете. Вие го убивте а зошто не го судевте, а понатака ние чекавме бугарија да ни дојде итн., а вие ѕверски се покажавте кај нас. Многу не се пламев и рескирам оти доттаму ми беше дојдено, а и пред тоа таткоми беше затворан цело време од како 1943 година беше во затворот и после тоа бидејќи не седоа сите три оддома, ни копаа во куќата, ни претресуваа, а за ова можете да прашате од селото Брајчино и го накисна знамето кој го носеше од Бистрица Крсте Чулакоовски. Едната киска остана кај мене ми ја даде Јосиф некој од Лавци не му го паметам името, али беше партизан можеби некој од другарите го знае. Понатака. За сега толку имам за убиството на татко ми.

Стефановски Мите од Крумје. Овде се зборуваме за таа мајска провала, меѓутоа ние тие последици во Крумје и Лева Река и горните села ние осетивме во Јуни. Две едноподруго блокади во Крумје имаме во месец јуни две едноподруго блокади а исто така и во с.Лева Река каде не можеше да се мрдни. Јовко може да се сеќава, тие беа измеѓу Крумје и Лева река кај еден трап, ние викаме Мачка на Дупја Ваме. Многу темко беше да му се дотури храна на другариве, тоа Јовко ќе го потврди.

Во ова време на првата блокада го собраа целото село на школо. Не му фате умот, сите не гледаат, не прозиваа по список итн., имаме од Битола еден инспектор висок со наочари и еден мајор по чин беше како се викаме враг да го носи го заборавив како се вика. Целото село помина под сослушаве, практично од 15 годишна возраст па натаму до старост. Секој еден кој врвеше низ список, таму графи имаше и на прашањето што си по националност требаше да кажи ако е стар блгарин, ако е млад благарин. Тоа многу нас не вреѓаше, ние младите за тоа се колебавме, а други еден мал низок човек xxxxxxxxx агент од Битола со наочари сигурно не студираше со погледот на држањето и како кој о д нас ќе поминеше по списокот низ сослушувањето а овој од лево седеше и си гледаше во неговиот список на редниот број ќе ставеше слово "Ч" червен. Така скицира едно 15-16 младинци. Меѓутоа на 15-те младинци кога ги извадија надвор од школото во

кругот, практично издвоија со прст кажување само неколку. Тие беа Лазаревски Боре брат на Марјана, Лазаревски Кире, брат на Марјана, Ербаковски Тасевски Мите тој што се отепа со точакот и тој беше крупен и на него просто падна, Василевски Крумен и уште еден друг не се сеќавам кој беш После врзани овде во Ресен не додераа со мавање преку Честак, а после 6-7 дена ги пуштија. За ова време трепеше селото да не дојде до провала, меѓутоа до провала не дојде.

Уште една друга работа сакам да кажам. Во ова време кога беше другарот Јовко соИлија и со Пенко горе неверовано активно се одвиваше на овој терен . Со формирањето на тоа прифатилиште за прилив на нови борци Овие луѓе беа горе Илија Божиновски, Јовко Јовковски Пенко Здравковски ние го викавме Учо. Таа голема активност практично секој што помина во тој терен можеше да осети исклучиво храна, обавестување, чување на тој логор пртатично паѓаше на селата Лева Река и Крушје. Логорот беше изнад Крушје и Лева Река точно на границата на како ние ги викаме Пататите Костевски, односно Јамата се вика Дрмана, а тумбата каде што беше здола кај патот се вика Чукарна, значи између Чукарна и трлата тука беше тоа. Немаше курир кој ќе помине тука да не престојува и од Караорман за ваму или од Битолско, односно преспанско од намата Преспа за Караорман.
За времето не се сеќавам дали беше јуни или август. Во тоа време од куририте треба да знаат водеше некаква група важни луѓе дали се работеше за некоја визија што одеше за Караорман или се работеше за некои старешини, во тоа време во оваа втората блокада беше некој курир ги водеа Михајле Мимевски беше горе во Клајнец беше наш човек опфатен во организацијата ми кажа дека три дена ги држа горе луѓето кај него во трлото скриени како што викаме ние онде Совиштата од кротојте наваќа каде што ги крмат овците затоа ви викаме Совиштата. Ако не беше Михајле целава оваа група ќе паднеше кај бугарите затоа што целава планина беше чичка од заседа на бугарите односно бугарски војници и полицајци. После три дена помина таа група нагоре успешно се извлече и практично сите здивнаа ме, а практично сите знаеме што ќе се појави на тој терен се маф ќе направат. Еве го Михајле Мимевски жив е.

За оваа работа што почна од пролетта 1944 година заклучно до август месец толку овие села беа накострешени, односно организирани

Крумје и Лева Река јас тоа го тврдам без да претерам дека таа е претежно голема заслуга на другарот Јовко со онаа негова група партизани.Значи пркстично се кренаа овие села, све беме спремно да се во секој момент крени, сите знаеа и малите деца и сите беа одани. До издајство или провала никако не дојде. Другарот Јовко се зафати таму потоа за формирање на народноослободителен одбор, потоа АФЖ итн. за кое имаме пишувано.

Мислам треба да се истакне и една друга работа, учеството во овој покрет во таа организирана женска младина во Крумје. Жените во тоа време меѓу маркантните кои беа уште од понапред припремани од другарот Марјан и од другарот Ицета значи практично организационо и права смисла стабилна во ова место му даде другарот Јовко со групата. За жените од Крумје Георгиевска Лена по прекар Куртовска, Андоновска Коца, Здравевска Васа, Божиновска Ефтинка, Василевска, односно Наумовска Панда, Степановска Мила и Здравевска Поља кој беа во возраст жени. Од женската младина под раководство на порано Тодорка Тодорка Трајановска бидејќи Тодорка Трајаноска уште од 1942 година беше во таа воспитно-просветна група. Тодорка направи чудо практично додека овие женската младина ја прибра и ја воспита. На чело со Тодорка Трајаноска, а Тодорка покасно излезе во НОБ и Божиновска Мила излезе значи покрај Тодорка беше Божиновска Мила, Тамановска Цара, Колевска Светла, Ивановска Светла,Борка Трајчевска, Андоновска Светла,Трајановска Дежда, Цепенскоска Тодорка, Ангелевска Кица Тодоровска Панда, Божиновска Гена и други. Ова до сега не е кажано за Крумје за активност на ваква група.

<u>Пецо Нечовски</u> од с.Сопотско. Порано и сега на овој состанок не беше ништо речено за бугарската полиција и за италијанската мислам за нивната работа и организација.Мислам дека ова требаше порано да се каже али не е касно и сега.

Значи, во времето кога беа тие најјаки војно-политички и полициски, сакам да речам 1941, 1942, па и 1943 година во нашата Партиска Преспанска организација немаа свои агенти. Тие работаа навистина али периферно од самата организација од внатре, партијски, скоевци или симпатизери немаа како свои издајници уфрлени во организацијата. И све до

провалата септември 1942 година не знаеа дека на овој терен има таква ја ка партиска и скоевска организација и дека одред се формира.

Прашан од Ѓорги Танковски: Дали имаме Партијата свои луѓе во бугарската власт.

Му одговори на Танковски: дека незнам и ако знае Танко нешто тој да каже. Али јас знам дека немаме провокатори, немаме издајници во Партијата а тоа се должи на што: на добрата наша партиска консперативна работа едно, и друго, што во Ресен, околијата беше поделена во два дела како што знаеме под бугарска и под италијанска окупација. Бугарите овде немаа своја служба државна сигурност, организација, одделение. Таа организација-служба од Битола доаѓаше и тие овде работаа али од време на време значи не беа постојани одде. Овде во Ресен имаме само една полициска станица-участак со околу 20-тина души. Е, сега тие на чело сокомандирот нивни и валда некој друг имаме во полицијата во околиското управление. Тие имаа свои агенти периферно тие прво беа учителите што беа дојдени, кметови,потоа разни бугарофили Ополченци и преку нив колку што можеа толку се обезбедуваа и се информираа.

Сега сакам да кажам нешто за затворот. . Зашивниот терор малку беше речено Јовко рече дека таму биле отепани неколку, али тој терор бугарски па и италијански почнува некаде со провалата и тоа може да се види вака: Кога паднавме ние затвор ние бевме малтретирани, формозени, а после капитулацијата на италијаните тие веќе го проширија својот терор и почнаа таму да вршат и убиства. За тие убиства треба да се каже повеќе. А овде Горна Преспа т.е. под бугарска окупација што бевме ние најповеќе страдаа во тој терор Ресен, Болно, Златари, и Сопотско. Од тие села имаме и најповеќе затворени, осудени и после интернирани. Јас незна колку точно, валда има некој овде податоц и при Одборот на борците за тој терор што го вршеа колку биле тие затворани и судени итн.Имаќнешто и од јанковец тука, а долу под италијанска територија тука беше најповеќе малтретирано и тормозено Покрвеник, Подмочани и Царев Двор. и нешто другите села. А пред провалата бугарите како што знаеме тие вршеа повеќе малтретирање на малцинствата, не му даваа да се прикажат по нација, турци, шиптари не му дозволуваат да носат кечиња, да зборуваат итн.

/

А нас македонците не не признаваа дека сме македонци. Инаку што реков дека бугарите немаа своја државна сигурност-одделение, него од Битола се опслужуваме, зборува и за тоа дека кога паднавме ние затвор од Битол: дојде одделението на државна сигурност да ја води истрагата. Истрагата се водеме во Ресен, Кажани и Битола. На чело на таа група беме началникот Панов со двајца агенти Ангел и Ристо.

Нешто да речам и за затворот. Животот во истражниот затвор и во затворот каде што бевме осудени сепак се разликуваме. Во истражниот лзатвор беме многу полош, опасен за живот и по здравје, а во затворот каде што бевме во Битола, Скопје па и во Бугарија беме поснослив. Таму ние живеевме по 15-20 души во една соба. Во затворот со мене беа имаме од Сопотско Кире Нечевски, Борре Ставревски, Милам Мамковски и јас од Сопотско, што бевме осудени. А од Сопотско имаме 20 души од кои 18 затв рени и после пуштени, а некои од нив беа и интернирани. Инаку тие што беа со мене взатвор како што реков значи јас, Пецо Нечевски, Кире Нечевски, Милан Мамковски Борс Ставревски и други Јонче Пецалевски, Симе Нечовски, Мите Нечовски, Стеван Балавовски, Науме Ристевски, Боре Толевски, Панде Косевски, Мика Митревски, Мите Ставревски. Од овие сите 18 души 4 бевме осудени другите ослободени, а покасно некои биле интернирани.

Ние што бевме во затвор во Скопје, Битола и во Бугарија живеевме извесен партиски политички живот. Над нас таму се времене извесни притисок -политички притисок да потпишиме ние декларации дека се откажуваме од Партијата.

<u>Кицо Ноиковски.</u> Јас сакам да се надоврзам со неколку прамања на ова што другарот Живко и Јовко пред ручекго истакнуваа за да аргументирам некои прамања, а воедно ради верификација тука на скупов, тоа е едно, и второ, исто така, да се надоврзам на ова што другарот Танас Комитот тука исто така зборуваме.

Прво би кажал за тие прамања што Танас ги истакна дека на нас мислам дека се многу битни за Преспа неколку прамања што треба да се подвлечат, кои имаа влијание на развојот на народноослободителното движење. Сега ова јас што го зборувам како ние тоа го осеќавме

кој бевме во позадина, кои не бевме во одред или во единици. Прво тоа е прашањето на успесите кои ги имаа партизанските единици во овој период 1944 година за кој зборуваме до јуни, формирањето на неколку логори во Преспа. Ова што Танас го истакна прашањето на успоставени врски и движењето на партизански единици и патроли, активноста на Околискиот комитет кој веќе е исповрза, али исто така како четврто прашање, и активност та на партиските и скоевските организации кои делуваа во самите села. Без една ваква свеопшта поврзаност не може да се зборува за самото движење како такво, и сакам да кажам дека овие сите работи создадоа и покрај теророт кој го вршеа бугарите и на оваа територија сега ваму зборувам, и го истакнувам на оваа територија често пати тезата дека италијаните беа помеки, бугарите почврсти итн. Можда има нешто сосема малку али таа теза не држи што се вика. Али исто така за да неовозможат ваму овие терори кои ги ваму спроведуваа. Без разлика на одредени осцилациии кои се имаа или пропусти вакви или онакви што е нормално. Меѓутоа, една констатација сакам да истинам дека народноослободителното движење во Преспа постојано се наоѓа во успон. Без оглед те на провали, те на затвори, те на малтретирања. те гремки . негде ова она или кај некои ваква или онаква колебливост али како целокупно движење постојано се наоѓа во еден успон. Посебно тоа се одразува на младината и ова потполно е точно што другарите тука зборуваа.

Јас после когаќе зборуваме од септември натаму во врска со женската младина посебно што е како резултат на овие активности кои се вршат и на Комитетот и на другите и партиските организации и скоевските ќе се види дека најголем број секретари на скоевски групи, на младински активи на НОНСОМ, тоа се младинки што не значи дека немаме машки али најголем број се жени.

Ова прашање за оранизација тоа е целосно за за Преспа мажи за посебно да се зборува, али за Преспа како целина, али за групи во селата на НОМСОМ постојат скоро во секое село, затоа што секој скоевац беше задолжен да работи со некои младинци, а тоа го правеа и членовите на Партија со други каде што беа поврзани и сегде постојат како групи такви кои во натамошниот период ќе зборуваме за да израсне една целосна организација има СКОЈ и на НОМСОМ за територијата на Преспа прво за општин-

ски организации исто и за територијата на Преспа. За овој ентузијазам кај младината сакам сакам да истакнам, а покасно ќе истакнам и некои конкретни некои работи за Царев Двор и друго., али како се одрази. Прамањето на загинувањето на Миќе Војводата и испеаната песна за Мите ЖВојводата како херојски загина. Таа песна кај младинците во Покрвеник и другите младинци од другите села нагло продре и таа песна сепееме на секаде како тиква не се пламеа. Уите еден друг пример, преку Царев Двор во април исткнато е во хронологијата, али јас од друг аспект тоа го поткрепувам. Замина оваа група о д Ресен на чело со Илија Божиновски преку Царев Двор, Думени и натму после. Тоа се случува на Велигден мисле дека тоа е точно 18 април. На сред село во Царев Двор сите овие другари од Ресен кои заминаа во партизански единици тогаш и целата младина од Царев Двор се знае како е во тие празници религиозни во тоа време, во оро на средсело пејат "Млада партизанка да бидам во Пелистерската планина" со мамивчина црвени што вика Мите на велигнед, присуство на бугарска полиција при присуство на Мимев и на компанија и други ити. Зборуваме за еден успон без разлика за кое време било, зборувам за 194 4 година. Со ова не сакам да противречем, него истакнувам за ова Танас што зборуваме за движење на партизаните. Па знаете ли како одјекна тоа на секаде што Танас викаме движењето на Бригатата по Галичица. Па тоа еден морал создде кај народот кај луѓето како таков. А исто така и ова што викав јас за ангажираноста на Комитетот и другите.

Есега, некои конкретни работи како такви. Во март во Царев Двор престојуваат Живко Стефановски и Вера Оровчанец неколку дена, прво во куќата на Христо Поповски а после во куќата на Стрезо Радевски, и тогаш е формиран народноослободителниот одбор за Царев Двор во куќата на Кристо Поповски. Тоа е исткнато, имината се истакнати, али јас аакам да спомнам во помирскиот материјал не е спомнато името на Целе Лаповски кој во име на турците беше жжжж член на Народноослободителниот одбор и тоа треба да се спомне. и

Второ, во врска меѓу продирање на народностите. Исто тогаш во тоа време по препорака на Бале она што Живко зборуваме. Живко го поврзуваме со Бесима Ајруловски и кај Бесим Арјруловски се држи еден раз-

говори со една група од народностите. Друг состанок каде што присуствува група од народности, односно во куќа од народностите тоа е во куќата на браќата Зија, Мемед и Кенан Муратоски. Тоа е во април при крајот во нивната куќа од кои овој Мемед беше опфатен во Скоевксва организација а најстариот брат Зија за време на италијанска окупација во униформа беше уствари на другава страна како една сиромаштија да служи како курир

Друго што сакам да истакнам дека Партиската организација во Царев Двор во тоа време иако другарот Никола беше секретар на Партиската организација колективно работеше. Така да низа состаноци кои се одржуваа надвор од Царев Двор, често пати Никола ќе присуствуваше, Стрезо ќе присуствуваше или јас ќе присуствував. Сакам да спомнам за два состаноци, еден во куќата на Јосиф Зеленковски во Дрмени Илиевски во присуство на Живко и Јовко каде што во име на партиска организација јас присуствував, Никола често пати за Перово за овој комитет што другарот Живко зборуваше кај Кимета Кебиловски најчесто се држеа состаноците и еден исто така друг состанок во Езерени,Живко изгледа го погреши името, тоа е Ристо Тасевски. Ова сето е во април, а јас веќе во мај сум во затвор, односно ова се одвива во март и април , све што зборувам јас зборувам за март и април.

Во април се држи едно советување исто по нама иницијатива врз основ на инсистирањата активноста што беше на Комитетот во куќата кај Љубин Поповски и во вид на визита каде што сега се открија картите. Тука присустни сите скоевци, сите младинци, симпатизери. Ова советување посветено е на задатокот кој другарите од Комитетот го посветуваа по прамањето за подготовка за излегување на други групи во партизани во април и во мај. Од Царев Двор во партизани заминува при крајот на април Никола Бодозовски, а во мај заминуваат Кире Прцуловски и Стрезо Радевски.

Другарот Јовко ја објасна онаа провала што од Дупени се движеше и добро што го спомна праќањето на Илија Божиновски кој се најдуваше во куќата на Јонче Цветковски и бегајќи онд преку пенцера шмајзеро го зема со него, меѓутоа ташната која ја имаше со полно материјали летки и друго му останува. Што имаше во чантата не ми е познато.

Е, сега, ова што другарот Танас зборуваше за една масовност

прифатена. Јас имам предадено еден список во Царев Двор околу 50 души рачунаќи и скоевци и младинци-симпатизери во мај месец бројоѕа околу 50 души кои на разни начини се опфатени и најголемиот број кој небеа после мобилизирани во август-септември најголемиот број од нив се примени за на Партијата кога се проширува партиската организација во септември-октомври а исто и овие други младинци во СКОЈ.

Направена е една печатна грешка во хронологијата по оној материјал што го добивме за денеска на страна 12 каде што се зборува за една група,(имината се истакнати да не се задржувам) , каде што се зборува за примањето во партијата . Не се они примени, тие се примени во СКОЈ, вместо СКОЈ таму е печатна грешка направено пишано КП. Значи, тоа би требало да се исправи.

Од Царев Двор паднавме јас и Христо Поповски.Друго све она беме заштитено иниој не падна во затвор. Ние не бевме осудувани, беме осудувана групата од Дупени. Другарот Јонче беме осуден на 101 година, другите другари по 15 години.

Од Царев Двор во тоа време интернирани се фамилиите: на Никола Бодозовски како резултат на тој терор што е вршен, фамилијата на Кире Прцуловски, односно овие две фамилии беа интернирани.

Еве толку сакав за овие месеци, инаку она што се однесои другарот Живко ме потсете за некои акции што се вршеа во другите години ние зборувавме за 1941, 1942 година и целокупната активност е документирана на сите другари посебно на членовите на Партијата на Живко, на Боче, да не зборуваме за Свештарот.

<u>Димитровски Круме-Мичо.</u> Првите денови на август 1944 година на Илија Спировски-Панде во селото Локов ии Буринец каде што се најдува Прва Македонска бригада ми соопшти да заминам во Преспа. Во моја придружба со мене е уште Крсте Пановски, Пешковски Боро-Скопјанец и еден грк. Со усмена порака од Илија да се јавам во село Златари кај Никола-Мајсторчето, а овој ме поврзи со Пенко Здравковски. И ние четворицата стигнавме таму, се поврзавме со Мајсторчето, а овој групата не поврзува со Пенко Здравковски. Од Пенко Здравковски добивам следниот

задаток: да се поврзам со Живко Стефановски во вс с.Подмочани во месноста "Голем камен подмочански". Меѓутоа, по патот кога идиме ноќта од Злаѓари, поминуваме низ селото Козјак и се судривме со една бугарска единица без да ја знаеме дека таа е тука лоцирана во една куќа, требаме да поминеме низ едно двориmте, тогаш стражарот не примете и опали и ние назад се враќаме, али одиме сега во село Сопотско али во коријата. Утреденга бугариве врмат на две страни претрес во шумата, значи во коријата Сапотско, а и веројатно го брката и Живко. Така да другиот ден кога одам на закажаното место кај Живко со знак со една свикар "Пилето ми пее", покасно Живко ми се јавува оти бегал од оваа потера која беше по него и така се поврзуваме со Живко.

Од Пенко добивам задаток следниот: да пошто-пото да Андонов Тале Трајко-Комито се ликвидира да мотрам на Цане Сарафоф издајникот на одредот Даме Груев од село Лера. Да со луѓето балисти кои беа од малцинството имиме миролива политика да не ги стегаме да вршиме притисок врз ними, да не ги задивиме него да ги припитомиме и да ги добиеме барем како обични граѓани да не бидат пак против нас итн..

Умте не е дојдена 7-мава бригада од с.Подмочани, значи Живко Стефановски, Шумевски Борис и јас вршиме палење на општината Подмочани. Стражани Раповски Киме и Секуловски Лазе кои беа полјаци( ова се одвива околу 5-10 август)и Пенко тука е во Злаѓари, евего Живко, Евего Крсте со Крсте дојдовме, со Живко се сретнавме општината ја запалаивеме, мамината ја зедовме. Задаток немав од Пенко за запалување на општината. По акцијата на 7-ма бригада, заправо sударот со бугарите на Горици, Подмочани и Шурленци - Стење, бригадата повторно се враќа во Подмочани, после Шурленци. Во ова време една група од Царев Двор новоизлезени партизани кој се предводени од Баздров Евтим 10-15 можда имало некои езерани не се сеќавам, тука е Тале Комитот мој тетин, кој првпат ме гледа и го гледам, а јас бев сместен кај ќеркаму толку години невидени итн.и та го посоче еве такко иди и тука се запознаевме. Ме моли толку години човек да му дадам некоја позадинска работа, дека тој не можи со оперативните единици да оди. Да се маскирам пред моите братучеди оти тој има 4 черки и еден син. Го викам Глобочки Ицо подмочанец-партизан да помог-

ни во оваа ствар и го врза. Сега, во ова време (можда јас се бркам и сакам некој да ме корегира), веровтно е била формирана и базата во Дубојно овие денови. Откога е Тале врзан-разоружан и ден денеска го имам неговиот пиштол Берета италијански како подарок даден затоа што тој координираме со бугарите и со италијаните, а овие новоизлезениве другари од Царев Двор требаше да заминат во базата. Така да овој е врзан и однесен таму, али со препорака моја да се ликвидира.

Тале уште од Илинденското востание е на страната на врховизмот Ванчо Михајлов и 5 деца има родени сите му ее илегално родени, значи он често пати доаѓа од Бугарија овде, а прво се јавува кај Шимко с. Златари тоа му е првата врска, потоа во Гргчари кај двајца муслимани едниот дих е Демо Бекири, другиот е Мамут а за презимето не му се сеќавам. Потоа, во ова време за неговово доаѓање и родбава на овие 5 деца он врши едно убиство во Шурленци на некој друг комита веровтно на спротивна политика се биле и некои палење на лисници за козите итн. Уште со моето излегување во партизани он врши насилие на мајками и таткоми и советување да ја гарантира слободата да ќе ме наоружа итн. да не должам вероатно го имам ова кажано.

Така за ова писмо Трајко во Дубојно е ликвидиран, а во тоа време е Алексо Мусалевски политички комесар на базата. Сега оваа дата за Цане Сарафов, тој има друго презиме. Сега случајот на Цане е во септември месец, тој по капитулација на Италија, односно на Бугарија тоа би дошло некаде 13 или 15 септември, имам и жив сведок а и потврдни докази ќе ви дадам, тој со една група од 90-100 новоизлезени партизани Битола и Битолско престојува во Подмочани во непосредна близина на на школото и малку неумесно како улав одев по цадето сам со пиштолот и автоматот и гледам една единица која е на патот, а веќе има уште единици од Албанија кои повлекуваа, те постоеме некоја опасност да некоја нивна да залута некоја единица и да овие ги ликвидира итн.и имав намера да со командирот проговорам. Од заморот беа сите полегнати само еден стражар беме и откога се поздравивме го запрашав од каде е, а за мое изненадување ми рече дека е од село Лера и тогаш ми текна да го прашам за Цане. Јас Цанета дотогаш не го имав видено, а делата негови ги знаев од другарите во Одредот. Ми кажа овој стражарот дека таму спие и му рековвна

стражарот за 10 минуди да го разбуди и да му речи да дојди во одборот.
Во Одборот е со одборници Крсте Кецула, Мите Кецула двајцата браќа, Кусаковски Цветко таткому на Калчо и тука е и пандурот Алексо од Грнчари.
Ги замолив другарите да ми помогнат околу врзување оти тој малку поразвиен беше од Живко Стефановски, те малку мене и ми фуфкаше оти му го видов и пиштолот каде што лежеме вака најотворено. Му реков на Стриго Цветко-бог да го прости, да ми земи едно јаже од соседниве куќи ради врзување. Стриго Цветко истрча и од Таки Кажановски зеде еден огламник и кога дојде, а пред тоа му спремивме столица да седни, Крсте Кечула ќе го сослушава заправо односно ќе го прашува за потребите за единицава.
Овој кога дојде седна на столот и му пријдов, му реков да ги крени рацете, Алексо го разоружа, го врзавме и рече дека е некоја грешка.
Тој кажа дека е главенс соработник и а Стив Наумов и Одредот Даме Груев.
Јас тоа го знаев му помагал на Одредот, а го знаев да на овој исти Одред и му фрла отров во храната спреман од буварите (Ѓорѓи Танковски кажа дека овојбил и секретар на реонски комитет пред да стене предавник)
Мичо потврдува дека било точно. Тачно, секретар на партиска организација во селото Шин и на реонски со Коле Бембел. Му викам на Цане, ако е грешка, грешката ќе ја исправиме, а добро што си бил соработник со другарот покојни Стив Наумов и со одредот, а дали ти беше тој што отров му клаваме во храната на тој одред. Рипна од сток и викна не, Му реков добро и тоа не е точно. А му викам па тие 6 другари ги отру ти од кој еден бил Цокано, Лазаревски Пандо, Мики еврејчето, Трајак Белев, Ѓокано е убиен, Панде од Нижеполе е заробен, Вандо го спасува Мики и Трајан Белев-Гоце од Нижеполе е во Крани кај некој муслиман, за жал не открив која е оваа муслиманска куќа што овој човек го лечела како раненик.
Пошто овие денови од касарната Ресен со камиони се превозуваа кебина, креветина, брашно за базата на Дубојно напишав исто така едно писмо до Алексо со молба да се ликвидира а на камион качен во кабината спровод и тој таму е ликвидиран.

Мене една работа ме чуди не толку за Цане отколку за Тале Комито. Слушав од Кицо Нонковски и Лазе кога влегуваа во дуел за припремите за неговото убиство. Незнам дали ќе бидам во право: Зашто Партиската организација, кога велиме постоела партиска организација во Царев Двор

што е точно дека постоела, зашто оваа Партиска организација Талета не го убива кога Тале често пати одел во Грчвари и Подочани кај ќерките и во Рајца кај ќерките негови. Зашто оваа партиска организација не го убива кога одел кај ќеркаму во Крумје и таму има ќерка се вика Васка. Те се чекало толку време да може овој непријател на нашата револуција да дејствува пропагандно а и фармација како четник-вова да може толку време да опстани овој човек малку е вака за чудење. Во оваа смисла за овие двајца шпиони толку сакав да кажам, меѓутоа сакам да кажем нешто сега кој на некој начин е многу пожелно и потребно за нашите мајки, сестри, жени, тетки мислам на преспанки на ова сеопшто движење овде во Преспа, на овие сите безброј луѓе-партизани врвеле не кажавме кој ја спремал ова храна да мажот или овој членот на Партија или овој скоевецот, или овој симпатизерот однесе таму вреќа или торба леб итн.

Апелирам, да на некој начин некоја секција ако имаме можност и вечерава да останиме покасно после завршавање ова нашето направиме навистина, можда малку ќе ни фали, али да дадеме една убава слика за нашите преспанки во оваа сета општа револуција, а ние ги кажуваме само мажите, а ние не спомнавме жени туку само две = три жени, а кој овие единици ги хранел. Ова треба да ни тежи на сите на душа и треба да ја направиме. Готов сум вечер и цела ноќ да седиме или сега да се одвоиме да формираме како одбор нешто за оваа работа и да ја напишиме оваа работа, оти оваа работа е празна. Тогаш мажите биле се' и борци биле и организатори биле и леб меселе и манџи итн.

Сакам на ова уште нешто да кажам надвор што многу убаво другарите Јовко и Живко, Кице спомнаа, Танас. Лазе за поедини другарки итн. кои биле опфатени, али многу од нас знаеме кои жени не биле опфатени, воопшто не биле опфатени, али ако чукнал Живко, Јовко овој или оној вратата му била отворена нему, таа ако не појќеќе, али ќе му го кажела патот немој таму да одиш туку ваму. Ова го акцентирам од тоа што веќе народот како потврда дека е ова народна борба.

/

Јовко Јовковски.

Другарот Живко прееска истакна дека ударот што беше нанесен со провалата на партиската организација немаше некое потрајно дејство така да веќе во Јуни месец скоро сите овие организации и партиски и народноослободителни одбори и све на цело подрачје на Преспа беше консолидирано и во еден поли замав во натамошната активност што потаму ќе се во текот на август ќе се види со едно масовно доброволно излегување на повеќе стотици партизани.

Во текот на јулискоро во сите дела на ова подрачје северно од Ресен од Бигла формирани се народноослободителни одбори а во Сопотско во август сем во Јанковец каде што ние немавме формирано тоа народноослободителен одбор. Партиски организации се формирани во Крушје, Лева Река, Златари со Кривени заеднички, тука е Живко Бојковски и ако е тука и Партела и после ако е издвоена, јас не се сеќавам и овој од Божиновци не можам да се сетам активистот. Толку за ова подрачје бидјќи покасно се обновува покретот овде.

Јас мислам во почетокот на август или во крајот на јули формиран општински комитет во состав од Живко Јузевски, Крсте Монте-Мајстор че и Пандуле се тука тие во тој општински комитет.

Како резултат на една општа раздвиженост тоа подрачје веќе тогаш се е веќе и некоја врста слободна територија, не за разлика во месец јуни да го наведам за илустрација, ни во јуни месец одевме малку подлабоко во шумата со Илија Божиновски и со покојни Марјан,меѓутоа сето тоа идеме како и тие успеси што се постигнати, кој рече благодарение на овој или оној, благодарение на општата ситуација која беше присутна најмногу имаме едно поголемо раздвижување. Така да ние веќе полека на ивица на шумата да не бидеме ептен на , во селата не одевме на спиење беме пријатно-летно време беше. Така да на самата ицива првата грмушка тука до ливадите, ние тука спиевме. Тој општински комитет тука делуваме на цела Јанковска територија, односно тоа како за Јанковец како пишти на делуваме а место седиште немаме. Така да денски дојде до тоа да доаѓа луѓе без да ги викам на разговор, омладинци, младинците чуваа стража пре през дента, а ние тука на ивица на шумата и кај ливаѓето чешмите каде бе

беа па потоа Крумеј, Лева Река исто исд селата над ними доаѓаа масовно луѓе, чак имавме тоа да ни дојде и кметот на Јанковската општина Симо Татарче имавме разговори и дојде се понуди за учество и да помогне за покретот, тогаш дојде во една прилика Томе Димитровски кој бее опфатен и во месниот комитет беше, агроном од Битола, па чак пред капитулацијата на Бугарија дојче и околискиот управител, јас бев на теренот на Крумје па Пенко се избацува со него и рече дека со овие што се бацуваат на кои не му е чиста совеста.

Сакам да кажам дека имаме една таква раздвиженост, а новие младинци посебно ни предонесоа и овие пропагандни материјали што ги имавме. Па потоа Врачето кое се пееше партизански песни. Тоа се масовн од младинците насекаде се пееше и она што рекоа во Велигаен, јас незнам тоа таму рано во овој дел на на оваа активност масовно на тие седенки, вечеринки и други работи масовно се тоа пееше и доста материјали "Братство" на Првата Македонска-косовска бригада, па народен војник на Втората бригада,па "Илиндески пат" како такви што ги добивавме доста ни користеа, камо ли за една поширока политичка работа.

Инаку сите овие работи од другарите и од Брајчино и од други расправано е и порано а има и реконструкција од 1956 година и све е тоа на еден одреден начин присутно и напишано и избегнуваме да го повторув ме во интерес на времето и во интерес на средства да не куцаме фазла страници за нешто што е еднаш напишани веќе констатирано.

Во овој период се држат и понатака состаноци на народноослобо дителните одбори се уходуваат и тука и на ова подрачје и сега што е он најкарактеристично ние имаме во овој период нагде на 4 август имавме и состанок на комитетот, на кој беше анализирана и состојбата со провалата и општо активностите во организациите и беше заземен став да се оди на најшироко на конференции, покренување, мобилизирање на масите за излегување во партизани. Состанокот беше одржан на над Подмочани на место викано "Осој" кај Мечкин камен. И веднаш после тој состнок, треба да истакнам дека тогаш и формиравме Околиски комитет на СКОЈ, тоа во реконструкцијата се дадени имињата и тука е дополнет Околискиот комитет со Бото Ќазо како член на Околиски комитет.

Викам во август имаме масовни собири сегде на цело подрачје на Преспа и веќе по 20-30-40 души излегуваат во партизани и базата која е кај Лева Река која никна тоа не беме званично, туку природата на работите наметна да се создаде една база, тогаш уште во јули беа излезени Кире од Лева Река уште двајца Ајтата и друг таму беа излезени, Кире се задржа, курири што носеа борци исто тука се идеме и се формира една база која просто стално се одеме и идеме и нови борци по стотина и некогаш до 150 во еден момент на 6-7 септември дојдоа и толку се насобраа луѓе од околу 150 а оружје немаме ништо само јас во тој момент се задесив таму и морав со пиштол и шмајзер да водим 150 луѓе натаму за до Велмејци. Кога се враќав Бугарија капитулира.

Само низ таа беза во овој период минаа околу 600-700 луѓе во Преспа. Тоа значи е грото на овие младите, младината веќе најголемиот дел излезе во партизани. Тука е и Ресен групата која за Ресен и пак да спомнам тука една сковска група ње формира во август и тоа поголема и со еден актив поголем и оттука тие сите скоро излегоа на два три наврати такви групи излегоа од Ресен во кои сите сковци и мадинцки беа опфатени за кој и Нико Тозија на некој начин зборува.

Морам да ги потврдам наводите и Вите и Мите кои ги ги истакнаа дека тоа подрачје извонредно големи напори влагаме и со храна и со се' дури во некој момент моравме некои и да ги опорезуваме што посебно беме критчно што моравме трговците во Ресен да дадат, со Татарче за купоки преку овие Крумани покушававме нешто да направиме. Еве за овој периот на тоа подрачје коога имаме навала на борци кои заминуваа на тој терен.

Сакам да укажам кога говорам на ова расположение оваа хронолошка единица 714 ми се чини има извесни контрадикции. Од една страна викаме се констатира дека Партијата нема углед во масите, нема ништо, а масите се расположени за НОБ сите. Оваа е една нелогичност во тоа. При сето тоа нека се во еден контекст види што е тоа што и колку е таа оценка во ред и колку се совпаѓа во една реална состојба за која еве сите ние овде расправаме и ја изнесуваме таа активност во Преспа во тој цел период.

Уште да кажам непосредно тогаш пред капитулација на Бугарија веќе во Златари пристигнуваат и и затворениците така да и тие се ставуваат на расположение на покретот и понатму се вклучуваат. Еден дел беа одма во единици заседоа должности од комесари на батаљони, заменици на комесари на батаљони, комесари на чети, заменици комесари на чети итн. Овие пристигнаа негде на 7 се сите тие стигнати, Тени беше задржан по СКОЈ да работи, после во обласни комитет на СКОЈ одиде. Јас со една група тогаш одма поминав низ Болно со некои другари од Болно и продолжив понатаму за Љубојно на 9 септември веќе се најдов во Љубојно. или на 10 неможам точно да се сетам.

Стефановски . Во врска со ова Јовко што зборува ме за масовото излегување уште во текот на јули јас со договор со Дејан направивме еден позив кој го отцуца Мите Мајзер пред да му ја земеме машината од општината, така да имав и доста позиви, каде што не стигнавме усмено да ги повикаме праќав и покани значи масово се одазиваме народот на поканите што ги повикувавме за во партизани.

За интернацијата ќе зборува другарката Гена.

Јовко Јовковски. На овој терен од преспа без никакви покани спискови луѓето се пријавуваа и заминуваа доброволно подполно доброволно на собири-народен собир со цело село на конференција расправање и одма се пријавуваа за излегување во партизани.

Димитровски Круме-Мичо. На симпозиумот во Дојран 1985 г. другарот командант тогашен на народноосслободителната партизанска војска на Македонија Апостолски во едно место има речено: формирани баталјони мест итн.. во кој еден баталјон вели: во Преспа 1943 година. Веројатно тој испуштил во годината или печатна грешка оти тоа некои од историчарите така и ќе го прими. Овој Баталјон (и сакам помош од Живко, Јовко) е формиран овде во Преспа Подмочани, Царев Двор околу тука некаде. Тоа е по иницијатива. Пецо Чауле, тој беше во ОЗНА, тогаш беше и ОЗНА формирана, баталјонот јас го наоѓам формиран, ова е септември 1944 год, околу 25 во месецот во кој е командант Прцуловски Мите од Царев Двор.

Јас сум назначен политички комесар на овој баталјон. Овој баталјно два-три дена престои во Царев Двор каде што се спрема и одела за целиот баталјон, имаше и шнајдерница (можда некој од царедворци некој ќе го кажи) од ќебина од бугарите правеа одела, а луѓе имаме од Ресен одеми таму да шијат одела.- ресенчани шнајдери. Меѓутоа, овој баталјон добива наредба да оди во село Враноцви, во Главниот штаб на Македонија тогаш се најдува таму. Така да со самото наше пристигнување таму овој баталјон е преполовен еден дел останува таму, другиот дел се враќа и во Гопеши се приклучува во 7-та бригада. Јас само ова сакав да го кажам за формирањето на овдека, можда корекција и на покојниот Апостолскиво годината во времето.

Вите Качоски Неволку збора ќе речам имаме еден тежок терет направена е една книга на погинатите борци од народноослободителнаа борба на преспанскиот дел. Овде бев повикан и јас како учесник и како пострадана фамилија бидејќи братми беше погинат и тогаш го поставив и потенцирав таму овој другар никаде не го најдов, а овој беше член од 1942 година. Дојде ранет во кичмата со гипс 1944 година и во с.Крушје умре во најголеми маки и војската која беше стационирана во Крушје го погреба со почесна плаба и командантот кој беше му одржа и говор.
Не е ниту во споменикот Крушје, незнам овие другари од Крушје кои порано биле викани дали тие се сетиле на овој другар Крсте Здравевски. Оваа споменица потпишана е од другарот Тито. Таа беше една сиромашка фамилија иммачена, земаа и војна помош, али никаде не постои во селото Крушје. Молам, ако е направена грешка-омашка некоја тоа го проштава, ама ако е пропуштено да не се сетат другрите порано. Јас првпат сум викан на ваков собир, тоа нека му тежи да вакво нешто не смее да се случи, луѓе од ништо ги направиле борци и све, а овие луѓе кои погинале, стварно кои го дале животот ево не се никаде споменати.

Два збора ќе речам Јовко збораше за Крушје и Мите кажа, значи 1944 година Крушје беше центарот не само на Крушје него беше и на Лева Река, на Избишта, тоа беше една масовност. Фреквенцијата беше огромна бидејќи на патот селово Крушје се наоѓаше на главниот пат Битола-Охрид. Штаб во Долно Крушје германски, участок во Крушје, горе војска, али

благодарение на единството тоа се прифате. Мите можи пропуите, но главни кои беа особено жени и другарот Мичо ги спомна како што беше снаму на овој Каља Здравевска па покојнамајками Коља Божиновска. Не ги спомна страрно жените беа во Крушје толку оптеретени тоа не можи да се опиши кога толку движение имаме, толку групи на партизани, па требаше да се спрема, ние на луѓе му фрлавме по 7-8 брави да се заколат тоа можда беше покасно, па Петаата бригада тоа беше страшна работа, а она што рече другарот Јовко тоа месноста се викаше"Папраќено" тоа беше на Крушевски тер али близу со Лева Река. Значи тука беше прифаќањето. Значи толку беше оранизирано што имало летви можеби и Јовко се сеќава, да јас имав брат од 9 години, му го земаме шмајзеро и сакаше бившиот кмет да го убие. Јовко го фати по раката и му рече: чекај, сега рече готов е попуште и му рече немој, а братми му го украде шмајзерот од 9 години дете тој рече братми го предаде и сакам да го убијам, а тој идеме кај нив Јовко и Маријан и Иљо Божиновски ги запламија, се неутрализираа и почнаа да даваат и да работаат. и такви моменти имаме.

Еден пример да ви кажам. Сега знаеме тој беше од побогата фамилија и често пати даваше и негови пари. Слеквајќго, алиштата да да се исперат, тој ти имале наполеон внатре, кој повеќепати му даваше на татко ми во Ресен да расипи и да купи материјали. И со Живко Јузевски ние ги нисиме и пламејќи се се разбира од вошки. Да испадни тој наполеон каде имаме компири и јовко вели имаме еден наполенон овде и си рековме што сторивме ете ќе дојдеи, а мајками ги переше алиштата. Ова ќе дојди како такво, ова злано е ипак примамливо е, пафнавме во небрано , јас и Живко го прекопавме целиот компир и ете случајно го најдовме и да се отстрамиме. Му го однесовме на Јовко и му рековме еве го бре Јовко, а оти не кажа дека вакво неиго си имал.

<u>Гена Шумевска.</u> Мај 1944 година после крвавата ноќ меѓу којшто беше стрелан Панде Стефановски, Мице Цурбиковски од с.Курбиново. Се слушна пonатака дека од Крани, од Љубојно и од Брајчино се стрелани, меѓутоа ние не ги познававме само што тоа беше слушнато.
По два-три дена, после убиството на овие луѓе спроведена беше една акци

ција интернирање на ли ца коишто беа провалени во текот на овие што беа паднати во затвор, фамилии беа провалени што чувале илегалци, одржавале врски и фамилии на којито тогаш излегоа нивните членови од семејството. Во ова време бевме интернирани 32 души како таму не нарекуваа Ристанти. Три фамилии беа интернирани од Болно меѓу кои фамилијата на Атанасовски Борис-Ќазо таткото, мајката и жената со три деца, фамилијата на Танас Грнецо од Покрвеник жената две или три деца не се сеќавам колку беа и старата мајка кузне колку беше стара, се сеќавам кога ја донесоа таму ние реагиравме што ова жена ќе ви наштоди ако ја оставите дома и на крајот не прашаа тие и викаат: колку години имаш бабичко. Ова одговори дека имала 28 во 29 - изгубена беше жената. И по вака настојување наше ја в фатија нејa. Од Евла беа три фамилии на Панде Кашмик жената Мила и со три деца, на Михајло Јосифовски беше мајката со три деца од Евла односно 4 фамилии се од Евла На Крсте Јоновски жената со две деца не се сеќавам по име како се викаше знам дека Крстеица ја викавме, жената на Борис Ќазо со мајката, жената и со три деца тоа беа 5 члена од таа фамилија, фамилијата на Михајл Јосифовски мајкаму со три деца и Мила Кашшиковска на Панде Кашшиковски жената со три деца. Тоа беа од Евла. Од Царев Двор беа: на Кире Прцуловски жената и синот и фамилијата на Никола Бодосовски по име мајката се сеќавам се викаше Васа, таткото Цветко и сестрата Николина. Од Дрмени беше интернирана жената на Јосиф Зеленковски Илиевски со едно дете, сегашниов директор помдиректор во Агроплод тогаш беше 4 годишно дете, реков Фамилијата на Танас Грнецот жената со две деца ли со три точно не се сеќавам, али најсигурно беше со три затоа што бројкава како што не прозиваа таму 32 ристанти сигурно таа беше со три деца.

Тоа сакам да кажам дека не беа на сите што беа излезени во партизани нивните фамилии интернирани туку само овие.

Е, сега за Подмочани беше интернирана Мила Стефановска со децата Петре и Думанка, ние бевме Шумевска Флора, Гена и Милева и Божана Јовковска од Љубојно мајкаму на Јовко Јовковски. Во тоа време беше многу вака тешко, сакам да се обележи дека беше извршена интернација.

Само уште два збора да речам заПартиската организација. Живко и Јовко збориаа и спомнаа неколку личности, меѓутоа во Подмочани покрај ние што бевме активно вклучени-поврзани вклучување на илегалци со едно со друго ние имавме опфатено голем број на младинки и младинци. Дури сакам да кажам ја имавме обухватено и ќерката на Трајко и двата синови коишто активно се вклучија во текот на 1944 година и пружаа неизмерна помош од облека, чорапи па и од другите младинции и младинци.

Кога ние бевме овие фамилии интернирани младината и жените АФЖ тоа беше Деса Дојчиновска, Веса Кусакоска, Зорка Мицалевска и уште неколку и овие младинци што беа споменати од Живко, Јовко и јас што ги споменувам сега организирале доброволна работа во која што цело село учествуваше во прамењето на пченките, во жетвата, дури ние се вративме при крајот на јули дури и врмидбата и после тоа сите други работи што требаше да се врват. Како на нас така и на фамилиите на паднатите борци во тоа време. Сакам да речам дека младината беше тогаш толку активирана, толку слободна, слободно се пееја песни, слободно се играме поготово таа година на Велигденкога излегуваме групата за партизани јавно ора се тргаа со Млада партизанка и никој од никого не се чуваме во тоа време.

<u>Киме Манчевски</u> од с.Болно. Негде Јули месец од Болно излегоа партизани млади деца кои беа организирани од организацијата во Болно и младинската прганизација која беше на чело Владе Богоевски. Во 1943 годи на избега Христо Герасовски-Буцко кој загина вашу во Дебарца, Се пријаве кај мене, ние врската ја имавме изгубиено летото со Трајана Пинце, ЋТрајан знаеше италијанска да збора и Трајан го префрле преку таљјанскі територија и натака каде отиде незнам.

Некаде 1944 година во ова време јули месец Драгомир Суклевски сЙ дојде на отпуска и не се врати назад значи и тој отиде во партизаните,Тоде Наумовски-Манде што беше овдека и тој отиде во партизаните. Во тоа време Владе Богоевски ги организира младинците, еднаш се провале организацијата, не се согласија, на другиот состанок Владе ги организир Значи Владе Богоевски избега, Ванко Герасовски, Кире Наумовски-Тодорчет Леце Таљанковски, Кицо Милевски-Шандо, Владе Герасовски-Бабичот, а

покасно во тоа време во блиските денови во тој месец пред почетокот на август избегаа Борка Поповски , Гога Поповски, од Болно, Калина Манчевски, Ламбе Исфочки. Пак кон крајот на августот Пандушко одржа некој говор кај нас отворено кој се приклучија и други младинци Као Кцве Апостоловски и други во тоа време. Значи тие беа што во оваа време излегоа во партизаните од Болно.

Негде јули месец дојде Иљо Божиновски во Болно и лично преку Кицо Апосстоловски ме викна мене и требаме да се организира одесе за Златари. Требаме младината од Златари и од Сопотско да се мобилизира Иљо да ја земе и да ја носи некаде во логорот за Левар Река итн.Јас ценга дојдов во Ресен ќе одев за Златари за да се поврзиме со Златари го најдов Лазета Денчо овде во Ресен и се договоривме со Лазета другиот ден Лазе да не чека Бакојца некои ливаѓе има тука и идна шума, ми рече Лазе ќе дојди со колата и тука ќе се најдиме. Нокта кога врвевме ние со Иља Божиновски Јанковец кај манастирот, војската германска се пакуваме. Го пречекавме еден Стојан од Љо Река некаде кај Јанковец одеме со дрва за в Ресен и му рековме да го извести Јовка во Љо Река дека германците се дигаат. Јовко може да знае дали го извести тој Стојан или не за тоа незнам. Но кога отидовме ние Златари дојде на позивот Лазе Демчо и еден Панде дојдоа двајцата и му постави Иљо дека младинците од Златари да ги организираат и еден да оди во Сапотско да ги организира младинците и Иљо ќе ги земе и ќе ги носи преку Љо Река некаде. Меѓутоа чекавме цел ден тука со Иља Божиновски, вечерта дојде Лазе и ни кажа си исколебаа, половината ни избегаа удолу низ селата Преспаски итн. Другио ден два вечери спавме и јас си дојдов и Сопотско младинците избегаа и Златари не ни дојдоа во тој момент. Иљо Божиновски е жив , знае што стана со ними, и Иљо остана тука, а јас другиот ден се вратив за Болно назад.

Во Болно летото 1944 година престојуваа сите илегалци од Јовко до Ќазо, до овие од Покрвеник и незнам уите и не можам да ги набројам сите. Во тоа време нас ни се постави еден задаток од партизаните од Јовко од овие другиве да на бугарите му е крајот и Бонскиот народноослободителен одбор во случај на капитулација на Бугарите задолжен е да ја

преземи целокупната имање од касарната и тоа: прво, да се земе оружјето, после облеката, најпосле храната и да се внимава ако капитулираат бугарите.

Во еден момент којшто со ноќи не бевме спани с о Лазета овдека и другиот одбор в планина Панде Беием беше и Кире Прцула таму, помина еден бугарски над Ресен-Болно заврти и пуштаме некои летки. Ние таму останавме горе, сабајлето имавме оставено курири во Болно беше Тимјо Наумовски, Љубо Нечевски, Трајан Каратане и тие не известија, Тимј дојде и не извести рече дека бугарите од Ресен си отидоа и од Болно си отидоа бугарите Панде Беием и Кире Прцуловски беше заминаа за Дупени јас ги стигнав до некаде ми дадоа една потврда-белешка да целата касарна ја преземиме ние од Ресен. Се вратив јас, потоа јас и Лазе отидовме на к касарна и кога дојдовме ништо нема - штама. Излезе еден човек оттаму то Симо тапанџија и му врзавме една трака бела и му дадовме една пушка ина све беше расфрлено по тоа дворот и ако некој дојди нешто да зема пушката во име на народот нема ништо да му дадеш. Во тој момент се појави една мала кола - џип и их тројца или двајца беа германци Живко Кремчо беше и едно Цоца Манддар едно ниско од Ресен, односно Круме Мант И ние кога го видовме тоа камионче се вративме назад сметајќи дека дојд да ја минираат касарнава. Влегоа тие германците внатре тројцата во каса ната овој Живко Мицале и Тој Мандар останаа надвор. Кога видовме овие останаа надвор (едниот Манта се викаме Мицале). И во тој момент му пријдовме јас и Лазе и му рековме: случај што сакаат нека земат германците само да не ја минират и да не ја запалат. И во тој момент тоа Манта малото го извади пиштолот штаер со една долга цевка и ми вели мене што сакате да пљачкате - земајте што сакате. Му реков, случај тој пиштолот со извинение ломо се изразив тој пиштолот ќе ти го пикнам... или пикниго вцеп и ова што му рековме на Живко тоа да се сврши. Тој му рече ајде бе ќути и еднобуре имаме со мало, тука тоа буре истече со маало надвор и тоа камионче го наполна со цигари германиците и си отидоа.

Ние се вративме Болно народноослободителниот одбор Калија Ристевски , Вите Ристески итн. ги задолживме да створат складови во Бо нода од касарнава треба да се преноси роба, а ние јас и Лазе се вратив-

ме назад од касарната и во Болно извршивме општа мобилизација до што е колце што се вртит све да биде на касарна. Два ношти и два дена кревавме ние роба, имам списоци што е кревано од касарната и што се зачувани и магацините кои се.

Лента 6 - ОШТЕТЕНА!

Тие непреспани повеќе ноќи чекајќи на бугарите капитулација и во тоа време неспани бевме доста, тие два дена и два ноќи кревавме од касарната, а од Буково до Ѓавато само ракети штрапнели германците фрлаа, се плашевме да не сврати некоја колона в касарна и целиве селани ќе ги побијат кои беа со волови со коли што се кравеме од касарната роба. Ние со Лазета водевме списоци со која кола колку тоариме, а во Болно Калија Ристевски и другите од одборот ствараа складови горе, овде има и списоци каде и колку кебина (со илјадници имаме)со илјадници вреќ брашно имаме, сало, бурина и што ти не друго.

После тие два дена дојде Панде попот и Пенко Здравковски. Ние бевме доста уморени и тие ни рекоа: вие одетеси, одморете се, оваа работа сега ние ќе ја преземимеи робава ќе ја носиме за Царев Двор рекое дека шинели шиеле итн.и ја носеа Дупени, Царев Двор односно незнам робата оттука каде се носеме. За ова Цареворци знаат каде се носеме робата. Меѓутоа, во тоа време дојде Гулас со еден одред кој беше тука. Одредот незнам како се викаше во Болно и ни нареди другиотт ден да извршиме општа мобилизација од 15 до 55 години. Списоковите и сите ние млади луѓе што беа способни извршивме општа мобилзација. Бојан Поповски командир на чеатата го кладовме и четата да замине за Љубојно директно. Ова е за време Бугарите кога капитулираа вториот-третиот ден. Во тоа време ние ги мобилизиравме за да одат во Љубојно затоа што тука бригадата не беше затоа што Гулас нас ни нареди затоа овие заминаа директно за Љубојно. Можда да е воа на 11 али кога дојде Пенко ние со Лазета не бевме. Дојдов ме во Болно во тоа време кога се вршеме мобилизацијата во школото и став на на Митета Богоевски таткому, јас рече ќе бидам кмет во Болно. Наумечетникот што работеше во тоа време тој рече јас ќе бидам кмет. Стана една трзавица околу тоа, Наумета го тргнавме ние, четава замина. Јас и Лазе го зедовме Науме ние имавме пушкомитролез од касарна еден "Зорка", го испробавме дома ка, нас и му кажавме на Наумета дека ние те спасивме

/

работата беше ваква со тебе ќе одиш со Одредот. И Науме го зеде пушкомитролезот наместо Науме да оди со одредот, се скрил некаде Езерани и денеска не знаеме каде е пушкомитролезот каде што го оставил. После другиот ден, во тие дена дојде еден партизан во Болно, курирот ми рече дека еден партизан ве бара. Кој е тој партизн. Тој е Чауле-Пецо со еден бел коњ беше дојден. Не викна нас директно кај мене дома одржавме состанок и ми рече овде да ми викниш неколку стари луѓе. Јас му викнав некој што најдовме, немаме млади луѓе. И директно му нареди на Ламбета Прангација му нареди Ти ќе одиш кај Наумета Темето ќе ги земеш воловите, ти на овците итн. Ние останавме во небрано и се прашуваме што е оваа работа. Меѓутоа во тоа време Тине му рече дека овдека во Петрино има доста оружје од германците, односно од Бугарите оставено да одиме да го земеме. Пецо Чауле отиде во Петрино, а јас му реков оставиго ранецот. После вечерта дојде по ранецот. Заминаа за Дубојно овците, одговорено му беше со не, кој му нареди, јас. Којси ти да му наредиш ми рече, го извади пиштоло и јас го извадив. Рече, тие го убија Митета. Не е верно да тие го убија Митета. Му реков не е верно таткому не знае, ти знаеш. Ми рече јас знам, таткому на Митета не знае, јас знам. И во тоа време кога му објаснав Мите со провалата како загина. Чауле одустана, значи робата не отиде. Во тој момент Панде излезе и го зел Наумета Наумовски кој беше окуражен со овега и тогаш што знам што стана. Ванета Наумовски беше.

<u>Јонче Пецалевски,</u> Сопотско. Јас сакам да се произнесам за Август месец. Тука е другарот Јовко присутен, Илија Божиновски присутен, тие на два наврати кај нас дојдоа. Прво, првиот наврат беше во месноста на, така викано "Бакојца" имеѓу Сопотско и Златари, се одржа еден состанок меѓу мене, Панде Косески и Јовко Илија Божиновски, ова беше при крајот на јули време жетва беше, за датумот ретко се памети. На тој сотанок разменивме повеќе мислења и се договоривме меѓу другото да одржиме еден помирок собир на луѓе во Сопотско, тоа беше после десетина дена тој состанок го одржавме и тоа имаме педесеттина души којшто ги повикавме на одредено место кај црквата горе и разговараа со Јовко, Ильо, јас, така помироко со сите другари, значи кои мерки се потребни да ги преземеме за што поголем број излегување на луѓе во народноослободител-

ната војска. Меѓу другото се раcправаме и за други проблеми во поглед на снабдувањето, во поглед на организацијата на помош на единиците итн. Значи, разменети беа повеќе мислења со селаните и беа прифатени тие пред лози и мислења еднодушно од сите луѓе. За ова тука Јвко е присутен. Покасно, после неколку дена кон крајот на август месец ова што го Киме изнесува дека побегнале младинците и отишле ваму, тоа е скроз неточно. Ние ќе го повикаме Иља Божиновски и ќе го расправиме начисто, евего и Јовко и јас, таква работа нема. Со група младинци и тоа да речам десетина и повеќе луѓи во тие денови отидов и јас заедно во Караорман. Јас лично бев во Караорман. А Иљо не беше во Караорман ниту во Сопотско во тоа време. Прво излезе Реис Шакири, за ова Јовко знае малку порано со Вас сеше каде отие, али Реис не дојде во Караорман. Појдовме ние и од Караорман се вративме со формирмирани единици, така да не одиме како башигузук туку со формирани единици по десетини, водови, чети итн. Тогаш 10-12 луѓи отидовме, тоа беше Нико на Пеца Нечевски братму, Мите Нечовски беше, Симо Рајчевски беше, Блаже Крстановски беше, Панде Ќосевски беше зетот бонски, Јас бев и уште неколку други другари. Јас не би зборувал паушално за работи којшто не ги познавам. Не би требаало тоа оти се добива впечаток да сега кога Јофко дава едно позитивно мислење за цел тој реон да речеме голем кој што ни еден неотишол во вид на мобилизиран да го потера со сила, скоро цел народ се дигна да оди доброволно, а сега ние викаме да овие дезертираа-побегнаа и не сакаа да одат (се замеша и Јовко: вели дека таква работа немаме) Еве тоа е така, тука е Јовко присутен ќе го прашаме.

(Јовко) во тоа време немаме разлози за такви работи).

Пецалевски: Другарот Јовко многу позитивно кажа дека младината на Сопотско беше една од ретките младини во активност во тоа време. Сега, можда ние имаме одредени грешки којшто се направени на крај-краевите кој сите и ние, али таква работа воопшто немаме.

Сакам да кажам на тој собир којшто беше одржан во Сопотско тогаш престоеше некое тело којшто требаше да решава некои проблеми во селото, меѓутоа тогаш е формиран и народноослободителниот одбор. Во него влегоа Мите Пецалевски како претседател на народно ослободител-

ниот одбор, Тамко Нечевски, Стерјо Инџески, Рамиз Шакири, Изет Тафиски. Овие беа во првиот народноослободителен одбор, а покасно имаме и други. И сметам таа активнот што беме после, другарите знаат, Сопотско беме еден вид премин есапи на месноста Ѓавато. На неколку пати Козјак, Сопотско вемеме одредени препреки веќе кога германците отстапуваа, то џадето го копавме, цел народ станувме без никаков збор и кога ќе дојдеа одредени точки таму вршеа напад поготово Одредот на Седмата бригада командант беше на Одредот Гулас Димитрија и тој беше бившејугословенски официр многу тактичен во операциите. Исто така во тие моменти да речеме Крушаните знаат да имаме такви напади на Буково, чести напади на Буково, на Ѓавато и на крај краева на Превањ и таму загинаа некои наши другари од нашите единици кои се таму бореа.

Јордан Наумовски-Калчо. од с.Подмочани. Летото 1944 година Тунелот незнам со кој уште курир донесе една група партизани во Герман. Во таа група беше Попадич и Попадичка- лекари битолчани, а Дејан ни даде зададок таа група со лекариве требаше да ја однесеме во Зборско, која беше формирана партизанската болница за болни и ранетите, а тоа е Борско село на Кожув планина во Егејскиот дел на Караџово. Тргнавме со групата ва према од Герман према Буф и да го минеме Леринското поле кое има две пруги кои одат од Југославија за Грција, две џадина и и една река Елеки По џадината и по железниците стално имаше движење на германците. Тргнавме да одиме, од селото излеговме нагоре со намера да претполагавме дека ќе можеме да одиме. Попадичка беше малечка една ниска жена, имаше околу 70 кгр така ја ценев, а Попадич беше повисок човек, слаб-танок и можеше да оди без многу проблеми, а оваа не можеше да оди. Таман излеговме од селото нагоре и тука веќе не може да оди. Зедовме да ја носиме со Тунело, јас 60 кгр., а таа 70 кгр и ја носам неа иако потешка од мене, ја влечкам, јас застанин, Тунело ја зема и ја влечка, а овие другите сите се помлади и некако понеискусни и не можеа. Решивме со Тунело и по ризик нам, а треба да ја однесеме во болницата горе во Зборско, решиме од едни трла-колиби да земеме една маска. Беше ризично стварно, нив како група пешаци можевме секако да маневрираме и да пазиме на движењето на

/

одењето, али со маската беше ризично, али менаме друг излез и моравме. Неа ја качивме на маска, јас задожен да ја држам стално за неа и да ја држам од страната, а еден ја води маската, а Тунело наред оди како претходница. Добро, како било тоа, добро успешно ја однесовме горе во Болницата и ја предадовме во болниата групата на чело со Попадич и Попадичка, ние се вративме назад.

Пошто овде на југословенска Преспа, албанска и грчка Преспа тука беше базата во која Дејан беше постојано и стално таму навраќаа позадинциве како што се Јовко, Живко, Пешко и другите, а и ние куририте на главниот штаб тука пак, оти стално бевме во покрет во тоа време ни беше базата оттука дали према Караорман, дали према Костурско и Грција надолу или дали према Кожув планина натаму преку полето Битолско-Леринско, главно имаме едно големо наше движење. Во тоа време се осеќавама и капитулацијата на Бугарија. Другарот Дејан го вика Тунело и Мене и ни дава задаток и ни вика ќе појдете за Битола има група партизани кои треба да излезат, да ги прифатите и да ги донесете, а истовремено ќе се поврзите со Благој Талевски-Иван, тој беше во тоа време во Биттола и ќе му објасните за теренот овдека што е и тој ќе ви даде некои директиви и некои други работи. Ова време е пред капитулацијата на Бугаријахх некој ден. Ние со Тунело влегуваме во Битола во една и друга куќа тин. се поврзавме со Вељо Руснот и покушавме да фатиме врска со тој Благој Талевски. Во тоа време настана преокретот на бугарите капитулација, германците ја презедоа власта во Битола, ги испреплетија сите улици со бодликави жици и со ежој, така да ние на неколку напори неколку покушаи да фатиме врска со Благој Талевски не успеавме. Со Благој Талевски во Битола не успеавме да добиеме контакт.

За неколку дена преседувајќи, се преслечивме како цивил, едно дете зедовме со нас, ммајзерите во еден зимбил, а ние само со бомбите и со пиштолите се селевме од една во друга куќа итн. и со Тунелот останавме неколку дена сии кај една брачеда на Тунелот Мара, а пак мажотје нејзин инжињер граѓевински гонем бугарофил. Ние се криевме неколку дена, еден ден не најде тој Коле, му реча на Тунелот, а Ванде ќе те предадам на бугарите. Тувело му рече: зошто бе како така ќе ме предадем. Тука некако го

убедиме и го смиривме. Отука добивме задаток дека вечерта, а Бугарија веќе капитулирана, преостанатите пллитички затвореници, затоа што две групи политичкизатвореници успеја пред нас Јосиф од Брајчино и Ѓорѓи еден од Битола Талевски успеаја тие да ги префрлат преку Бигла планина во Преспа една или две групи, а други политички затвореници уште што криеа во Битола во куќите и нови кои решија да излезат во партизани. Ние со Тунело му закажавме во толку часот према дулието преспанско што оди за Ресен. И ние со Тунело таму се скривме и гледаме како идат еден по еден и према тој правец ода во Магарево и кога врската ни јави дека нема повеќе и ние со Тунело се повлековме. Во Магарево точно се сеќавам 81 човек беа. Од тие 81 сите не дојдоа горе на Пелистер заради тоа што имаме измамени затвореници, студенти и ученици итн. и се вратија назад. Кога излеговме горе на Пелистер почнавме да формираме одделенија, чета, вод и тн. и поставивме за раководство и правиме план со Тунелот помто овие се нови, Тунело рече дај сега овие нека промирисаат барут да бидат како е борба. Му викам откога формиравме почавме да се обучуваме во стрелце напад едно така провизорно и поставивме мета да пукаме. Прво му плкажавме за нимањење, нимамот како се померува и како ше нимани и фрливме една или две бомби не се сеќавам, бам Тунело ќе речеме нека промирисаат барут да видат како ќе изледа борбата. Таа група успеавме и ја донесовме до Герман и ја предадовме во Герман на позадината дали од меснис одбор што беме во Герман или некои нами другари беа не се сеќавам точно. Ние сега се интересиравме каде е намата Седма бригада. Ни кажаа дека Седмата бригада замина, не успеа со Бугарите да постигни спогодба за заедничка борба, поминаа- заминаа за Подмочани. И оттука од Љубојно седовме два-три кожи, стигнавме во Подмочани и во Подмочани чувме дека пред еден ден водеме Седмата бригада борба на Горица борба со бугарите. Значи, со тие бугари што беа во Љубојно со Андреев што не сакаа да соработуваа со нас ниту да се предаваат. Ние во Подможани тогаш имаме многу новодојдени партизани од Битола и Битолско и Тунелот овој Ванде се виде со многу другари тука и према кој има и што има таму, еден му рече дека тука е Коле преспанчето, му кажа каде е Коле Преспанчето и го најдовме таму. А тоа Коле Преспанчето го знаев од порано, Тунело ми имаш

/

ме раскажвано како бил партизан испратен од бугарите како агент и како неуспеал да направи во Одредот горе меѓу пртизаните мислам да фрли бомба или отрв нешто, него му побегнал од стража и му кажа оти беше агент нивни. Ние го зедовме горе и го врзавме и Тунелот ни пет ни шест, во име на народот-преки суд и авршивме работа со него. Сега ние се интересираме каде е Дејану бидејќи Дејан не прати за Битола и сега треба да му поднесеме извештај на Дејан, дали со Благој се најдовме и тн. Оттука преку Маловишта горе преку, после цадето стивнавме во Гопеши и таму го најдовме Дејана и му реферирав ме.

Живко Ангелевски, од Избиште. Во јуни месец 1944 година се сретнавме првпат со другарот Јовко и со Илија Божиновски во месноста "Шентески лозја" Незнам дали другарот Јовко се сеќава, Јас и Тоде Колевски и Танас Љамески тојцата се договоривме за понатамошната акција што треба да ја обавуваме во врска со организацијата за натамошната работа со организирањето за формирање на народноослободителниот одбор и организирањето на младиците за одење во партизанските единици. Прво се договоривме да разговараме со некои луѓе којшто ни беа малку сумливи. Бидејќи требаме да одржиме еден масов собир да видиме тие како ќе реагираат дали ќе се осудат да одат за пријават кај бугариве или пак ќе се помират со она што ние го поставуваме. После неколку дена ние разговаравме имаш 2-3 кметот и уште двајца други луѓе кој што беа влиски со бугарскиот окупатор, малку политички убедување, малку застрашување ги придобивме малку така и ни обеќаа дека што сакаме да работиме и во нив не треба да сумјаме во однос на нивното пријавување на окупаторските власти Така после десетина дена тоа беше јули месец организиравме масовен собир во село Избишта на кој беше другарот Јовко и зборуваме за покретот, за движењето за целите на народноослободителната борба и формиравме местен народноослободителен одбор Во тој одбор во составот влегоа Тоде Колевски, како претседател, Јас како секретар, , Бојан Фузевски, член, Томе Петковски и Танас Ламбовски Оттогаш почнавме да работиме на прибирањето на храна бидејќи единиците шука беа често овие села Л.Река и Крумје беа поoптеретени дотогаш сош храна така да ние бевме и служевме како

извесна надополна во однос на храната. Уште во текот на јули-август ние почнавме да работиме и во однос на формирање на овие други организации масови. Така да младината беше приклучена. А исто така пропуштив, на овој собир кога се одржа од кај нас излегоа и двајца младинци отидоа уште истата вече во партизанските единици тоа беа Младен Илинковски и Дане Шендевски.

Во однос на активноста што стана збор за жените. Јас мислам дека треба да му се даде повеќе место на жените оти кај нас со самото формирање на одборот беа голем број на жени ангажирани во однос на припремањето на храната. Меѓу нив, како прво, почнавме да ги формираме одборите на тие организации така да во септември почнавме да ги формираме одборите на на овие организации, така да во Младинската организација беа Дорче Спировски, Кивча Спировска, Родна Радевска, Дане Ламчевски и Стефанка Спировска. Во одборот на жените беа, Лена Фузевска, Лека Ангеловска, Кивча Фузевска, Каља Радевска и Лена Гроздановска.

Исто така, се пристапи кон формирање на одборот на Антифашистичкиот фронт. Тука беа во одборот избрани Пере Гроздановски, Танас Ламевски, Тоде Колевски, Ване Настевски и Томе Петковски.

<u>Мите Стефановски,</u> од с.Крушје. Јас овде имам две прашања и го користам овој еминентен скуп за да се утврдат две работи.

Бидејќи кај нас во Крушје проширено верувањето тоа го тврдат постарите луѓе, јас тука не бев, Јовко сега да каже, дали по заседанието на АСНОМ Јовко одржа митинг во Крушје на западната страна над чешмата во една падина здола во една дупка со 30-40 до 50 души- митинг одржал. Објаснувал за заседанието за слободата, за одлуките итн. Тоа никаде не е спомнато - тоа ми го рекоа старите да го потенцирам.

<u>Јовко Јовковски.</u> Со сигурност можам да се сетам дека кај Горно Крушје измеѓу Лева Река и Крушје на оној гребенот, тоа одма над селото Горно Крушје фактички беше, да ние држевме еден голем собир тогаш тогаш излегоа група партизани. Е, сега, тогаш бас се сеќавам Тодорка сакаше да излеле и си реков незнам дали жени да пуштаме пред крај во единици тука се убедувавме и замина и Тодорка во партизани.

Сега, мене ми е во сеќавање исто така за некој состанок или помирок што е тука близу каде што живе таткому на Марјан Мице Дулка. Тука негде, али во магла ми е немокам да поуздано да тврдам што беше и како беше и во кој обим беше тој собир, дал тоа беше состанок со овие млади или пак некој помирок собир не можам да се сетам, али нешто ми е како во магла баш тука за тој локалитет, баш вака кога спомна ми се јави како едно присеќавање. Се извинувам - години минале.

Никола Мајсторче, Златари. Имаме свадба во Златари пишкин Косте Љоков Славета го женеме. Дојде ова што изгубе во Завој по име Ицо и на свадбава кој го пуште што го пуште, јас незнам. Дојде кај мене и бара врска. Јас му реков сега врска нема деее, не се тука, да речеме децава што беа партизани, Одредот Битолски уште во Сапотско замина, овие што останаа кај нас, и тие после во затворот паднаа. И тој бараше врска од мене, а јас му реков нема врска, ќе дојдиш на Велигден и ќе ти даде ме врска. Дојде на велигден во средста и мхххххххх полјаците двајцата едниот што изгубе а другиот остана жив удрија во нас, во 'ржјето каде што отидовме. И детево стана оттука кажете му на тоа што е в село, јас не го познавам кое беше и што беше и ми рече Чемино ќе го чекам кај Кривенската река и вамава, таму да дојди да ги земи пљачките оттака и да замини.

Ефтим Ристовски, Подмочани. Во хронологијата последна верзија за операциите на Седмата бригада кои беа водени со бугарската-германската фашистичка окупаторска војска во периодот септември-октомври 1944 година. Напишани на страна- тоа е последна верзија 177, 178, 179, 180, 181, 182, 183, 184, 185, 186, 187 последна верзија 188, 189, 190 и 191. Не се целосно истаните точни.

Во хронолигјата предпоследна на страна 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64 и 65 о настаните напишаниза борците на Седмата македонска бригада целосно не се точни. Гореименованите.

Моето тврдење ввх, дека во сите операции кои ги водеме Седмата Македонска бригада и Дивизијата во септември-октомври целосно не се точни, А операциите кои ги водеме Седмата бригада и дивизијата се групно

обработени и ако сакам имињата да ги посочам, а дадени се тука и белемки.

Горенменованите операции разгледани се и проверувани од учесниците кои тогаш беа на положај во борбите од формирањето на Бригадата до 22.08 1944 година и тоа, Борис Стојановски-командант на I батаљон, Митре Ангелевски заменк политички комесар на I батаљон, Ефтим Ристовски политички комесар на I батаљон, Илија Митревски политички комесар на Бригадата [redacted] а на 14.09.1944 година кога се формира Првата Битолска дивизија во село стана политички комесар на Дивизијата, а на 25.09 1944 година кога се изврши реорганизацијата на Битолска дивизија се преименова во 49-та дивизија. На истата беше политички комесар Илија, а Борис, Митре, и Ефтим кога се формира Првата Битолска дивизија стана под раководство на Штабот на Седмата бригада. Белешките ги среди Ефтим Ристовски а групно се работени.

<u>Димко Трпевски</u>, с.Покрвеник. Јас сакам да објаснам малку за Седмата бригада за септември дојде во село Покрвеник на чело со коамндатот Васко Карангелевски. Дојде Васко во куќата на Трповсци и се договоривме каква акција да се земе. Бригадата беше сместена горе кај црквата над село горе, а храна-казаните беа поставени среде во селото кај чешмата. И се донесе одлука во Сиркан имаме еден потпоручник бугарски, имаме 10 војници, има еден камион. И се повика еден бугарофил Никола Крстиновски, сега работи во црквата овде во Ресен. Како бугарофил му даде Васко писмо и ќе одиш ќе му го дадеш на потпоручникот во Сиркан да се предадат инаку ќе бидат уништени. И Никола мрцкаше-сакам да одам нејкам да одам и го зеде писмото и му го однесе на потпоручникот, а додека овој писмото го носеше Бригадата го опколи Сиркан. И овој потпоручникот не го прифаќаше и се испули ваму кај до езерото кај Сиркан, се испули горе планина и кога виде опколен од секаде, виде партизани на секаде и тој ги крена рацете и се предаде. Одма група упадна во Сиркан го зароби потпоручникот, војници десетина, камионот, опрема-материјал што имаше сето тоа го донесоа во Покрвеник. Таа е една акција на Бригадата која ја направи. После се направи план бугарите требаше да се повлечат, во тоа време беа во ек на повлекување и Сиркан пак на калето

/

горе, шума голема, го зедоа стратегиското место кое е најповолно за борба партизани-Седмата бригада, а бугарите настпија одоздола. Тука борби страшни беа загинаа и нами, загинаа и живви бугари доста тука. И се пуште една патрола Стење на границата на Анастасов потпоручникот да му даде да се предадат тој ја држеше границата. И тој не се сложи да се предаде група нама отиде блиску додека го зароби, тој успеа да побегни со 15-16 души колку што беа. И побегна од Стење-границата горе на планина да оди кон Евла за Ресен. Стим нами партизани една група од Охрид идеа наваму и виделе група колона по еден кај што одат мислејќи дека се партизани. И така тие се куртулија и помикаа и замина и си отидоа за Ресен. Таа акција бригадата во тоа време ја направи. Во таа акција исто така присуствуваме и дел од Одредот Преспански, сите тука бевме вклучени, беше обезбедена храна, обавештајна служба, акции итн. И Бригадата постигна големи успеси тука и голем авторитет постигна за цела Преспа како и Битолско и Прилепско. Тоа е едно,

Ако треба да кажам се формира команда места во септември месец Вомарт месец Иван, Благој Талевски кога јас одев кон Одредот Преспански ваму во Егејскиот дел и му рече на Пенко Здравсковски пуштиго Дилка нека земи кого сака ќе оди во Преспа стим да се води како команда некаква да луѓето ги убедува да не се тужат, да не са караат, да се збира жито, храна, агитција за нови борци итн. Тоа беше и ние врвевме по селата итн. тоа е едно. Али званична наредба и денеска имам од формирањето команда места Ресен, војно Битолско подручје и команда места Ресен. Во Команда места Ресен беа: Дилко Трповски- командант, Јордан Тасевски-Забадава заменик, Димитраки Теговски-политички комесар, особље имавме Калија Пупалевски беше тука, беше Боре Поповски од Царев Двор, беше Боре еден судија од Ресен од Болно името не му го знам односно Нечовски-беше обвинител, Наце од Ресен, Пере Баце ми се чини да беше, некои по должност водеа администрација. И командата места со ваков состав имаме задаток многу голем и успешно се изврши. Пво командата места го имаме во Златари уште низ Ресен врвеа се повлекуваа кој германци итн. а не беше потполно расчистен и во Златари беше Командата места.

Наредбата ја имам потпишана од Командантот и ќе ви ја

дадам. Ова се одвиваше во септември али за денот не се сеќавам и во оригинал ја имам наредбата и ќе ви ја дадам. Со Командата места во Златари раководеше со големи акции. Даваше обавештење каква е ситуацијата на читава територија на Преспа. Имавме пропагандно одделение таму каде што пишеа ми се чини Чорошан беше, а за тоа Димитраќи ќе објасни инаку повеќе ги познава тие работи. Главно Техника имаше тука за прекуцавање, за пропагандни материјал се ширеше кај народот. Се пуштаа групи во селата Болно, Подмочани, Љубојно каде што требаше секаде да даваат разни акции. Се правеше евиденција воопшто на моторни возила кои имаше, поготово моторцикли којшто имаше, бицикли кој имаше и стока коњи скоро цела евиденција. Значи овие другари имаше писани кои беа и ја водеа таа евиденција. Устроја азбучник по име итн. Тука беа Симо и други итн.

Во касарната да не се даде оти имаше полно ствари во касарнат во Ресен, некои почнаа да крадат од бугарите, бунди да земаат итн. И таму се пушти група Бригадата кога беше Пандe Поповски од Царев Двор беше таму во касарната и тој таму одговорен и се спасија доста ствари. И на луѓето се подели жито, брашно, бисквити и се што имаше се искорист за единиците. Од касарната скоро незнам нешто дали се злоупотреби или нешто малку.

Значи тоа, командата места оформи после мобилизација, без оглед овде како што рековме, туку и после капитулацијаа на Бугарија луѓе се јавија доброволно-масовно одеа во единиците, али ние сега оформиве потполна мобилизација. Мобилизација беше со зборно место нема сакам неќам на касарната горе. И тука немаше будење и оттука ги пуштавме директно поединиците. Значи сакам да кажам дека Командата места ја зеде сета улога и се оформи ОЗНА тогаш Перо беше овде таму одговорен по ОЗНА односно Пецо Нечевски во координација работевме заедно со единицитеити. После 48 дивизија отиде во Гопеши, а ние слеговме во Ресен во куќата на Кољоман се сместивме . повеќе акции шаму спроведувавме али во Ресен кога почнавме веќе регуларно-нормално, мобилизација по евиденција итн.

Ете тоа беше во тоа време, после јас отидов за Скопје.

Крсте Соколовски, од с.Златари. Јас сакам нешто да кажам за Битолско-Преспанскиот одред. Тојј е формиран на 9 септември 1944 год. на страна 176, хронолошка единица 731 покрј другото, Штабот на Одредот го сочинувал командант Гуласовски Димитар, јас му бев заменик, Стефановски Коле од Граешница, а живеме во Битола тој беше комесар и Стерјовски Борис од Лера заменик комесар, а Цена од Битола беше интенденат. Формацијата на Одредот беше 3 стречаачки чети тојна формација, сега овде пиши 500 борци, не е можно да имаме 500 борици, бидејќи може да биде тројна формација водовите по 30 борци се 90 и 3 по 90=270 не моки да биди 500 борци. Не е можно да бидат 500 броци. Прво бевме 100, а може да се зголеми до 300 борци.

Е сега овој Одредот,другарот Манчевски што рече Гулас таму да дојди за мобилизација, Одредот нам немаме задача да врши мобилизација Тоа вреиеме Дивко и овие други. Ние имавме оперативна задача да вршиме борбени дејствија на комуникацијата од Граешница таму патот Лерин за Битола и обратно, па после овде од Битола за заму Охрид, Буково исто така. Значитаа комуникација имавме задача да ја држиме. Толку за ова.

Во оваа хронолошка единица ќе треба да се дополни за Одредот, да се каже за 3 стрелачки чети , тоа го рековме.

На страна 186, 763 хронолошка, овде се споменува Крушевскиот одред. Ние не знаеме за Крушевскиот одред. нити овде пиши во некои места во составот влегол во нашиот Одред, дејствувал заедно со нас. Тоа треба да се расмотри ова прашањен, а мене не ми е познато како најблизок заменик на командатот. Да постоеме и дека учествуваме воопшто немавме никаква соработка па нити знам за тој Одред. Ако беше така, ние ќе соработувавме со него. За тој Одред мене не ми е познато. Ако знаат некои други од другарите молам.

Страна 186, хронолошка единица786. Овде зборува нешто за Крушанидека членовите на КПЈ и СКОЈ во Кружје извршија акција во рушење на патот кај превојот Буково . Е, сега вака стои работата. Одредот нам таму беше и таму дејствуваме, баш точно овие овде учествуваа во тоа, ххх али не така изоловани како што пиши овде, него заедно со Одредот нам

/

Пецаљевски, напомина доколку поседува некој документи од народносолободителната борба било тоа потврди, наредби, трофеи, ... моли-може да служи како документација за музејските збирки по можност да ... вете во Сојузот на борците во Ресен за да можеме да ги приберими тие материјали. . Тука има документи потимани како за земена стока, такви потврди како што ги има би служеое документи од времето на војната ќе бидат збогатени нашите музеи којшто ги имаме.

Ѓорѓи Танковски предложи да се работи во две целини и тоа едната да биде септември-декември 1944 година, а другата целина да биде јануари - мај 1945 година, односно 15 мај 1945 година.

Гена Шумеска, од с.Подмочани. Сметав да некој тој настан го објасни од другарите што беа директно врзани со случајот во Претор со агентите и другарот Крсте Пановски. Меѓутоа, за тоа никој не спомна и незнам дали е потребно да се спомни, али ми се чини тоа беше еден вака нам успех што не се дозволи на агентите да му пдиат враце луѓето којшто беа планирани.

Тоа беше во очи (кој памтеше тогаш дати и не можам до дати да се служам), тоа беше мај месец во очи на Спасовден . Крсте Јовановски од Претор братми Гога колку што замина за Евла и стигна Крсте Јовановски и ми рече Гога ми треба. Ние му викаме Гога замина за Евла и не е тука. Ми рече што правам, имам двајца партизани дома, врска нема кој да ми даде, а знам дека Гога ја знае врската. Ние знаевме дека беа Пенко Јовко и Вера Оровчанец горе во осојот, меѓутоа ние за тоа не бевме надлежни. Му рековме дека Гога не е овде и тој се врате.

Крсте Пановски, тоа би требало тој, но јас вака ке кажам немт што знам. но тоа би требало Крсте да го објасни. Со агенти отимол кој што беше взатвор човекот мачен малтретиран и гопринуделе да оди да му речи дека се овде овие партизани, дека на овој му погина, му го отепаа бугарите синот, агентов плачи таму и да ни дадете врска. Крсте и ни еден ни два, рече врската ја знае Гога и никој дурги. Крсте иди тука, ние како што не му дадовме, а Крсте враќајќи се ( тоа ни го кажуваме ако се сеќавам Јовко Ти (на Јовко му се обраќа) во Езерани кога бевте. Ова

/

Пецалевски, напомна доколку поседува некој документи од народносолободителната борба било тоа потврди, наредби, трофеи, се'што може да служи како документација за музејските збирки по можност доатавете во Сојузот на борците во Ресен за да можеме да ги приберме тие материјали. . Тука има документи потиснати како за земена стока, такви потврди како што ги има би служеое документи од времето на војната ќе бидат збогатени нашите музеи којшто ги имаме.

Ѓорѓи Танковски предложи да се работи во две целини и тоа едната да биде септември-декември 1944 година, а другата целина да биде јануари - мај 1945 година, односно 15 мај 1945 година.

<u>Гена Шумеска, о</u>д с.Подмочани. Сметав да некој тој настан го објасни од другарите што беа директно врзани со случајот во Претор со агентите и другарот Крсте Пановски. Меѓутоа, за тоа никој не спомна и незнам дали е потребно да се спомни, али ми се чини тоа беше еден вака нам успех што не се дозволи на агентите да му пдиат враце луѓето којшто беа планирани.

Тоа беше во очи (кој памтеше тогаш дати и не можам до дати да се служам), тоа беше мај месец во очи на Спасовден . Крсте Јовановски од Претор братми Гога колку што замина за Евла и стигна Крсте Јовановски и ми рече Гога ми треба. Ние му викаме Гога замина за Евла и не е тука. Ми рече што правам, имам двајца партизани дома, врска нема кој да ми даде, а знам дека Гога ја знае врската. Ние знаевме дека беа Пенко Јовко и Вера Оровчанец горе во осојот, меѓутоа ние за тоа не бевме надлежни. Му рековме дека Гога не е овде и тој се врате.

Крсте Пановски, тоа би требало тој, но јас вака ке кажам немт што знам. но тоа би требало Крсте да го објасни. Со агенти отишол кој што беше взатвор човекот мачен малтретиран и гопринуделе да оди да му речи дека се овде овие партизани, дека на овој му погина, му го отепаа бугарите синот, агентов плачи таму и да ни дадете врска. Крсте и ни еден ни два, рече врската ја знае Гога и никој дурги. Крсте иди тука, ние како што не му дадовме, а Крсте враќајќи се ( тоа ни го кажуваме ако се сеќавам Јовко Ти (на Јовко му се обраќа) во Езерани кога бевте. Ова

/

Кросте ни го расправаме. Јас ова го зборувам Крстета што ни кажуваме. Враќајќи се назад за дома Кросте рецеме: тие агентите биле внатре а полицајциве биле негде вами дури Асамати и некој од Полицајците му вика, а бре момче, ти знаеш кој се тези луѓе што се кај тебе? Тие се агенти. И Кросте доаѓа дома (ова како тој го објаснуваме) од една врата влегува од малата врата излегува, а овие го чекаат да се врати. Ова сметам Кросте да го објасни подбаво тој беше таму со нив) И во меѓувреме, тие по Кростета и овој Кросте му ја избегал. Од сабајлето стигнува Јовко од некаде, а тоа и Јовко ни го расправаме, сигурно со сеќава. Во претор кога стигнува таму овие од кај Кростета му викаа бегај, девојчињата ги зедоа и взатвор ги однесоа, Кросте побегна, а селото можеби блокирано беше. А Јовко ни расправаме тогаш Одејќи наваќа падиал негде и ногата си ја минал и за среќа со ногата што ја минал не нагазе на блокадата. На Јовко му се обраќа: Ти Јовко незнам дали се сеќаваш. Потоа Јовко се пикнал во некоја воденица и кога се обденало излегува иди на Генчарско поле, а во тоа време што рече Живко, агентите беа по житата, по пченките каде што се претставуваа за партизани. Јовко му вика на еден стар човек а тој беше Ефтим Ламуровски од Гричари и му рече: а бре чичко оди да ми го викниш Никола тој и тој. Бидејќи луѓево беа упламени да се агенти и овој неоди Никола да го вика, туку оди право во Општина и рече еден партизан има онде. Оти ако не го пријавиш ако е стварно агент, одговарам. Ама Јовко се снамол таму.

Утредента сабајле откако беа агентите во Претор поп Спиро го застанал коњот врпел служба во Претор и вика нека излезат чупињата на Вангелица или Вангелица да дојдат до мене. Одиме ние и ни рече: слушајте да ви кажам Кросте сношти што домол но барал врска од Гога поштопото да се склони, тие биле агенти и Гогаа е провален. И ние се опаничивме и што да правиме а Гога е во Евла. На брзина пуштивме на Косте Кусаковски братму до Езерани, од Езерани до Царев Двор кај Бор е Ноиковски, на Кицо Ноиковски брат и тие одат. Полицијава дојде кај нас сабајле, му одговоривме дека не е тука Гога, туку е на гости. И тие со пајтонот во Евла. Тамам таму што играле на оро наиле овие полицајциве на некои што Гога го познаваме а тоа беше Кросте свирачот од Дупени

му велат дали е тука Ѓорѓи Шумев, а овој го знаел имал некои врски со него, му вика овдека не е, јас го познавам, но тука не е. Со усул на Гога му јави и му рече бегај овие по тебе се дојдени и Боре Нонковски го пречекува некаде кај Царев Двор и Евла и Горно Дупени и веднаш го засолнале во некои 'ржеви, му рекле веза ќе ти бараме. Но овој Гога му рече дека си ја знам вrската одам вече рравo. Оти таму вечерта, овие таман се иселиле другариве, а и Јовко тогаш не ги најде таму. Го запрашува: Така ли беше Јовко. И ние назад, дојдовме до Езерани и на Јовко му кажуваме дека вака и вака е со Гога да го чекаш за да се здружите. Се вфатив назад дома, пуштивме човек до Осои веќе Гога тргнал со овчарите. Ние пак назад на Јовка му кажуваме и така заврши таа работа.

А со агентите што беа дојдени би можел Крсте да го објасни тој настан.

Значи не успеаја да ги откријат какви што му беа намерите за случајов. Ова беше како неуспех на бугарите-агентите.

Шоарем Мамушлари од Бела Црква. Јас вчера во моето излагање малку прекорачив што не се држев на тоа по месеците. Ми се чини дека до мај месец тука е и јуни ее произнесив, но останува да кажам следното во село Лавци јас и Пандe Толевски во месец мај околу 26 мај првпат таму присуствувам со Пандета,одржуваме митинг на кој митинг на вечртасе работеме за целите на осолободителната бојна од окупаторот итн. меѓу кој, извршивме и избор-реизбор на тој одбор бидејќи имаме постари луѓе на народнеслободителниот одбор како Бесим, Истрев таму и други ми се чини е изабран и Мировен совет. Покрај народноослободителниот одбор не постоме мировен совет, и мировен совет е изабран и формирана е една десетина на чело со Реџеп Еминовски која таа по мене и другарите што се присутни тука секаде формиравме доброволни народни милиции за одржување на јавниот ред и мир и набљудување итн.за известување на кретањето на окупаторот односно полицијата итн.

Во село Дрмени е точно дека Бале како поимотен човек припаѓал на сите ненародни власти, кмет бил итн. и на окупаторот, меѓутоа тој придонесе толку и синот негов беше најактивниот кој не пренесуваме од ова село во тоа село итн.

Во Долна Бела Црква карактеристично беше Енвер Краифили, а нимто помалку неизостанувале и Пере Гошевски барем јас за тоа време мто ја согледав таа активност.

За Горна Бела Црква иако е мое село, јас мислев дека ќе бидам најповеќе помогнмат една тетка Азија се викаше многу добра жена стара тогаш на 60-тина години, меѓутоа вместо активност, синот нејзин беше дојде од заробеништво Маљо се вика Кумтиќи. Таа го пробуди, ме примија за првпат и бидејќи немаме време јас отидов на полноќ. Сабајлето ми вели со Крстета Стрезов сме добри пријатели, полицијата како заробеник тој вратен од Германија итн. па сакат да ме предадат. Ова се случува во Мај 1944 година значи негде на 27 мај., а на 26 мај бев во Долна Бела Црква и овие беа задолжени да ме пренесат таму. Јас немаме друго мто му предлагав да мојот родител биди повикан да се видиме оти долго време невидени. И дојде таткоми и одма тој му предлага мто со детето ти си човек сиромав и овој ти е од најстарите од синовите нека остане и нека работи, сега војната се знај Германија носи победа итн., а бугарите тука. Јас нимто не реагирав се додека се стемна и му реков да ми дадат малку леб ако сакате и нему му ставив до знаење до колку некаде изусти итн за ова беа запознати и другари те од раководството на тогашниот комитет. Меѓутоа, другарите рекоа да не се презема нимто да видиме мто то; Нимто не стана, само малку беше повикан старциот - не беше толку малтретиран затоа мто тука беше на четирите села кмет Џоца Келемо од Ресен. И тој живеел добро со таткоми и кога разбра дека дојде полицаецот да го земи таткоми, тој му рекол и јас идам и ако е вистина вака, ние овој човек треба да го чуваме. Во тоа време таткоми се прежелил, во тоа време се веруваме итн. И јас бев приморан да се преорентирам на Асим Зуте, еден од најактивните, овде повеќе мина го познаваат, тој умрен е одавна. Формирав една група од 4-5 душивремена, не добро организирана замтоа мто непостоеме Партија таму, непостоеме СКОЈ и други вака понапредни работи, значи успеав со овие луѓе да. И едно одење со другарот Панде во јули околу 5-6, односно Панде дојде да види до каде ги имам јас врските после она Лавчанското. Со Козјак имав добра врска таму 7 младинци како школ-

ски другари во Долна Бела Црква во близината јас таму учев. Значи тие се приклучија како група на младинци а и таму немавме Партија. Каде што нема партија нема ништо.

Интересно е фамилијата на Киповци кај нив повеќе пати навратував кај Шефки и Изет Киповски, покасно синот нивни излезе во партизани загина во Ѓавато - единин син имаа и тој му загина. Меѓутоа, Козјак вака пралела правам ништо помалку од Долна Бела Црква активност имаме. Во мојата бела Црква сепак се најдуваме реакција од познати причини.

Понатака во Гричари со фамилијата Ќамиловци воспоставив врски и тоа по родбински врски, не поради некоја активност што имале порано итн. нормално кај нашите има една верба да те прифати, да не те издаи итн.. Ова во јуни беше и тогаш и тука воспоставивме добри врски, мрѓусо во јули месец не се сеќавам за датумот во село Лавци беа апсени неколку 5-6 дуќи од бугарската полиција. Јас разбрав и морав да се повлечам во Ј Ломје. Таму се сретнав со Пенко Здравковски кој беше времено, односно тие разбрале побргу од мене што било и што сњанало. Се повлеков на албанска територија. Така да во рок од 16- дена поново мене раководството на Одредот "Гоце Делчев" во село Шули на албанска територија. Овде овој одред го поставувам прамањето што одред беше тој и треба да се прочисти. Таа беше со цела команда таму формирана. Си отиде Коле Канински, остана Пандe Цурко и и Алексо Мусалевкси . Ние викаме за тој Одред и Битолчани викаат дека не им бил познат, а сите Битолчани беа во тој Одред.

Ѓорѓи Танковски, изнесе дека од ноември 1943 година Одредот "Гоце Делчев" го нема, тој влегува веќе во регуларните единици.

Муарем. Додека бригадата не беше вратена од Караорман тука имa другари и Крсте и Јонче и сите што и Пандо што припагаа на тој одред та му и повеќе имаме и Битолчани.

Овде зборувам за април кога беше кога Коле таму го најдов. Ќе документирам, има преспани живит што беа таму, не ја претставувај јас таму Преспата.

Јас добив задаток и таму беше Алексо Бусале и заминав преку Маркова нога со Ибраим Кајмаку, инаку и тој ученик од 1943 година, се

префрливме на теренот Крани кој најповеќе тогаш се биеме во Крани да се видат што е што. И да ви кажам право, јас останав се до повлекување то на бугарската војска од тој терен во Арвати, али од време на време о одев Гричари, Бела Црква итн.

Со самото повлекување на бугарската војска и со судирот овде во Подмочани. Јас и другарот Ибраим, се работи за 23- 24 август , одржавме митинг со селата Крани и Арвати на кој митинг се зборуваме за целта на народноослободителната бојна итн. Одржуваме таму митинг, на кој митинг покрај другото беше оформен народноослободителен одбор и на село Крани и село Арвати за кои ги предадов материјалите а се знаат кои се и понатака продолживме за Наколец. Борбите веќе беа при крај бугарите истерани оттука во Гричари на 26 и 27 долна Бела Црква и Козја Меѓутоа, едно ќе кажам дека бев повикан во Подмочани таму беше другаро Пенко и другарите од раководството кои доаѓаа во селото Подмочани, известен бев дека во село Крани, односно во село Арвати пристинати се неколку балисти х четворица - јас за нив зборував од Подмочани и Крани на крајот на Август и таму повеќе група на луѓе. Сите тие што беа собрани кај оваа фамилија на Аслан беа сите припадници на на таа политика Мусовека итн. И кога одам јас таму најдувам прави штаб некој, некои пишат, некои дремат итн., влегувам внатре со смрт на фашизмот - слобода на народот, некој рече, не рече слобода на народот, нормално се знаат тие каде припаѓаат, али другарот Ибраим партизан што беше од 1943 година од Битола тука ја водеме групата Есат Касат оваа балистичка група веќе од Подмочани и тој ми се обраќа, седам јас како што е обичајот и што си и ми вика кај си ти. Сега јас треба да му однесам по мое речено некој извештај му викам јас. Прво, кој си ти иако јас го познавам. Што ти ми поставувам прашање. Што сее вие овде, што е овој скуп. Па знајш, ние дојдовме ето ваму-таму, лутавме, сега се собравме овде некако да формираме една единица и ние да се бориме против бугарите. Му викам јас, со чија наредба, кој ве овластува ваква работа да правите. И тогаш ми помогна Ибраим, рече: а бре, овие се фашисти, овие се балисти така одма избувна, изгледа паднал во тесно таму не можел ни едно ни друго и само

слушал, рече овие сакаат нешто друго да чинат. Мене сакаат да ме пуштат во Албанија да набавам оружје, оти не беа наоружани, и тоган јас му викам: ни еден човек овде да не се види и секој подома, после се разбира по ослободување секој ќе си поднесе сметка за тоа. Вие немате право да формирате единица, бие сте огремени, знаете дека сте огремени, вие ќе одговарате еден ден. Али ако сакате да бидете мирни, оствете како такви еве не преземаме ништо и така ми беше речено од Пенко Здравковски. Не треба ништо, туку само да му ставиш до знаење, оние ако сакаат нека си продолжат. Така таа банда беше растурена.

Јас добив задаток од Алексо Мусалевски да се јавам во Гопеши со едно 80 души припадници од народностите од Преспа и Битолчани кои беа приливени во базата Љубојно. Оти базата Љубојно другарот Јовко рече вчера, али базата Љубојно ништо не споминавме, не само што ги снабдуваме неsите формирани единици него таму се формирани уште две бригади Осма и Деветта. Потоа добив задаток да заминам за Караорман беше во тек на формирање Четврта шиптарска бригада од македонци, од шиптари од цела Македонија од 11 општини во состав на тааа бригада влезе:xx на 42 дивизија, Петнаесетти Македонски корпус учествувајќи по западниот дел на Македонија се до Косово некаде и после замина за на Сремски фронтх оваа бригада А во Премево, ов вах сакам да речам Премево бидејќи се реорганизира Седма бригада. На Четврта бригада беше Нафи Сулејмани од Дрвово, заменик беше Шаин Садик и тој од Битола, шеф на ОЗНА Таип Таипи од Асамати, комесар политички беше барем за тоа време Неџат Наголи малку време, а потоа замина на друга страна, а на Сремски фронт беше еден албанец од Албанија незнам како се најде тука Димитар Каламати политички комесар. И тука претрпе една реорганизација бригадата наша од Четврта на Седма бригада и како Седма, еве и ние имаме задолженија и Зборник се прави, така да јас заминав на Сремски фронт се до конечното ослободување на земјата.

______________________________Сметам да се расчисти со Крумје оти еве од кога сум во раководството на Општинскиот одбор сега не сум, али порано. Крумје било проблем број 1, те вака, те така, едно-друго, дури да ви кажам право за Марјана се уште не е чисто дали Марјан бил ил

не бил и кога бил и што бил, а другарите од Крушје се повикуваат на Марјан че биде голем грев ако навистина тоа не се знае и докрајчи. Тука се Јовко, Живко, тогаш во тоа време барем овие другари знаат најповеќе што се случуваше на теренот наш.

Јовко Јовковски. Јас во почетокот на јуни Марјан го најдов таму, а Пенко ми кажа дека пред тоа веќе на тој терен присутен. И во втората половина на јуни односно крајот на јуни беше, добив писмо да се Марјан врати во Бригадата. Бригадата ми се чини е формирана во првите дена на јули и Марјан е тогаш загинат околу оној. Точно загинувањето на Коле е подоцна тука бркам со датата на формирањето на бригадата, Милан оди подоцна и Коле и Науме Божиновски.

Кицо Нонковски. Ќе зборувам за активноста на Скоевската и младинската организација посебно со нагласка за НОМСОМ она што се постави вчера како прашање да се надоврзиме да биде во континуитет со онаа расправа што беше до мај и натаму. Ќе зборувам за периодот за кој се договоривме од септември заклучно со декември 1944 година како одговорен по одлука на Околиски комитет за организирање на младината во Преспа Царедвроска општина конкретно од септември до ноември како една врска пристрасни имаме такви некои другари кои се водеа како пристрески при Околиски комитет на СКОЈ и на Младина, а другарот Панде Толевски пак како член на Околискиот комитет на СКОЈ и младина исто задолжен за Царедворска општина. Ние во вчерашната раправа дискутирајќи за дејствувањето и организирањето на СКОЈ и Младина истакнавме дека во Преспа во повеќето села и ги документиравме скоевските организации каде што постоеја и исто така истакнавме дека скоевските организации околу себе имаа обухватено и доста младинци кои не беа членови на ској али кажавме дека званично уште не беа формирани оргнизациите на народноослободителниот сојуз на младината на Македонија. Сега во септември и идните месеци за кој станува збор-дискусија во сегашнава расправа, скоевските организации уште повеќе се проширувaат и тоа со нови луѓе, нови младинци и младинки затоа што некои од овие што беа во скоевските организации порано беа и по возраст поголеми и заминати беа во единиците.

Карактеристично е, тоа ќе треба да се изврши проучување посеб-

/

но за младинското движење треба по мое мислење за Скоевската и младинската организација затоа што онаа беше толку проширена во септеври, октомври, ноември па и декември и уште повеќе. Ако зборуваме тука за бројки и за имиња ќе направиме грешки и ќе може некои другарки и другари што тоа време беа активни, да ги испуштиме и да ни се лутат.

Во Царевдворска општина во сите села, а тоа важи и за цела Преспа веројатно другарите исто Јовко и Живко кои беа после префрлени од Околиски комитет на Партија за работа со младина, во Околискиот комитет на младина сигурно ќе зборуваат за тоа, јас ќе се задржам само на овој Царедворски дел како општина бивша, во сите села овие месеци почнувајќи од септември во сите села покрај проширувањето на скоевските организации формирани се и организации на НОМСОМ звачично активи на младината во сите села. Во зависност од големината на селата беа и големината и на скоевски групи и на младински групи. Јас покасно ќе кажам за Царевдворска општина и имињата на на другарките, на другарите што беа секретари, претседатели на младинската организација., на НОМСОМ, односно на СКОЈ во тоа време али исто така постоеше и и одредени промени

Пред да предам на тоа, сакам да подвлечам, пред се', за да биде после и надополнувано и регистрирано што беше содржина на активноста тогаш на младинските и скоевските организации. Членовите на Скоевската организација и покрај тоа што се формираа младински организации и натаму посебно се состанувааа и состаноците не беа јавни, не можеше други да присуствуваат. Али воедно и сите членови на Скоевската организација беа и членови на Младинската организација и не само членови, туку тие беа езгрото на активноста на младинските активи. Што беше содржината? Основна содржина на дејствување на младинските организации во овој временски период оди во активности на собирање на материјални помоши, формирање на младински чети и изведување на работни акции, формирање, бидејќи училиштата оплнаа да се отвораат обухваќање на младинци што немаа завршено основно училиште или пак што беа неписмени во аналфабетски курсеви и во рамките на поа посебно од политичка гледна точка од политичкото дејствување на младинците односно младинските организа-

/

ции и основна поставка што се остваруваме тоа дека Преспа е ослободена меѓутоа други краеви има уште неослободени дека делови на Југославија има уште неослободени и дека војната не е завршена и дека треба и натаму д а се работи како што беше парлоата се за фронтот, се за напоредно за обновата.

Работни акции конкретно беа изведувани, со оглед дека германските единици во септември веуште се повлекуваа од Албанија, оваа и е беа само младински, зборувам за младинските чети, прекопување на џадето кај Чевтикамен каде што учествуваа од сите села тргнувајќи од Покрвеник па све нагоре па и другиве овој долу и на други места. Со оглед дека школите почнаа, постојано се држеа така состаноци на скоевски, младински на партиски се поставуваше прашање за дрва на училиштата, дрва за одредени фамилии кои немаа хранители кои му беа луѓето во народноослободителна војна односно единици, овие акции се спроведуваа за збирање на дрва или пак исто така на помош за окопување и после кога доаѓаа други работи во поле.

Од политичка гледна точка со оглед дека беше одржано пред тоа далеку што се вика АВНОЈ, а поблиску АСНОМ, многу значајна беше политичката активност меѓу младинците и подигнување на националната свест кја младите и не само националната свест туку исто така подигнување на свеста за дека е ова социјалистичка револуција и дека се работи за рамноправност, за џвема експлоатација итн. и издигнување на свест за братство и единство. Посебно објаснување на државноста на Македонија од она што значеше АСНОМ во рамките на Југославија. Ова го напоменувам затоа што имаме одделни сфаќања порано да малку се кај поединци па негде сигурно беше и помироко, да се малку мена она што значи српскио народ и српската буржоазија, односно владеењето над Македонија на српксата боржуазија. Ова го истакнувам затоа што бугарскиот окупатор доволно беше расклинкан како таков со своите методи и друго, али исто така, мораме да се посебно кај младите тоа таа воспитна дејност на тој план да се да се развива тоа бретство и единство со целината на Југолславија и тн. Од сегашна гледна точка некој ќе рече дека пакк али сметам дека е многу значајно тоа прашање све од тогаш и дека тоа ќе се

одвива во континуитет. Друго, младинските активи често пати се одржуваа митинзи, те општински митинзи, те околиски митинзи тука во Ресен и во најголем број на тие митинзи беа застапени младите.

Ова сакав да го истакнам како содржина. Е, сега, за септември и она што значи натаму. Во Царев Дворка општина на сегде прицип беше, а од тој прицип имаме отстапување секретаррите на скоевските групи воедно беа и претседатели на младината. Али во некои места имаме и отстапување од тоа, така ќе ги наведам селата за септември-октомври во Царевдворска општина: во Евла Паллина Китевска, во Горно Дупени Тодорка Кирововска , во Лавци Николина, ќерка од Живко кој беше активен уште од порано, во Претубје Живко младинец не се сеќавам за презимето, во Покрвеник ова што реков имаме отстапување колку јас се сеќавам и на Скоевската организација и на младинската организација, на едната беше Здравка Андоновска ли се презиваше тогаш, а на другата Цвета Гегараковска, али не можам точно да се стам кој на младинскиот актив а кој на скоевската оргнизација, во Волкодери Милан, во Шурленци Цвета, во Лескоец Тоде Ристевски, во Стење Славе од милоша не му се сеќавам за презимето, од Перово Круме Николовски, во Дрмени Цара Бошаревска, во Царев Двор исто така подвоено беше на младинската организаија Дорка Никовска, а на Скоевската Евда Котевска ова го зборувам за почетокот на тоа септември-октомври, после брзо се менуваа, некои останува и потаму некои се менуваа.

Во овие подготовки тогаш кои стоеја спаѓа и престојниот Конгрес на НОМСОМ во Скопје и подготовките кои се вршеа во Преспа низ активноста на младинската организација за самиот конгрес. На тој план се држеа почести советувања и во општините активности а исто така и Околиски, а во декември младинската организација во Преспа избра и своја делегација за присуство на Конгресот во јануари. Во делегацијата беа: Вера Димитрова како член на Околискиот комитет и СКОЈ и исто така на НОМСОМ, Кицо Ноиковски исто така како член на Околискиот комитет на СКОЈ и НОМСОМ, Корун Павловски од Покрвеник од младинската организација од Покрвеник, Живка за презимето не се сеќавам xxxxxxxxxxxxx од Подмочани Гена за презимето знае, а исто така во делегацијата уклу-

чивме и претсавник на пионирската организација а тоа исто така беше од најактивните младинци, односно пионири за кој доста зборувавме во миналите расправи Мите Ристевски. На Конгресот од име на младината на Преспа имав дискусија на линија дека младината на Преспа е и натаму да тежи борбата за ослободување на Југославија се до Берлин што беше парола догаш затоа ова го истакнувам посебно затоа што имаше и одредена струја дека не треба да се оди на Сремски фронт, туку тереба да се оди на Солун, од една одредена единица во Скопје. Во име на пионирите во Преспа исто така на Конгресот се јави Мите Ристевски и го поздраве конгресот од пионирите на Преспа што доби и најголем аплауз.

Поседувам од тоа фотографија и на основ на ова инсистирање на другарот Јонче ќе ги приложиме во историскиот архив.

На страна 19, од овој материјал што го добивме за околискиот комитет на СКОЈ кој исто така сите овие беа членови после и на на Околискиот одбор на НОМСОМ ИСПУШТЕНО е името тука на Вера Димитрова, која беше уште од почетокот кога се формира од октомври, а исто така не е додадено моето име од ноември, јас не сум член од октомври, ами од ноември.

Кире Галиба од Лева Река.. Со моето излегување другарот Јовко ме прате мене во септмеври, овој пред септември порано и се вратив работев со другарот Јовко заедно, со Илија Сивровски. Покасно многу добро знае Јовко и може тој да го изнеси зборувам за септември 1944 год. Во Лю. Река Јовко организира добра организацијамладинска, скоевска, народен, фронт и така ги сповика сите непријатели што беа таму на разговор и ги убеди да тие веќе се обрнат на наша страна. Кратко и јасно го изнесувам ова. Само сакам да изнесам нашите села Лева Река, Крушје најоптоварени беа бидејќи таму како што ви е познато на сите за базата. Исто сум запознат и со овие села Сопотско до Јанковец - Избишта , бидејќи бев стално со ними, ги пратев какокурир и ги носев поселата Јовко Јовковски и Ильо Божиновски. Зборувам за пред септември.

/

Јас сакам да речам една работа, ние овде треба да дадеме концепти да историчарите да можат да извлечат нешто повеќе и тоа кратко и јасно. Додека овде на масава моја приметуваме другариве едно те исто од вчера го подвлекуваат само така да би се нашле, нека ме опростат, во дискусија. Затоа ние овде имаме историчар од едно да го фарежит, да извлечи повеќе, да разбери суштината на оваа наша работа што е.

Јас да не задржавам овдека, најповеќе се запознати другарот Живко и Илија за нашата търиторија, тие подетално ги знаат сите работи од едно до последно и другарите овде Покрвенци кои беа најповеќе на овој наш терен, благодарам.

Мите Стефановски од Крушје Во хронологијата за нашето село имаме записано за овој настан следното: во текот на септември месец селото се испразни и сето способно население и младото беше во редовите на народната бојска на Македонија за свое ослободување. Во текот на септември селото Крушје заедно со селаните и народната власт од селата Лева Река, Избишите и Болно беа ангажирани на рушење на разни објекти патот Ресен, Свињшта односно Буково, а посебно на рушење на мостовите и врските., телефонските стубови и друго. Народот заедно со одредот Битолско-Преспански водеме вооружени акции каде се заробија (септември) некои возила и опрема на Буково према Свињшта за потребите на народната војска и населението. Покрај другата опрема тогаш беше заробена и една лимузина со војничак радиостаница. Овие акции се наставија и во октомври за рушење на овие комуникации. Таа заробена беше и однесена Таирица ,Глиба може да каже и радиостаница имаме. Затоа велам некои работи треба да се раскрстат. Јас ова го наметнав само да се расчисти.

Сега да ви кажам други работи за селото. Јас вчера заврших со август за ова лично мое што се знае и рековме од септември ќе зборуваме значи вкупно збивањата во селото затоа и е и Вите тука. Ова го поставувам да се расчисти.

Никола Наумовски, Долна Бела Црква. Јас покрај писмено што одставив до другарите сакам вократко да го изнесам да не се речи дека тоа е некако самостојно напишано, него во вистина за времето и учеството

кое сме го дале заедно со другарите.

Прво, на 6 септември кога зборуваме сега за септември, во присуство на секретар на Срескиот комитет Живко Стефановски и Боре Шумески како партизани лично присуствуваа во Долна Бела Црква, одржавме состанок со Народноослободителниот одбор што и на претходната седница се изнесе дека тој уште 1943 година е оформен. Прво на тој состанок прво се донесе решение - одлука задаток да се изврши дополна и измена на народноослободителниот одбор. И како второ, организирање и прибирање на храна и облека за другарите во борбата. И трето, извршување мобилизација на нови членови во одење во учество на народноослободителната борба. Првин, на ова со измена на народноослободителниот одбор се дополнаа членови меѓу кои дојдоа Нано Ѓорѓиевски порано беше друг бранду со неговата активност, Нано Талевски и Милан Крушаревски и останалиот одбор што беше формиран 1943 година, е тој Одбор во Бела Црква од 6.IX. го сочинуваат: Ејвер Каранфиловски, Никола Наумовски, Пере Гошевски, Нанчо Ѓорѓиевски, Нанчо Талевски и Милан Крушаревски. Истиот народноослободителен одбор уште на вечерта си седе обврска од состанокот кој беше одржан, новооформениот одбор одржа состанок во местото викано овде "Под ливаѓе" и донесе одлука да ити. ова е пишано и му го дадов на Кицо.

По однос на организирање на доброволна акција по предлог на Општинскиот партиско раководство кое се наоѓуваше во подмочани извршена е акција за копање на препреките гаватскиот превој-маказп горе. Истово е напишано и го имам дадено.

Друго, по однос на формирање на народниот фронт во Подмочанска општина, меѓутоа сетне и Околискиот одбор на народен фронт. Меѓутоа да не се сам претставам бев избран за член на тој одбор меѓутоа, е избран за делегат на Обласниот народен одбор, документ е лична моја потврда.

Во однос на прибирањето на храна, покрај она што го имам пишано таква беше обврската на граѓаните-селаните што учествуваа, леб веќе се инситираше да се носи Љубојно, Курбиново, Брајчино и последните пратки дури Битолскиот реон во Магарево во времето на месец октомври. За единиците што се најдуваа на Битолскиот терен, во Базата што беше во

Дубојно, потоа однесовме во с.Златари, а од Златари кога се префрлија веќе овие единиците во Магарево и последните пратки во Гопеми значи во трите бази.

За Петнаесети корпус покасно е во 1945 година меѓутоа, исто на Кицо му доставив и од тоа.

<u>Крсте Соколовски</u> од с.Златари. Во врска со ова што спомнуваат другрите од Крушје за некоја лимузина на превојот горе во Крушје, вака стои работата, мене ми се чини и вчера зборував за тоа. Тука Одредот нападна една заштитница германска која што се движеше од Битола за Охрид и ние тука заробивме еден камион, имаше и радио станица тоа е точно и опрема чизми и друго, а потоа го спаливме тој камион. Тоа тука беше никаква лимузина не зрабивме. Лимузината Одредот е заробе до селото Јанковец и таа лимузина командирот на чета беше Нурија тоа турчето Минур и тоа знаеме да вози за среќа, бидејќи кога нападнавме xxxxxxxаемница и кога јxx зраобивмеxxx лимузина никој не знаеме да вози и ја запаливме таму .

А оваа овде што ја заробивме тој знаеме да вози имаше положено ја зеде и ја однесе во Кривени. Тука убивме еден германец и за малку можда ќе настрадаше ова селото Јанковец, бидејќи тие се сетија на време германецот го однесоа таму негде горе и таму го закопаја и не можеа да најдат трага германците и така помина работата. Тоа е по ова прашање. Сега да не бидеме вака рекла-казала те ова те она работите вака стојат.

Што се однесува за работка за борбено учество да извинат овие Крушевјани, од Крушје. Ние соработувавме со нив по други акции за копање на патот како што нагласивме односно за тие работи.

Стварно поминаа многу години, јас сум бил во многу единици околу десет единици кога ќе земеш од Одредот "Даме Груев" па се до Трета Македонска и тн. и затоа му реков на другарот Гали ба тој да зборува повеќе бидејќи како командир на чета беше во Одредот, тој мора подетално да се сеќава бидејќи една единица биле односно во две. Човек кој бил во 7-8 единици можи да се испомешаат многу работи некои акции.

Кога веќе зборувам за ова пре од Болно другарот Манчевски нешто покажа тука некој список дека материјал, односно некои работи, хр

на сме земале тоа е точно, комесарот Кое Стефановски има потпишано таму. Кога зборувам вчера тука, тој нагласи за некоја мобилизација, односно ние вршевме за луѓе, немавме тоа право да го вршиме, ние имавме борци тука кој беа во Одредот, други органи го вршеа тоа, а што се однесува за тоа точно е, за некој работи храна стои.

Некои примедби имам по хронологијава На страна 187 хронолошка единица 772 овде стои вака: Трајче Грујоски го има пишано: на 6.Х 1944 година од Вторага, Петата и Седмата бригада како и од Посебниот Битолско преспански одред беме формирна 49-та дивизија. Тука треба да биде исправено, не беме Битолско-преспански одред влезен во составот, бидејќи на 6.XII тогаш влезе во составот на 24-та дивизија и во деветта бригада командант поста на Гулас на бригадата, јас бев командант на Првиот батаљон. Дислоциран бев вашу Љубојно на граница и Долно Дупени. Ете тоа треба да се дополни.

Митре Ангеловски од Брајчино. Јас со Седмата бригада добив еден задаток околу 27-28 септември дознавме дека на планината Бигла има некој бункер со германци со радио станица, кој е утврден со нагазни мини Со една единица одитов во село Боишта, добив податоци на кое место се најдува и како е утврден со нагазни мини. Ми објаснија луѓето дека има една можност ако излегуваат евентуално од бункерот на стотина метра има едно изворче оттаму земаат вода, инаку рзервна храна све е внатре. Се постави заседатата таму благовремено слезе еден италијанец, однатре еден војник со маската да зема вода, а со нас имаме двајца италијани кои беа од порано во нашата единица Дуси и Стефани. И кога го проверивме дека е италијанец и овие му кажаа дека ние сме на страната на партизаните веќе од 1943 година, а тој рече дека сакал да се извлечи од овој бункер, али да ме пуштите рече внатре, ќе го земам уште еден другар има италијанец и ќе земам едно оружје баз толку можам да земам така рече тој Даверо,даверо, сигуро,сигуро,бене, му дадоа бева овие, италијаните се разбраа со него и го пуштија. По малку време дојдее човекот Џузепе Деламичи заедно со него и Зулија Пули и донесоа еден автомат и маската, а јас со едно писмо и пагрола ги пуштив во штабот на Дивизијата Гопеши. Таа беме Прва Битолска дивзија. До извесно време седевме таму, фати

дожд и магла и дојде при вечерта еден од внатре од каде што идеме глас да ги бара овие, ние во тој правец припукавме и со тоа речиси делимично толку беше извршена таа акција на бункерот. Покасно поради тоа што тие имаа радио врски со германските колони се приклучија на германската колона која се движеше правец Битола Ресен, а ние кога дознавме ги пуштивме тие двата италијани заедно со нашите два италијани да извршат демонтажа на нагазните мини и на храната и на опремата и на оружјето што беше таму и на тој начин и така да речам беше очистен тој објект.

Лента 9

Ангеле Ангеловски од с.Брајчино. Јас сакам да зборувам за 1944 година, бидејќи нашето село не беше опфатено ни со СКОЈ ни со Партија. На 1.IX 1944 година се формира и СКОЈ и Партија. СКОЈ беше формиран од 10 младинци понапредни кои беа организирано што работаа за времето на Одредот кога беше таму за помагање така во него влегоа: Трендо Ангеловски, Ангеле Трандовски, Стоја Ангеловска, Елена Јовановска Методија, Козовска Ристосија, Таневски Владе, Кожовска Сотирка порано Мачковска. Воедно и партијата се формира на истиот ден на љ.IX во с. Брајчино, Имавме околу 70 младинци во младинската организација неупатени како нови, почнавме да соработуваме да ствараме дневни редови, тука дојде другарот Јовко со Богоја Фотев од Бистрица одржаа една врста говор со селаните - митинг запознавање како треба, што треба да биди, ова е после први септември неколку дена. Со тоа негово доаѓање таму ние скоевците побаравме таму од другарот Јовко да не упати за работата како треба поад но да работаме . До крај 5 септември прилив од Преспа, од градот Ресен како најарно загро Брајчино близу шумата за склониште све што беше мобилисано способно за војска прифатено беше во Брајчино.

Првиот народноослободителен одбор што беше формиран за време на Одредот некои заминаа уште одма во армија, а еден беше од ними убиен и мораме да се формира и прошири голем народноослободителен одбор, првиот беше од 5 души, после од 9 дуѓи во кој за претседател беше Спиро Шајновски во вториот народноослободителен одбор, а во првиот беше претседател Стефан Цајковски, а секретар на Одредот Одбор Крсте Трандовски покојни, а во вториот одбор мораме да се прошири пошто од овие другарите којшто беа

После нашето враќање, не се сеќавам задатата, само тоа може да се констаира од записник бидејќи по ослободувањето се водеа редовни записници не само на Комитетот туку и на сите општествено-политички орга

низации, се изврши реорганизација на Околиски комитет. Новиот состав на реорганизираниот Комитет беше следниот: Илија Божиновски за политички секретар, Алексо Булаковски организационен секретар, членови: Живко, Јовко, Јонче ЖТрповски, Панде Толевски, Пецо Нечовски и Мушлугар доби во секторот ОЗНА, Мариго од Јанковец по АФЖ. Инаку ова што рече Јовко за Ќазо и за Роза, јас колку што се сеќавам Ќазо беше покасно, значи бил во претходниот како Живко изнесе и покасно е дојден. А за Роза колку јас се сеќавам и пак не сум сигурен, тоа може да се види и од записниците, таа беше како инструктор при Околиски комитет да работат со АФЖ и со овие општествено-политички организации, само реков дека за тоа не сум сигурен тоа ќе се види од записник. Покрај овие што ги наведов политички затвореници кои излегоа од затвор имаше и други тоа се: Роза како што реков таа е од Битола, после Фанче Николовска една, презимето не и го знам од Прилеп Стевка Расокова и неа ја имав заборавено и вчера кога ја видов вака некако ми заличе и ако остареевме сега, некако се препознавме па беше и таа. Покасно дојде и Милица Костовска и овие работеа по општествено-политички организции. Останаа повеќе време така да неко и имаа задолжено по општини. Поопширо јас имам дадено таму едно во вид на сеќавање. Само едно сакам да истакнам тоа е на Околиски одбор во октомври 1983 година и го праќувам другарот кој работи по таа материја, тој тоа го немаме на првиот состанок, но и јас не ја имам датата кога е доставено дотогаш воопшто не реков, така да тој Одбор кој тогаш го примил не е во сегашниот одбор, а јас мислам дека овој одбор треба да види зошто го нема, а јас му дадов копие кога бевме на првиот, на другарот Кицо му дадов други примероци, така да некои работи оттаму можат да се земат за имиња на комунисти што бевме взатвор.

<u>Мите Стефановски,</u> од Крушје. По излегувањето на една поголема група во партизаните во почетокот на август 1944 година и задржувањето во Караорман во еднаш се најдов во една голема колона, која на пат за Преспа. Еден ден во тие бавчите во Кривени престојувавме и откако вечеравме патот требаше да не води према Љубојно. Кога дојдовме овде на Црвестана некоја зборка некој узбуна, колоната беше прекината таму таму да

некои се вративме во оние бапотските лозја, некои напред и се смири ситуцијаа. Тука беме некоја лажна тревога некои извика итн. Потоа кога го продолживме патот за Љубојно и во Љубојнозванично добивме назив таму Преспанска деветта бригада. Тоа беме она време после кога имаме таму и судење итн., тоа беме време кога Боро од Ресен ликвидира некои други таму издајници, над Љубојно беа ликвидирани а тоа е посебен случај.

Посоа еден ден добивме наредба да тргниме навака. Дојдовме во Асамати и ни се случи еден случај и тоа е многу карактеристичен народот како не прифаќаше.Кога дојдовме кај Асамати крај езерото во едно гумно излезе еден албанец вака нешто поголем беше од Мичо, добро развиен води еден вол црвен. Во годеќе и го врза за стожето на гумното и вика :"Браќа го податувам овој волот за слободата и за борците што ни ја носат слободата. Дојдоа куварите нами , го зедоа волот и го заклаа и ручек имавме дури и ранците ги наполнавме. Оттука на вечерта трргнавме за Евла се сместивме најголе во селото таму кај учителот кај куќата негова кај јамата. После престој од неколку дена дојдвоме за Златари и од Златари се растуривме на разни страни. Овој случај можам да кажам за таа Деветта бригада. Понатака има други истории итн. Деветта преспанска популарна бригада така ние ја велевме. Имам запишани некои работи за ова и незнаев дека ќе се зборува за ова, за да не зборувам напамет, ако треба писмено ќе доставам. Ние имавме преспанска бригада и така ја велеме Деветта преспанска бригада.

Лента 11

Вите Гачевски. Кога кажував за учеството на учесниците односно за младината на Јанковечка општина го пропуштив селото Избишта. Стварно беше и тоа село многу активно па сакам да кажам за другарките на Иља Спировски беа стварно многу активни и Кивча и Вита, а секратар тогаш беше Прче Спировски во Избишта, Живко Ангеловски ми се чини да тој беше и член на Општинскиот комитет на СКОЈ, а тој работеше и во Одборот, да не беше и секретар на Одборот.

Значи овие од Избишта и Милица Манцовска како се презиваше не; нам точно, тие другарки стварно беа за пример посебно сестрина на Иља Споровски.

Живко Ангелевски, од Избишта. Во септември-октомври месец бев на подфаќјето на Јанковската општина и работав по младинската организација поправо бев секретар на СКОЈ. Во тоа време претходно значи бев примен за член на Партија, а работав во оваа организаација. Стна збор за формирњето на Одборот во село Јанковец народноослободителниот одбор. Прво Јанковскиот народноослободителен одбор тој остана последно да се формира и се фомира после заминувањето на Бугарите, а германците беа уште во Јанковец, оти една колона имаме стално стационирана во паркот на Јанковец. Во одборот во составот се сеќавам дека претседател беше Ристо Димитровски, беше член Киле Огненовски и уште некои други, можи да дополни кој има од Јанковец ги знае поарно тие од месниот одбор значи тиви познаваат подобро. Во ова време нас ни беше закачан еден сос танок на кој требаме да делигираме по еден член од сите месни народно о ослободителни одбори за формирње на Општинскиот народноослободители одбор во селото Јанковец. Тоа беше некаде околу 28 август - не тврдам за тоа, Јовко можеби знаае подобро. Сех состанавме во куќата на Гоне Старковски што ја имаме купено од Миле Турте ми се чини.

За формирњето на општинскиот одбор во Јанковец беше на состанокот не се сеќавам тука беше и Живко, али сигурно Науме беше тука. И на тој состанок не дојде делегат од Болно и од Сопотско. За чричните незнам, а од другите села од Крушје беше Живко Јузевски, од Лева Река Крсте Јосифовски, од Злaтари беше Никола мајсторчето и Панде Ангелевски, од Кривени беше Мите Димитриевски ми се чини Спасејчев го викавме односно Митревски и од Избишта бев јас, од Јанковец беше Митре Гемтаковски, не сум сигурен да не беше и попот. , оти тој покасно замина за Околискиот народноослободителен одбор. Така да во Јанковец се формира значтогаш Општинскиот одбор на којшто претседател стана Митре Гемтаковски аекретар на Одборот првин беше м избран Крсте Јосифовски, а потоа тој замина за во Околискиот одбор, работа по ИРИУМ а во замена Живко Јузевски. Од Сопотско покасно ми се чини дојдоа како членови на Одборот Рифат Шакировски, не тогаш на состанокот не беа важно не присуствуваа, али покасно знам така да од Болно дојде овој Калија и Тане Манче во составот на Одборот на Општината.

Активноста на Опш тнскиот одбор во тоа време навистина беше голма имавме многу големи задачи, во однос на ссставување на писоци на граѓаните оти нас ништо не ни имаше останато, по однос на припреми за откупи, за есенската сеидба, потоа за акциите што се организираа, нека ме извинат другарите што зборуваа за овиие акции на Буково, меѓуто во тие акции учествуваа дяите овие сала што беа на тој терен покувајќи од Болно, Јанкоец, Кривени, Лева Река и Крушје. Истовремено ние сите во одборите имавме по некоја пушка-оружје така да со секое село праќавм по еден човек со луѓето што одеа со оружје во рака да биде. И она, кога се отвори борбата кога се заседоа, како што кажуваат другарите она камио ончето првата пушка од цивиливе беше пукната. Јас можам да го кажам човекот беше Тоде Колевски, тој отвори оган на германците првин и тој го ликвидира шоферот. Одредот беше тука, не викам дека не учествуваме. После кога се запали кастана кога изгори Стерју, од Кривени беше тој што отвори оган да најави дека идат гемранците луѓево да бегаат. Тiие го осетија од каде е и ја запалија целата планина. Тој се скри зад еден даб и така остана жив.

Имаше полно работи тогаш затоа што секој ден се одеше да се прави на попречување. Во тоа време Петтата бригада кога дојде од кај Златари и Кривени и го поседна реонот од Избиште према Крушје од левата страна, а одовде паѓа десната страна, меѓутоа таа е лева страна и кога се повлекуваше колоната од Албанија отворија оган кај Гимбабица, заробија еден камион во којшто имаше албанци цела фамилија која што бегаше и една жена која се породи во Лева Река. Камионот го однесоа во Лева Река.

Истовремено со формирањето на Опш тинскиот народен оддбор во село Јанкоец покушавме да воспоставиме една врска со Штабот во Златари со Командата на места што беше, ова што викате вие тоа информативен центар. Практично тие информации тогаш ги одржувавме со одење на курири. Меѓутоа, ние успеавме така да извлековме две жици и таа телефонска врска не беше до Златари, меѓутоа беше само до Планинчето онде до црквето Свети Никола. Тоа врска служеше, после Јанкоец, Ресен имаше врска постоеше значсе користеа тиие врски во извесна смисла, за информирање, а тоа информирање практично се најмногу однесуваше на движењето на единицива германски кои сеуште тука се движења, да можи да се обавести за да можи

да се обавести за да се преземаат одредени работи. Имаме еден случај, во Јанкоец честопати се бунеа, неодеа некои луѓе во тие акциите. Да развеме да имаме двајца-тројца попови, после овие што беа прогфалсени како ратни богаташи Сандре Богамија, после Нечо. Тие беа во извесна смисла попривилеговани како постари луѓе, попојбе како попови не ги теравме да одат на копање. Меѓутоа, Јанкоштани едно време се избунија вика ние ќе загинеме таму, а оти таму опасноста беше поголема на овие што копаата патот отколку оние што држеа заседа- вака да зборуваме отворено. Нас еднаш каде што беше поставена заседата или заспа, или поголема колона беше не сакаа да отворат оган, нас не не обавести никој по патот што е Илинскиот и кога дојде борната кола кога немавме на завијокот направено еден стис со камен дебел, ќе не изгаземе во дупката. И кога почнаа луѓе се избунија и бегаа на кај Илинко и према Болно никој не знаеме каде оди оти одеа ноќје на вечер.

Та зборот ми е и тогаш ние баш овие Јанкоштани кога се побунаа дека нема да одат ако неодат овие лица, ние бевме принудени од Општинскиот одбор да ги потераме дури и поповите да одат да копаат на Буково.

<u>Ламбе Бањалоски од с.</u>Јанковец. Па ддругари, Живко нагласе за Одборот кога кога се основа во Јанковец, се оснива прво во прво карши манастирот кај една готница. Дојде Пенко Здравковски и Ињо Божиновски баш тука не собра една вечер, цело село во тоа трапотмеѓу манастирот и тука се одржа Одборот, во тој велезе Попа Ставрум еден, Попот Кире два, Кире Попче три, Киће Шуме четири, јас пет, во тој одбор влеговме. И со тој одбор работевме цело време, ама гемранците стално се движења низ Јанковец, тука му беше центарот. Јас имав задача на партадлица куќата имавме таму, телефонот беше кладен директно со командата во Златари. Еден ден германците не сетија, како што зборувавме ни ја фатија линијата и ние сетивме дека ни ја фатија линијата и ние тој телефон го прекачивме и го однесовме кај црквичето Св.Никола. Во тоа време имаме задаток Одборот штом има германци одма имаме курири камбаната да ја ропаат за да бегаат. Оти бегаа во манастир одборниците.

Едно време кога се зададе една колона голема замина за Охрид германци, а другата колона беше останата во Ресен. И кон 9 часот вечерт поминаа таа колона кога го убиаја германецот. Стана едно стражение Кога се уби германецот стана стражение меѓу Јанкоец и Ресен и јас и тој Ристо патарот излеговме да видиме што е, оти германците што ги има за да ие го изгорат селото. И тоа во којта имаме завртано една роса одиме по тро и кога гледаме тука над Јанковец калата завртена за Кривени, , а пред нас избегаа два војници германци колку да удрат на нас. Тие избегаа надолу за во Ресен. Јас му реков на Ристо сега по тро ќе одиме да видиме што е тоа бидејќи овде има стражение - нешто убиено. Отидовме кај на Маќу лозјето кога пулиме спружен германецот, слечени чизмите и фрлен така покрај ендекот. Во главата беше удрен мозокот истурен цел на патот, а целава негова колона беше во Ресен. Тој беше што ги имаме сите магацини во Сарај, тој му дал клучевите во Ресен едно младо поручник беше. Ние сега што правиме. Одма јавивме да го кренеме. Го викнав Борета Сашев и Кирета Блажев тие копаа гробови и тогаш Таше Думов беше дојден од затвор. Му велам на Таше дека е вака и вака работата беше кај Живета дома скриен и Живе Минчев беше дојде и сега му велам што да правиме и го кренавме и телефонот го однсеовме кај Св.Никола. Јавивме Гошеши во Златари и чекавме до сабајелто.

Цел Јанковец избега, жива душа не остана во селово, разбраа дека има германец убиен и избегаа. Ние го кренавме го кладовме во Раман Сабајлето кога се зададе една колона од кај Царев Двор одовдека дојдоа до кај топот. Во Јанковец имаме еден топ кладено кај завијокот. И се зададе таа колоната и тука запре. Почнаа да го бараат германецот. Една колона дојде од кај Охрид да го бараат, удрија таму ваму и заплескаа тие поседоа еден пол сат-сат и тргнаа. Ние од кај Свети Никола све гледаме. Јавивме во Златари и му велиме вака и вака голема колона војска има и еден курир од Златари ќе замини во Ресен за да види дали има уште германци. Јас идам во Ресен ги најдов Комито овдека кај Сарајот, го држе Сарајот Ресенци да не го опљачкаат. Во тој момент Димитракија ми рече има уште германци, ќе почекаш, има овде еден топ кај џамијава кога ќе тргни топот тогаш ќе нема германци.

Едно време се зададе една колона од 5-6 дуќи влегоа кај Сарајот имеме бурина, кога му влегоа бензино го истурија тука и го зедоа Сарајот го запалија. Скокнавме ние таму ваму го изгаснавме. И оттука јас заминав, а топот веќе тргна, германците се исчитија. Топов тргна ко[illegible] Јанкоец, јас по топот одам на едно стотина метра, колку дојдов до гроби[illegible] тана, префрлив преку паркот одидов низ селото. Во селото пусно жива дум[illegible] нема. Оттака излегов кај дабот горе, а кога веќе излегов кај дабот топо[illegible] веќе заминува и кога замина нагоре после еден пол сат мостот бувна во Љо Река експлодира. Не потера едно извесно време германците веќе се истегаа. Извиковме, луѓе, излегвајте германците си отидоа. Не потера до кај поручек време и бригадиве откај Кривени сите ураа, дојдоа и Ресе[illegible] го презедоа. Тоа беме другари.

Кога го минираа мостот Крсте од Јанкоец тоа воденичарчето Трајчевски тоа беме во воденица со таткому. Му го зедоа коњот, тој со брашното го носеме во ресен на луѓево и коњот му го зедоа за да го минираат мостот. Овој воденичарчето се скри и после едно време, тие како што го минираа, коњот го имаа врзано таму за едно таму и тој му го зема коњот со едно големо бегање со мавање на коњот а овој качен и бега. Ама тие го видоа оти бега и вкола го убија. Тука Крстета го убија.

Јовановски Крсте од Брајчино. Сметам што прво за корекција шт[illegible] другарот Ангеле Ангелевски кажа за формирањето на овие политички организации којшто беа. Тоа навистина дека СКОЈ кога дојде Јовко го формира [illegible] Јосиф Кондовски. Тоа не беме 1-ви како што рече Ангеле, ами тоа беме во втората половина на септември а можеби и покасно нешто. Дефинитивно на состаноци еднаш дојде да тоа го организира постручно на еден начин да му даде упатство за работа Ане Кочовски. Инаку во СКОЈ тогаш беме проширена, имавме повеќе од овие што ги спомна Ангеле Тодорка Чоролова беме Крсте Јовановски беме, Никола Јовановски Борис Петковски и м ногу други.

Задачата ние одма ја прифативме уште тогаш девојките да сплетат звезди за капита на борците од некои мониста и така во прво вре,е а потоа имавме чтање и организирање. Се формира и младинска организација исто така присутен е Јосиф Кондовски и е формира за претседател

Крсте Јовановски, за секретар прво Владе Таневски, а потоа Ангеле Ангелевски, а тогаш се бараа делегати присутни во околиски беше другарката Стоја Трандовска.

Сакам да кажам дека се формира и Партија. Некаде ноември или почетокот на декември Јовко Јовковски ја формира и првата келија-партија таму во с.Брајчино. Прво беа пиркључени луѓе кои што биле во странство во тоа в реме прво секретар беше Ефтим Томевски, затоа што прво се формира од тројца луѓи, Ефтим, Никола Теговски, Стефан Цајковски, потоа се промири со Крстин Теговски, Апостол Ѓуковски, Спасе Шуковски Гере Калчевски и тн. и некои постари луѓе беа опфатени.

Инаку во базата Дубојно постоеше и Десетта бригада бидејќи и директен учесник, знам дека постоеше и Десетта бригада. Сакам да напомнам и тоа дека понатака во тезите стои и за Сремскиот фронт припремите кога што беа од Брајчино заминаа двајца на Сремскиот фронт Ристо Јанкуловски и Стојан Јовановски.

Конгресот којшто беше спомнат, другарот Кице не слушнав да спомни од таа Преспа бидејќи во декември се наоѓав кога се држеше конгресот како војник во Скопје и ги сретнав другарите од таа Преспа, односно делегатите Доста Струмениковска како делегат од Долно Дупени, Ристо од Арфати ми сечини односно Крсте Лозановски, Ристо Лозановски, а на тој конгрес таму го прифатија и Мето Јовановски бидејќи беше оттука се спремаше тогаш беше испратен на некој курс за пилоти на Школа за пилоти требало да оди во Русија. Тој тогаш требаше да се врати назад но некоја Дилјана Чаловсска, кога бараше таа да се врати назад, таа му даде некоја потврда кој требало да присуство на тој конгрес. И ако е прашање овде за училишта стојат и други работи за формирање или оние летописни книги што ги имам видено, јас сметам дека во декември и уште дали 4-ти или 14-ти декември прорботи училиштето во Крани. А ми се чини и во Штрбово во последните денови, по мое Дубојно проработи во декември

[redacted] Мичо. Осекам една празнина а и сите треба да ја осетиме овде на овој собир на којс сме спомнати. Некако ми дојде на памет да оваа работа сега кога ќе ја изнесам, ја искажам, а верувам аите вие ќе се сложите во едно признание кое треба да го одајме на

главните курири, заправо на куририте на Главниот Штаб на Македонија и секако како сакате. Тасевски Танас-Комитетот, Темелковски Лазо Ванчо, Наумовски Јордан-Калче, Гераковски Трајан за овие преспани се сеќавм како курири на Главниот штаб на Македонија. Овие другари како и другите другари на другите места надвор од Преспа заслужуваат едно посебно внимание затоа што тие извршуваа далекусежни наредби од Главниот штаб на Македонија и ЦК до покрупни и помали единици.

Од добивањето на нивната наредба за извршување на кој и да бил задаток биле сврзани со такви тешкотии кои сега во овие моменти тешко би можел човек да се одлучи за едни такви потфати и такви ризични моменти по нивниот живот, тргнувајќи од Дебарца-Караорман, Преспа, Лериисно, Коструско, Магленско, Кожуф па се до Прохор Пчински. Секагаш сврзани со опасности, опасностите биле поголеми затоа што оделе по двојки или тројки, со гонењето на непријаелот било покрупни или поситни единици на Македонија или некои други патроли, нови партизани излегување, а ови храбри за жал непрогласени народни херои.

Кога ова го спомнав народни херои, треба да спомнам уште една друга работа во врска со тоа народни херои. За жал кој да е и кој сака нека е многу борци ние овде или онде зборуваме зашто не е прогласен другарот Цветко Узуновски за народен херој, зашто не е прогласен Веслиевски Науме-Овчарот, зашто Трповски Мите-Војводата не епрогласен, зашто Спировски Илија-Панде не е прогласен, зашто Трајчевски Мите-Старејко не е прогласен, не се прогласени овие луѓе кои за жал имаме уште малку живи затоа што некои загинаа и храбро со така јак непријател. Непријател велам затоа што повеќе непријаели имавме кои беа соединети германци бугари, балисти, контраши итн. Да овие храбри непрогласени херои останаа на боиштето како сведоство на едно големо јунаштво со една цел и со една мисла да се створи една грутка македонска држава. Да идните поколенија бидат слободни и слободно да се кажат како македонци.

<u>Кире Карапалевски</u> од с.Шурленци. Вчера Живко од Подмочани напомна малку, е сега јас да го кажам нашето.

Кога префрле тој 1944 година во нашите села во нашиот реон од таа страна Преспава, тој преврле со Танаса Грнецот, ние веќе бевме

јас можам да кажам бевме организирани, кога дојде тој направо дојде кај нас со Танас Гриецо и по тоа ние работевме убаво. Живко беше илегалец во нашите села организираме. И по тоа време во август 1944 година падиав јас во затвор, седов до крајот на десетти септември овде во Ресен кај Бугарите 1944 година, И тогаш јас дојдов од затвор, мобилизацијата веќе беше извршена, малите, старите деца беавеќе мобилизани. Кога дојдов од затворот ми вика Панде Каммиш, сега рече Кире што правиме со тебе. Јас му реков сега ја земам пушката ако ми дадете одам со една група. И тие се задскрија зад плевната, ми рече ти уште овде ќе ни требаш, ќе седиш тука. Му одговорив добро. По тоа јас си работав со Дилко, со Лазе, со Трајан Герарак, со Комитот. Си работавме убаво и некое време дојде Седмата Бригада тоа е септември 1944 година. Седмата бригада пуште ново двајца војници братми беше Мите и Бојан Настевски. Ми рекоа, те вика командантот Васко, да дојдиш долу кај црквата. Отидов јас долу кај црквата со Васко се разговаравме: соушај рече: ти кмете ти си овде одборник во селово, ќе ни дадеш распоред каде да фатиме заседа германците ќе се повлекуваат од албанска територија. И станав јас и тој помене, јас напред и му велам: овде, онде под село Шурленци до Сиркан. Кога фативме каде што е пумпената станица целото и ми рече дека сум јас слободен. Ама не поминаа герман ците тој ден туку поминаа наредниот ден, незнам каде нападнаа, али знам дека другиот ден поминаа. И по тоа сакам да кажам оти нашата историјаа е голема, само жалост 1943 година немих ме поканавте мене. Можев да ви кажам и од 1938 година, само не се враќаме назад тоа се сторе.

(Ѓорѓи Танковски му предлага да напиши свој материјал и ни го достави нас.)

Кире Карапалевски - Бидејќи јас бев организиран во 1936, одис 1938 година кога беше гласањето во Сиркан, затоа сетне јас си работам со овие лица што ви ги кажав понатака .

Недовршивме, после Седмата бригада дојд всело кај мене се јаве целата бригада ја распоредив во селото и вечера да му се даде, да ги огреете, да ги испиете-да спијат тука. Сабајлето станав му ја покупив

војската-Бигадата. Потоа тргна и не ми е јасно каде замина. Ова го зборувам за Седмата бригада Васко беше командант. Ова се одвива во 1944 година септември месец. Во народноослободителниот одбор беа: мене ме имаа изабрано во Покрвеник, Јане беше Војводата од Лавци, ме изабра мене, беше Дрија Карапалевски, јас бев како претседател во одборот Кире Карапалевски, беше Коруш Ставревски во одборот, мислам дека тројца бевме мало е селото.

Кицо Нонковски. За неколку конкретни работи. Јас кога зборував за развојот на младинската организација и за СКОЈ испитив за споменам дека едновремено се формираат и опиттински комитети. Во Опитинскиот комитет на СКОЈ Царедворска опитина кој е формиран во Октобар 1944 година, се наоѓаат: Гога Прцуловски од Царев Двор. Круме Николовски од Перово, Тодорка Кировска од Горно Дупени, Павлина Китевски од Евла. Драган Таневски од Дрмени, Здравка Темелковска од Покрвеник и Тоде Ристевски од Лескоец, тоа е едно вакд да го спомнам како конкретно прамање.

Второ, во октомври при крајот во Подмочани во ѓколото се одржа едно широко советување со сите опитински раководства, Околиско, каде што присуствуваа од сиве опитини а од Областен комитет на СКОЈ и на Младинa беше присутен Тени Колемишевски и тој зборуваше на самото советување.

Трета работа конкретна што ја испуштив, другарот Вите Гачовски ја кажа, туку само јас да ја потврдам да не испадне негова. Точно е дека во ноември 1944 година со заминувањето на Круме од Јанкоец на школо дека Вите е примен за член на Околискиот комитет на СКОЈ но сите тие беа и на младина и тачно е дека и Вите беше во делегација на Конгресот.

Исто конкретна работа во врска со патувањето на делегацијата на Конгресот дека во Охрид се и цела охридска и нама околија се состана делегацијaа-делегатите, повеќе пешки се патуваше отколку со возчето, тоа во почетокот на јануари. Бошко Станковски како член на Покраинскиот комитет на СКОЈ ги предводи сите делегации, се спиеја во Кичево, и бидејќи не можеме повеќе да се патува после пак другиот ден од Кичево натаму ни западна ситуација низ тие големи снегови да мораме да спиеме во Зајас Каква се беше ситуација во Зајас во тоа време не сакам посебно да опишувам. Тие неколку конкретни работи што сакав да ги приложам на тоа.

Сега неколку исто конкретни работи што се однесува сега за 1945 година. Во јануари 1945 година созамишување на другарот Јовко Јовковски за член на Обласни или Окружни како се викаме тогаш комитет на СКОЈ и младина во Битола во Околискиот комитет на СКОЈ настанува реорганизација, односни исто така како и порано некои другари што беа отидени доаѓа за секретар на Околискиот комитет на СКОЈ и воедно претседател на младината Панде Толевски. Меѓутоа, со оглед дека Панде Толевски беше повеќе ангажиран на други прамања од изградување на нарадната власт беше сосем кратко време само еден месец беше толку секретар и претседатели доаѓа после за секретар на Комитетот и воедно претседател на младината Ване Нечовски, кој пред тоа време се наоѓаше во Струмица на позадинска работа а после префрлен беше откога се врате тука во Ресен незнам точно кој месец беше вратен. За организационен секретар на Комитетот доаѓам јас и воедно секретар на Околискиот комитет на младина, а за нови членови на Околискиот комитет со оглед дека беа ослободени Мите кажа за Круме од Јанкоец Јозо исто така беше ослободен од Околискиот комитет на СКОЈ, Кире Дојчиновски исто така беше ослободен, отидодоа на други активности на други должности за нови членови на Околискиот комитет на СКОЈ воедно и младина НОМСОН доаѓа Гена Шумеска од Подмочани, Никовска Норка од Царев Двор и Гена Манчевска од Болно. Тоа се во таа нова формација на Околискиот комиет на СКОЈ а воедно , како што кажав и порано, тоа се и членови на Околискиот одбор на НОМСОМ, али покрај Околискиот комитет на СКОЈ имаме и некои други членови кои беа на Околискиот одбор, али тој беше еден поширок состав, со оглед на тоа што беше поширок состав не можам да се сетам за имината и можи да направам некои греши па да ми се лутат после другарките, другарите што беа во тој состав.

По одржување на Вториот Конгрес на НОМСОМ за кое зборував порано во Скопје во 5-6 јанари тие дена што траеше, активноста сега се спроведува на линија на реализирање на ставовите од Конгресот што се донесоа на Вториот конгрес на Младина во Скопје. Н а тој план, покрај другото, од страна на АОбласниот комитет покрај советувања што се држаи и состаноци овде во општинските организации, исто так, во март, можеби

/

Живко и Јовко подобро се сеќаваат, нека ме исправат ако не беше во март, се држи областа конференција на младината во Битола каде се закоја областа-конференција се избрани делегати на младинци, младинки од сите општини на Преспанска околија, али имињата кои све беа во тие делегати не можам да кажам, затоа што тоа беа повеќе, не беше тесен круг на делегти на обласната конференција што вика Гога цел камион луѓе, веројатно имаше 40-50 делегати младинки-младинци. Можда ќе треба да се ангажирме имината да се видат и најдат, со оглед дека се работи конкретни Вите ми спомнува дека не го споменав Ѓанета Кочовски, меѓутоа Ане Кочовски си беше од порано член на Комитетот и си остана и 1945 година и затоа него не го спомнав, а ваму од Дубојска општина дојде за член Чороловска Стојa.

Другаров Јонче со право напомна овие се секаде исти и не би се задржувале на тие работи.

Сега сакам на некои други конкретни работи да се произнесам. Јас испуштив да кажам дека со Општинскиот комитет на СКОЈ и Младина Во Царевдворска општина до моето станување на организационен секретар на Околискиот комитет и секретар на НОМСОМ раководив директно со Општинскиот комитет, а после другарката Дорка Никовска.

Неко и други прашања како предлози што се значајниза Преспа што треба да ги имаат во предвид историчарите и во колкава мера тоа е обработено незнам, другарот Алексо Булаковски зборуваше за излегувањето на другарите од затвор, али е многу значајно прашањето да се обработи прашањето за организацијатата на внатре на затворениниците и улоаата на другарите од Преспак за подготовките кои се вриеаза избегување од затвор, преговорите и врските кои се поврзаа со Битолската организација и ѝидејќи на тој план има издадено една книшка, меѓутоа, таа книшка е многу непотполна каде беа формирани и комитет и групи кои вриеа раководители на групи и Комитет, од кај нас другари беа Димитраки и други кои раководеа со тоа , па ќе треба тоа да се стои. Затоа зборувам за улогата на преспаниве, а директно Димитраки учествуваше во преговорите и притисокот што го вриеѕ и оние демонстрации што се организираа, после

жените во Битола да ги пуштите вашите синови итн. и притисок што се изврши, али тука преспанската страна проблемот е запоставен што викате не е разработена и мислам дека треба да се разработи.

Сакам да апомнам еден значаен скуп Злаари на 7-ми септември 1944 кога групава, оваа група која зборуваме Алексо доаѓа во Златри се држи состанок на сите членови на Партија каде што сите ние присуствувавме, каде што се поставуваме на дискусија основно прашање на натамошен развој на Револуцијата. Не се сеќавам кој раководеме, али сакам да ја спомнам дискусијата - многузначајна дискусија на другарот Тени со оглед да настана еден збор незнам како се викаме тој бугарин кој присуствуваме тука, тука за натамошниот развој како ќе се развива и во кој правец. Сакам да ги повлечам едни зборови ми останаа од Тени во сеќавање дека и ако се сојузници денес Англија и Германија со нас, ако утре Англија и Америка, ако утре се сретниме и со ними и со ними ќе треба. Зборот ми социјалниот елемент на револуцијата Тени каде што го разработе.

Алексо Булаковски. , од Болно. Кога дискутиравме за Околиски комитет преескa што остана за 1945 година да гообјасниме тука. Во 1945 година отиде и Јовко од Околиски комитет како претходно што е Живко отиден. Ильо Божиновски и тој отиде за за обласни одбор во Битола, тааммада во февруари се одржа една изборна конференција партиска, на која се избра во Ресен ново раководство, односно имаме и од старите и се дополна. На тој состанок од Олбастен комитет од Битола присуствуваме Марко еден Црногорец Акуљача. Тогаш имаме извештај за работата на Партиската организација во Преспа. Таа документација постои може да се види. Само јас ќе ги напомнам овие кои дојдоа во членовите кои ги паметам така да она што остана нејасно пред Кога Јовко рече јас мислев дека не. Е сега во овој состав на Комитет дојдовме: Буларовски Алексо за секретар, Боре Ќазов-Атанасовски од Евла за организациони секретар Јовко Јовковски , не ми текнува, Пецо Нечевски тој пак го има секторот по ОЗНА, тогаш Мариго отпадна од тој Комитет дојде Малева Шумевска за член на Комитетот и по АФЖ, остана Панде Толевски, Јонче Источки не сум сигурен, Јонче Трповски

Коза Хамки мислам тогаш дојде во Комитетот, инаку реков однапред јас не сум сигурен, записникот ќе каже точно, можда некои не го реков нека ме извинат тоа не е тенденциозно инаку за друго немам што да зборувам за пртиска организација зарaботата, животот, на Комитет и све стоеја организирани тука нема што.

Ова што Кицо го рече за политичките затвореници, јас нема што да дискутирам сега, она сеќавање што го споменав и имам пишано нешто колку јас можев да го опфатам. Имам обухватено како живеевме како работевме што правевме, како се припремавме за излегување и све, а тоа можеби има другари кои умте подобро од мене го имаар разработено.

Киме Манче. На 20.II 1945 година се формира првиот Окружен партиски курс во Битола. На тој партиски курс во Битола од Околискиот комитет бев испратен јас ево списите и записниците во тоа време што се д држеме. Таму бевме десетина души, кој држеме предавања имам спислкови можам да ги кажам во секој момент.

По моето враќање од Битола од тој партиски курс, бев поствен за политички комесар на 22 чета во Ресен при команда места. Таа чета ја одржувме границата Стење-Љубојно-Албанска-Грчка имавме ескадрон Стење-Царев Двор, Љубојно и и во Ресен.

Априло месец 1945 година од команда места бев викан Димитраки, Славе беа таму команда, Димитраки комесар, Славе командир да се прави претрес на ратнит богаташи во Ресен. Поставивме заседи каде требаше кај куќите, другиот ден полицијата изврши претрес, еве список која куќа, кај кого и колку е најдено. Спосоков кај мене го поседувам., можам да г дадам на увид секој ден.

Некаде пролетта пред 1-ви мај во тоа време пристигна една Албанска бригада која беше се бореше на Сремскиот фронт. Покрај мене што ме известија од команда подручје Добри да се припреми во касарната место за спање и за прчек и од команда места не известија затоа што са таму имавме една централа која работеше во тоа време телефонска. Со таа бригада јадовме голема мака кога дојде овдека на тој одмор, може да каже Димитракија и Славе како тие ни поставија дека командантот нивни

е најголем овде на Преспа. И во тоа време, сакам да кажам една главна работа, другари, кои овие години мене ми се случи во Охрид, претседател на Сојуз на борци кој Пере ми го поставе. Во тоа време таа албанска бригада ги растури магацините во кои ние горе имавме отровни гасови, долу експлозиви и друго. Примаа храна во конзервите од отровните гасови, се отруја војници, немаме да се пие во да од касарната од да се мијат тие. Тие борци што загинаа тука што изумреа тука и командантот сестраму е стрела таму што ти знам - се отруја - што знам што направија. Сега незнам по која причина Пере Рупе овие години кога бев претседател ми рече дека во Охрид стигнал а некоја албанска мисија од Албанија да ги прибери коските на албанските борци што се бореа во Македонија, ако е така знаат другарите овдека, и ако тоа не му го објаснија да ние на Албанија, во албанските списи кажиме во Ресен се оболија албански борци и коските ево ги ви ги донесовме, тоа е срамота за нас сите, има живи луѓе којшто тоа мораме целото да се потврди ова овдека што беме во Ресен итн.

Јас оттука се расформираа команда места и јас заминувам за Битола.

Јовко Јовковски. Во 31 декември имаме Обласно партиско советување во во Битола каде што ми се чини беа присутни поширок скуп, тоа значи најмалку бироата на Околиските комитети на цела Битолска област! беа присутни на советувањето што се држеше во Кино-македонија и таму колку се сеќавам беше направен осврт на политичкатта состојба во дадената ситуација и на актуелните задачи на Партијаа во тој период со еден посебен, акцент на улогата и задачите на Народниот фронт на таа линија. Тие истражувања понатака укажувам еве и во документацијата тоа се јавува и второ, највероватно е тоа во првата половина на јануари во Скопје беше одржана Првата земаљска-земска партиска конференција. Беше во зграда која се викаше Француски клуб. Од Преспа бевме другарот Алексо и јас на тоа земаљско советување. Тука беше цел ЦК на Македонија, од горе на ЦК на Југославија беше Миха Маринко присутен, Така да исто со една иста слична содржинаод тие задачи понатака што ни стојат беше доста пажња посветено на таа актуелна ситуација околу и роварење на реакција-

та и надвор од тие пречки и кај нас тука се даде многу на таа конференција со значај за делување на реакцијата и на намата натамошна активност и парирање на сите тие активности на реаккацијата. Се сеќавам на тоа и Миха Маринко реагираме, дури претеравме во тоа рекација-реакција, и реакцијаа веќе и кај наст штом толку ја преценавме. Се потсеќам на тие моменти, али во таа смисла може да се види сигурно има документи од тоа земфко партиско советување,па во тој контекст може да се има во склопот на хронологијата.

Стоја Трендовска. Прво сакам да го прамам Јовко Јовковски истох и Кица па и Дорка. Кога се запознајвме ние и дали јас со ними, далли како себично не е гомно да го речам јас, затоа што сакам да го речам овдека се рече дека како во намиот крај да седела цела младина со скрстени раце. Ништо не се појави од страна на на Преспа која беме близу до границата селата Дубојно, Брајчино, само за една женска се кажа за една младинка, а другите дури и не се потенцираа дека имало жива младина и во тој крај да работела, да органирала, да работела за војската таму, да спрема ѓадење, да врмела откупи и други работи да не ги кажува.

Те затоа овие другари да кажат дали не познават никого од тој крај да бил предложен и работел како што му рекоа овие другари тука намите дека исто кога беме Конгресот од кај нас беа предложени и ги прифатија затоа што беме далечно место и патување не беме обезбедено, беме темка ситуацијата и затоа од кај нас не отидоа. А само Аслан од кај нас од Дупени замина, а другите сите кои требаме да заминеме останавме.

Понатака, во тој нам конгрес на младина имаме кои беа приступни во Пленумо, во Околискиот комитет рука на Младина кои тиа сами раководители не работеа да прибера податоци и други работи кои беа потребни тогаш за работење. Тоа не го чув. Јас сакам да Дорка кажи да и никоја младинка не познавала кои заедно во Околискиот комитет или младина работеле и Кицо и други и на Спироски сестраму две сестри беа тие, исто и Тодорка презимето не му го знам, сите ктие Кивча и Тодорка и за Трајанка Веселиновсска исто тука работеме во тој Комитет во таа младина. Тие другарки не се спомнаа, а исто и од кај намиот крај не се спомнаа ни една.

Понатака ние оформивме организација АФЖ, во кој одбравме одбори и по селата, да работат за војската, да ххххххх месе леб, да пери војска и на сите работи да вршат акции, откупи за војската кога требаме да се храни единиците кои се наоѓаа.

Понатака, оформивме во село Брајчино АФЖ во кој одбор беа Нумка Мачкова претседател, Велика Тимовска беше секретар на АФЖ?, членови беа Митра Иваноновска и други другарки кои работаа исто во АФЖ.

Во село Наколец ако има некој да ми кажи има некоја работеше Ѓула некоја работеше Нелкоска, Гена на Ефтима , можиш да ме надополниш ти Ристо, имаме и од малциснтвото жени на кои имињата му ги заборавив.

Во село Љубојно работеше Миња Јанкуловска, прво Денковски Спиројца Димкоа која замина за Војводина, после беше оваа Цуца од Паспанов ци - Паспалова Цурца, после беше Сандра Србиновска од Љубојно.

Во Дупени се сеќавам дека најповеќе беше заангажирана ставена да ги врши тние задачи од АФЖ Митра Стојановска од Дупени. Исто така Ѓурѓа беше беше и секрретар на СКОЈ, и оваа братје беше партизан се викаме Славе.

Ме интересира зошто не да речам дека јас бев и дека работав, и ние во целото сите заедно беше Стоја Чуралова каде заедно работавме, избрана исто така и таа беше и кога беше за Околиски комитет двете тука работавме и во Пленумот бевме и во НОМСОМ. Понатака кога беше Областен комитет, кога се избираше бевме и во обласниот комитет. Знам памтам дека ние пешки врвеме покрај езерото онаму по песокта затоа што Муса оној што го кажуваа беше со онаа чета што беше во Крани. Нека кажи другарот Геле од Брајчино дека дали ме испраќаше во 12 часот докрумите кога ќе звонеше телефонот да повтор назад се вратам за да дојдам да присуствувам на оние составноци оти бевме задолжени како позадинци. Понатака одевме по селата попосле Магббула и јаска учествувавме по малцинсктвата во селата како на одбулување на туркините иако е ова попосле.

Сите тие работаа во овие околни села, а за младина познати ми се како активисти Ристо што го спомнаа во Арвати и Крани кој беше во Љубојно.Во Љубојно беа и членови на СКОЈ овој Васил Памариковски како

прво Донка Алабаковска. Сотирка Кочанова, незнам за презимето, Јонче Видиновски од с.Љубојно, Спиро не е тука не го видов, Славе Клункоски сега покојни. Кај Славета Клунковски во оџакот во тоа време држевме една машина писаќа со која ние заедно се групиравме кога идевме во ресен со Славе, пиши Јосив Кондовски и некои д руги. И затоа сакам и тоа да се зем е и запиши дека тогаш активно се работеме, дека со маки се работеме, дека окапаа рацете на тие жените со организацијата и овие жени сите учествуваа тогаш што бевме, бидејќи да ги предводи другите жени да перат, да места, да ноsат дрва нарамо, по куќите што беше берено зајрето, од базата во која беше донесена, го растуруваа по селата и тоа ние цело го работевме и тоа преку нас. Скоевките како што подлвече другарот Ангеле не само тие работи ги бркаа, дури не поставуаа пред непријаелот да застаниме на некои места каде беше потребно да застаниме. Тоа не го слушнав само се зборуваме, нема против за оваа Преспа, а за кај нас како дабеме нашата младина стагнирана,

Јас вчера реков дека кој беа кривците и не нападнав нешто, али после во 1944 година масовно се организираа нашите борци и масовно влегоа во бригадите, покретите и каде што беа потребни дури имавме борци каде што се рече на Сремски фронт од нашите села. Едниот директно учествуваа, еднаот е Ристо Јанкловски од с.Брајчино, а други има некои оттаму кои се вратија.

Пецалевски. Сметам дека и овој собир даде гоме придонес да се приберат одредени материјали, да се исправат одредени работи за настаните којшто беа во текот на народноослободителната борба поготово сега за 1944 и 1945 година.

Останува, се обраќаме пак до вас, во колку во ова извесно време да речеме понатаму да не чекаме многу, во колку има некој и смета нешто да напиши, да достави имиња, презимиња, за организациите на одборите заради точност за овој период којшто е, можете да ги напишите и да ги доставите до Општинскиот одбор на Сојузот на борци за да бидат при рака за документацијата, затоа што стручните лца ќе почнат да работаат во идната година , постепено на средувањето на материјалот.

Ако ова не биде направено што побргу одредени работи можат да изостанат и неопфатени во во хронологијата.

Останува уште еднаш да ви заблагодариме за придонесот што го дадовте на овој собир и со тоа го заклучувам собирот .